Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 383, 2 март 2026 година

март 2026 година
Штип

## СОДРЖИНА


Р Е Ц Е Н З И Ј А НА РАКОПИСОТ „ОСНОВИ НА ФИТОФАРМАЦИЈА” ОД АВТОРИТЕ ВОНР. ПРОФ. Д-Р БИЛЈАНА КОВАЧЕВИЌ И ПРОФ. Д-Р САША МИТРЕВ, ЗЕМЈОДЕЛСКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП ........ 3

Р Е Ц Е Н З И Ј А НА РАКОПИСОТ СО НАСЛОВ „ГЛОБАЛНА ЕКОНОМИЈА” ОД АВТОРОТ ПРОФ. Д-Р ВЛАТКО ПАЧЕШКОСКИ, ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП ........ 12

Р Е Ц Е Н З И Ј А НА РАКОПИСОТ СО НАСЛОВ „ЕЛЕКТРОНСКИ БИЗНИС” ОД АВТОРОТ ВОНР. ПРОФ. Д-Р ЗЛАТКО БЕЖОВСКИ, ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП ........ 16

П Р Е Г Л Е Д НА НАСЛОВИ НА ТЕМИ ЗА ИЗРАБОТКА НА МАГИСТЕРСКИ И СПЕЦИЈАЛИСТИЧКИ ТРУДОВИ ОДОБРЕНИ ОД НАСТАВНО-НАУЧНИОТ СОВЕТ НА ЕДИНИЦАТА ........ 20

Р Е Ф Е Р А Т ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ПРИМЕНЕТА КИНЕЗИОЛОГИЈА (5.09.01.02) НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП ........ 21

Р Е Ф Е Р А Т ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ПРИМЕНЕТА КИНЕЗИОЛОГИЈА (5.09.01.02) НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП ........ 45

Р Е Ф Е Р А Т ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ НАСЛОВЕН ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ТУРСКИ ЈАЗИК (6.02.01.03) И ТУРСКА КНИЖЕВНОСТ (6.02.02.03) НА ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП ........ 61

Р Е Ф Е Р А Т ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ НАСЛОВЕН ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ МУЗИЧКИ УМЕТНОСТИ И НАУКИ (6.04.00.05) НА МУЗИЧКА АКАДЕМИЈА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ„ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП ........ 83

Р Е Ф Е Р А Т ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ КЛАСИЧНА АРХЕОЛОГИЈА И ТЕОРИЈА И ИСТОРИЈА НА АРХЕОЛОГИЈА НА ФАКУЛТЕТ ЗА ОБРАЗОВНИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП ........ 93

Р Е Ф Е Р А Т ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ НАСЛОВЕН ДОЦЕНТ ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ОРТОПЕДСКИ БОЛЕСТИ НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП ........ 118

РЕЦЕНЗИЈА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА СО НАСЛОВ „КОМПАРАТИВНА АНАЛИЗА НА ПРЕДВИДЕНОТО И ПОСТИГНАТОТО ПОМЕСТУВАЊЕ НА ЗАБИ СО ПРИМЕНА НА ФИКСНИ АПАРАТИ И АЛАЈНЕРИ“, ПРИЈАВЕНА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“-ШТИП ........ 125

Р Е Ц Е Н З И Ј А НА ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА СО НАСЛОВ „ВЛИЈАНИЕ НА ПОСТОПЕРАТИВНА АТРИЈАЛНА ФИБРИЛАЦИЈА ВРЗ КРАТКОРОЧНИ И ДОЛГОРОЧНИ КЛИНИЧКИ СОСТОЈБИ“, ПРИЈАВЕНА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП ........ 135

Р Е Ц Е Н З И Ј А НА ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА СО НАСЛОВ „РАЗВОЈ И ВАЛИДАЦИЈА НА МЕТОД БАЗИРАН НА ТЕЧНА ХРОМАТОГРАФИЈА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА МЕЛОКСИКАМ И НЕГОВИ СРОДНИ СУПСТАНЦИИ ПРИ ИСПИТУВАЊЕ НА СТАБИЛНОСТ ВО РАСТВОР ЗА ИНЈЕКТИРАЊЕ“, ПРИЈАВЕНА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП ........ 141

Р Е Ц Е Н З И Ј А НА ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА СО НАСЛОВ „АДХЕРЕНЦИЈА КОН ТЕРАПИЈАТА СО ЛЕКОВИ КАЈ ПАЦИЕНТИТЕ СО ХРОНИЧНИ БОЛЕСТИ – ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА, ИНТЕРВЕНЦИИ И БАРИЕРИ“, ПРИЈАВЕНА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП ........ 149

П Р Е Г Л Е Д НА ПРИФАТЕНИ ТЕМИ ЗА ИЗРАБОТКА НА ДОКТОРСКИ ТРУДОВИ ОД НАСТАВНО-НАУЧНИОТ СОВЕТ НА ДОКТОРСКИ СТУДИИ НА КАМПУС 3 ........ 158



Издавач: Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Дејан Мираковски

Уредници: проф. д-р Сашо Коцески, м-р Ристо Костуранов

Уредник на издавачка продукција: проф. д-р Лилјана Колева Гудева

Техничко уредување: м-р Влатко Јовановски дипл. инж.

Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска

Печати: Печатница „2- Август“ - Штип

ISSN: 1857- 8497

# Р Е Ц Е Н З И Ј А
# НА РАКОПИСОТ „ОСНОВИ НА ФИТОФАРМАЦИЈА" ОД АВТОРИТЕ ВОНР. ПРОФ. Д-Р БИЛЈАНА КОВАЧЕВИЌ И ПРОФ. Д-Р САША МИТРЕВ, ЗЕМЈОДЕЛСКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев" во Штип, како и Одлуката бр.1302-42/9 од 256. редовна седница на Наставно-научниот совет на Земјоделски факултет, одржана на ден 12.2.2026 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- д-р Емилија Арсов, редовен професор на Земјоделски факултет, Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, избрана во научната област фитопатологија (4.01.03.01), научно потполе фитомедицина (4.01.03);
- д-р Душан Спасов, редовен професор на Земјоделски факултет, Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, избран во научната област ентомологија (4.01.03.02), научно потполе фитомедицина (4.01.03)

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис „**ОСНОВИ НА ФИТОФАРМАЦИЈА**" од **авторите вонр. проф. д-р Билјана Ковачевиќ и проф. д-р Саша Митрев,** наменет за студентите од прв циклус студии на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

Ракописот со наслов „Основи на фитофармација" припаѓа во научната област фитофармација (пестициди) (4.01.03.05), научно потполе фитомедицина (4.01.03), според меѓународната Фраскатиева класификација.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Земјоделски факултет го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

**Општи податоци за ракописот:** Учебникот „Основи на фитофармација" од вонр. проф. д-р Билјана Ковачевиќ и проф. д-р Саша Митрев е наменет за студентите на прв циклус студии на студиската програма Фитомедицина - заштита на растенијата на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, за предметот Основи на фитофармација. Предметот Основи на фитофармација е задолжителен предмет во шести семестар (трета година), со 6 ЕКТС, 2+2+1, вкупен фонд од 180 часови на студиската програма Фитомедицина - заштита на растенијата на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип. Предложениот ракопис е во согласност и во целост ја опфаќа предвидената Наставна содржина за предметот Основи на фитофармација, согласно со предвидените часови за студиската програма на Земјоделски факултет при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип.

**Податоци за обемот на ракописот:** Учебникот „Основи на фитофармација" од авторите вонр. проф. д-р Билјана Ковачевиќ и проф. д-р Саша Митрев е напишан на македонски литературен јазик, компјутерски обработен текст, што овозможува лесно читање на презентираниот материјал. Ракописот е напишан на вкупно 211 страници, со 30 слики (фотографии и графикони) од кои 15 се оригинални фотографии на авторите, соодветно адаптирани од страна на авторите, 4 табели и 6 прилози во вид на табели. Учебникот е систематизиран во 13 поглавја, конципирани согласно со

наставната содржина на предметот Основи на фитофармација. Учебникот е пишуван согласно со Упатството за техничко уредување на учебници и учебни помагала во електронска форма (ОИДК. ОБ.15.), напишан во А4 формат, со употреба на фонт Arial и големина на буквите 11, со проред 1,0. Цитирањето на автори е подготвено според АПА стил. Техничкото уредување на учебникот е на значително ниво и овозможува прегледност на изложениот материјал во целост. Како Рецензентска комисија сметаме дека обемот на учебникот и неговата содржина ги задоволуваат критериумите согласно со предвидениот број на часови и одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Учебникот „Основи на фитофармација" претставува универзитетски прирачник во кој се опфатени основните карактеристики на средствата за заштита, нивната поделба, нивните физички и хемиски својства, начинот на дејствување и нивното однесување во растенијата и во природата. Исто така, посебно поглавје е посветено на нивната отровност и неопходноста од заштита при работа со пестициди. Во светската литература постојат и се објавени голем број на учебници и учебни помагала од областа на фитофармација, но во нашата држава ова претставува единствен учебник од оваа област објавен во последните неколку децении, исто и на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип ова претставува единствен учебник од оваа област. Доставениот универзитетски учебник со наслов „Основи на фитофармација" од авторите вонр. проф. д-р Билјана Ковачевиќ и проф. д-р Саша Митрев во целина претставува автентичен и оригинален ракопис. Содржината во учебникот е приспособена на претходните знаења кои ги имаат студентите од првиот циклус на студии, но истовремено може да биде корисен и за студентите од втор и трет циклус студии на студиската програма Фитомедицина на Земјоделски факултет. Исто така, учебникот може да биде корисен за сите кои се занимаваат со земјоделско производство и заштита на растенијата.

**Краток опис на содржината:** Ракописот „Основи на фитофармација" со предговор во кој се дефинирани главните цели и задачи на учебникот и со податоци за содржината и намената на ракописот. Во делот Содржина јасно се прецизирани 13 поглавја.

**Поглавје 1.** Во ова поглавје се дава вовед во фитофармацијата како наука за пестицидите кои се наменети за заштита на растенијата од штетници, болести, плевели и други штетни и патогени организми. Најнапред се нагласува поврзаноста на фитофармацијата со другите науки, како што се ботаниката, микробиологијата, хемијата, агрономијата и екологијата, бидејќи разбирањето на биолошките и хемиските процеси во растението и во животната средина е клучно за ефикасна и безбедна заштита. Потоа следи историскиот развој на пестицидите, при што се опишува нивната примена од антички времиња до современата ера. Се споменуваат природните средства кои се користеле за сузбивање на штетници, како растителни екстракти и минерални соединенија, а потоа и синтетичките хемиски соединенија кои ја зголемиле ефикасноста и опсегот на делување. Поглавјето го прикажува и напредокот во технологијата на производство и формулација, што довело до поефикасна и полесна примена на пестицидите во земјоделството. На крај, се разгледува значењето на фитофармацијата за човекот и општеството низ историјата. Се истакнува дека

развојот на пестицидите овозможил зголемување на приносите, стабилност на земјоделското производство, заштита на храната и намалување на економските загуби од штетници. Воедно, се нагласува потребата од одговорна и стручна примена за да се минимизираат негативните ефекти врз здравјето на луѓето и животната средина, што ја прави фитофармацијата значајна научна и практична дисциплина.

**Поглавје 2.** Во ова поглавје се обработува основниот поим за пестицид, како и позитивните и негативните аспекти од неговата употреба. Пестицидите се дефинираат како хемиски, биолошки или физички агенси наменети за контрола, сузбивање или елиминација на штетни организми, вклучувајќи инсекти, плевели, габи, нематоди и глодари, кои можат да предизвикаат загуби во земјоделството, шумарството или да бидат закана за јавното здравје. Во делот за недостатоци и негативни последици се нагласува дека примена на пестициди може да доведе до резистентност кај штетниците, токсичност за човекот и животните, загадување на почвата, водата и воздухот, како и оштетување на нецелни организми, вклучувајќи корисни инсекти и растенија. Посебно внимание се посветува на долгогодишните и хронични ефекти, кои се одразуваат врз екосистемите и биодиверзитетот. Од друга страна, поглавјето ги обработува и предностите од употребата на пестициди. Тие овозможуваат значително зголемување на приносите, заштита на културите од болести и штетници, намалување на економските загуби и обезбедување стабилност на производството на храна. Дополнително, правилната и стручна примена на пестицидите може да придонесе за заштита на квалитетот на земјоделските производи и намалување на ризикот од ширење на болести и зарази. Поглавјето дава балансиран преглед на пестицидите, истакнувајќи дека нивната примена бара внимателно управување за да се максимизираат придобивките, а да се минимизираат негативните последици врз здравјето и животната средина.

**Поглавје 3.** Во ова поглавје се разгледува однесувањето на пестицидите во растенијата, односно како активните супстанции навлегуваат, се движат, складираат и се разградуваат во растителните ткива. Во делот за усвојување и навлегување се објаснуваат различните патишта преку кои пестицидите влегуваат во растението, како што се преку листовите (стоми и епидермални клетки), корените или другите површини. Се разгледува влијанието на физичко-хемиските својства на пестицидот, како растворливоста, молекуларна големина и липофилноста, врз ефективноста на апсорпцијата на пестицидот. Понатаму се анализира движењето или транслокацијата на пестицидите во растенијата, кое може да биде системско (од листот кон коренот и обратно) или локално. Ова движење зависи од видот на пестицидот, видот на растението и физиолошките услови, како што се транспортот на вода и хранливи материи преку ксилемот и флоемот. Складирањето на пестицидите во растителните органи се однесува на нивното акумулирање во листовите, стеблата, корените или плодовите, што може да влијае врз подолготрајното дејство, но и на потенцијалното создавање остатоци. На крај, се разгледува детоксикацијата, процес преку кој растението ја разградува или неутрализира активната супстанција преку метаболички трансформации, со цел да го намали токсичниот ефект врз своите клетки. Овие процеси го одредуваат траењето, ефективноста и безбедноста на пестицидите во агроекосистемите.

**Поглавје 4**. Четвртото поглавје е насловено „Однесување на пестицидите во животната средина". Ова поглавје се состои од четири потпоглавја. Првото потпоглавје е посветено на движењето на пестицидите во животната средина. Опишано е што се случува со пестицидот откако ќе се аплицира, неговите физички и хемиски карактеристики од кои зависи дали пестицидот ќе продре до подземните води или ќе остане во почвата. Потоа се опишани неколку сценарија за тоа што може да се случи со пестицидот во почвата и на крај кои пестициди имаат способност да завршат во воздухот и што ќе се случи со нив. Во ова потпоглавје, исто така, е даден осврт на процесите на биомагнификација на пестицидите во живите организми. Второто потпоглавје е посветено на перзистентноста. Опишани се хемиските карактеристики и факторите од кои зависи дали еден пестицид ќе опстојува во околината подолго или пократко време. Третото потпоглавје е посветено на каренцата. Опишани се факторите од кои зависи дали каренцата ќе биде пократка или подолга и на крај четвртото потпоглавје е посветено на максимално дозволените концентрации од пестицидите во храната. Во ова потпоглавје е даден осврт на начинот на кој се определуваат максимално дозволените концентрации, од што зависи нивната вредност и кое е нивното значење.

**Поглавје 5.** Во ова поглавје се прикажуваат различни критериуми за класификација на пестицидите, со цел нивно појасно разбирање и правилна примена. Најпрво се обработува класификацијата на пестицидите според нивната биолошка активност, односно според видот на штетните организми врз кои делуваат. Најнапред се разгледуваат инсектицидите, средства наменети за контрола и уништување на инсекти, при што се објаснува нивната поделба според начинот на дејство и примената во земјоделството и јавното здравство. Потоа следуваат акарицидите, кои се користат против грини и крлежи, како и нематоцидите за сузбивање на штетните нематоди во почвата.

Дополнително, се обработуваат авицидите и корвицидите (за контрола на штетни птици), како и на родентицидите, наменети за уништување на глодари. Во рамките на родентицидите детално се објаснува механизмот на дејство на антикоагулантните соединенија, кои предизвикуваат нарушување на коагулацијата на крвта и доведуваат до угинување на животните по одреден временски период. Поглавјето ги опфаќа и лимацидите за контрола на полжави, како и фунгицидите, кои се применуваат за спречување и лекување на габни болести кај растенијата.

Посебно внимание е посветено на хербицидите како средства за контрола на плевелите, со осврт на нивната селективност и начинот на апсорпција и транспорт во растението. На крај, се разгледуваат дефолијантите, десикантите и инхибиторите на пораст, кои се користат за регулирање на физиолошките процеси кај растенијата. Поглавјето дава систематски преглед на различните групи пестициди и нивната практична примена.

Потоа се разгледува поделбата според начинот на дејство, при што пестицидите се групираат како контактни и системични, во зависност од начинот на навлегување и делување врз растението. Оваа класификација е особено значајна за изборот на соодветна стратегија за заштита на растенијата.

Понатаму, се обработува класификацијата според нивната намена и на крај следи поделбата според потеклото, каде што пестицидите се разграничуваат на синтетички хемиски пестициди и биолошки пестициди (биопестициди).

Синтетичките се добиени преку хемиска синтеза и често имаат силно и брзо дејство, додека биопестицидите потекнуваат од природни извори, како микроорганизми, растителни екстракти или природни супстанции, и се сметаат за еколошки поприфатливи.

Особено внимание се посветува на класификацијата според отровноста кон човекот, при што пестицидите се категоризираат врз основа на нивната акутна и хронична токсичност. Во продолжение се разгледува и нивната генотоксичност, односно способноста да предизвикаат оштетувања на генетскиот материјал. На крај, се обработува поимот ендокрини дисруптори – супстанции што можат да го нарушат хормоналниот систем кај луѓето и животните, што претставува значаен аспект во проценката на ризикот и безбедноста на пестицидите.

**Поглавје 6.** Во ова поглавје се разгледуваат физичко-хемиските својства на пестицидите, кои имаат клучно значење за нивната формулација, стабилност, примена и ефикасност. Анализата започнува со волуменската тежина, специфичната тежина и густината, параметри што овозможуваат определување на масата во однос на волуменот и се важни при складирање, транспорт и дозирање на препаратите.

Понатаму се обработува гранулометрискиот состав, кој ја опишува распределбата на честичките според нивната големина и директно влијае врз распрскувањето, растворањето и рамномерноста на апликацијата. Сипкавоста се анализира како својство што ја определува способноста на прашкастите и гранулираните формулации лесно да течат и да се ракуваат без создавање грутки. Содржината на вода (влага) и хигроскопноста се важни фактори за стабилноста на производот, бидејќи прекумерната влага може да доведе до разградба или намалена ефикасност. Поглавјето понатаму ја објаснува сорпцијата – процес на врзување на пестицидите за површините на почвата или растенијата, што влијае врз нивната подвижност и биолошка активност. Посебно внимание се посветува на pH-вредноста, како и на киселоста и базноста, бидејќи тие можат да влијаат врз хемиската стабилност и разградбата на активните материи. На крај, се разгледуваат својствата поврзани со интеракцијата со површините и течностите – приемливост (моќ на прилепување), моќ на задржување, наквасување и површински напон. Овие параметри се особено важни за ефективно покривање на растителните површини и постигнување оптимален ефект.

**Поглавје 7.** Ова поглавје ја обработува формулацијата на пестицидите, односно процесот на комбинирање на активната материја со различни помошни компоненти со цел да се добие стабилен, ефикасен и безбеден производ за примена. Најнапред се разгледуваат пестицидните компоненти, односно активните супстанции што го носат биолошкото дејство против целниот организам. Се објаснува нивната улога, концентрација и значење во финалниот производ. Потоа се анализираат непестицидните компоненти, кои имаат клучна технолошка и функционална улога во формулацијата. Во рамките на адитивите за формулација се опфатени разредувачите и носачите, кои служат за распределување на активната материја; растворувачите, што овозможуваат нејзино растворање; емулгаторите и навлажнувачите, кои придонесуваат за подобро мешање со вода и подобро покривање на површините. Атхезивите и заштитните колоиди ја зголемуваат стабилноста

и прилепувањето, додека активаторите, антиоксидантите и деактиваторите влијаат врз биолошката активност и трајноста на препаратот. Поглавјето понатаму ги разгледува адитивите што се додаваат директно во растворот пред апликација. Тука спаѓаат активаторите, сурфактантите (површински активни материи), маслата и азотните ѓубрива, кои можат да ја зголемат ефикасноста на третманот. Опфатени се и адитивите за специјална намена, како средства за компатибилност, пуфери за регулирање на pH, средства за таложење и прилепување, средства за спречување на дрифт, маркери со пена, средства за чистење на резервоари и стабилизатори на суспензии. Поглавјето дава целосен увид во технолошките аспекти на создавање квалитетна пестицидна формулација.

**Поглавје 8.** Во ова поглавје се разгледуваат облиците на производство на пестицидите, односно различните формулациски форми во кои тие се пласираат и применуваат. Се објаснува значењето на изборот на соодветна формулација, која влијае врз ефикасноста, стабилноста, безбедноста и начинот на апликација на препаратот. Најнапред се обработуваат ознаките за формулација на пестициди, кои претставуваат стандардизирани кратенки што го означуваат типот на производот (на пример, дали станува збор за раствор, суспензија или прашкаста форма). Овие ознаки се важни за правилна идентификација, подготовка и примена на средството. Понатаму се разгледуваат течните облици на формулации. Во оваа група спаѓаат растворите, каде активната материја е целосно растворена во соодветен растворувач; суспензиите, кои содржат ситни цврсти честички дисперзирани во течност; емулзиите, што претставуваат системи од две немешливи течности (најчесто масло и вода) стабилизирани со емулгатори; како и дисперзиите, кај кои честичките се рамномерно распределени во медиумот. Секоја од овие форми има специфични предности во однос на стабилноста, леснотијата на мешање и покривањето на третираниот простор. Во продолжение се обработуваат цврстите облици на формулации, како прашоци, гранули и други цврсти препарати, кои се карактеризираат со поголема стабилност при складирање и полесен транспорт. Поглавјето дава систематски преглед на производствените форми и нивната практична примена во заштитата на растенијата.

**Поглавје 9.** Во ова поглавје се разработуваат начините на апликација на пестицидите, кои претставуваат клучен фактор за нивната ефикасност, економичност и безбедност при употреба. Се нагласува дека правилниот избор на метод на примена зависи од видот на препаратот, целниот организам, културата и условите на средината.

Најнапред се опишува запрашувањето, техника при која пестицидот во форма на прашок се нанесува директно врз растенијата или површината. Потоа следува фумигацијата – метод што подразбира примена на гасовити или испарливи средства во затворени простори или во почва, со цел уништување на штетници, инсекти или патогени. Растурањето на гранули се применува кај гранулирани формулации, кои се нанесуваат директно на почвата и обезбедуваат постепено ослободување на активната материја. Прскањето е една од најчесто користените техники, при што течниот препарат се распрскува во форма на капки со помош на специјализирана опрема. Оросувањето и замаглувањето овозможуваат создавање ситни капки или аеросол, што придонесува за подобро покривање на површините и продор во густ

вегетативен склоп. Во рамките на поглавјето се обработува и дезинфекцијата на почвата, насочена кон уништување на почвени патогени и штетници пред сеидба или садење, како и дезинфекцијата на семе, која има за цел заштита од болести во почетните фази на развој. Поглавјето дава систематски преглед на современите методи на примена и нивното значење за успешна заштита на растенијата.

**Поглавје 10.** Ова поглавје е посветено на резистентност, односно способноста на штетните организми да преживуваат и да се размножуваат и покрај примената на пестициди кои претходно биле ефикасни против нив. Се објаснува дека резистентноста претставува резултат на генетски промени во популацијата, кои се јавуваат како последица на долготрајна и честа употреба на ист или сличен механизам на дејство.

Поглавјето ги разгледува основните механизми на развој на резистентност, како што се намалена чувствителност на таргетното место на дејство, зголемена детоксикација на активната материја во организмот, намалена пенетрација на пестицидот и промени во однесувањето на штетниците. Се истакнува дека резистентност може да се развие кај инсекти, габи, плевели, па дури и кај глодари, што претставува сериозен предизвик во земјоделството и јавното здравство.

Дополнително, се разгледуваат факторите што го забрзуваат процесот на појава на резистентност, како што се монотоната употреба на ист препарат, недоволно ротирање на активни материи и неправилно дозирање. Посебен акцент се става на стратегиите за управување со резистентноста, вклучувајќи ротација на пестициди со различен механизам на дејство, комбинирана примена, интегрирана заштита на растенијата и следење на чувствителноста на популациите. Поглавјето ја нагласува потребата од одржлив пристап во примената на пестициди со цел да се зачува нивната ефикасност и да се намалат негативните последици врз животната средина и производството.

**Поглавје 11.** Во ова поглавје се разработува поимот фитотоксичност, односно штетното дејство на пестицидите врз културните растенија. Се објаснува дека иако пестицидите се наменети за заштита од штетници, болести и плевели, при несоодветна примена тие можат да предизвикаат оштетувања кај растенијата. Овие оштетувања може да се манифестираат како пожолтување (хлороза), некрози, изгореници на листовите, деформации, забавен пораст или намален принос.

Поглавјето ги анализира факторите што влијаат врз појавата на фитотоксичност, како што се видот и сортата на растението, фазата на развој, дозата и концентрацијата на препаратот, временските услови (температура, влажност, сончево зрачење), како и мешањето на повеќе препарати. Посебно се истакнува значењето на правилната формулација и pH-вредноста на растворот, кои можат да влијаат врз стабилноста и дејството на активната материја. Се разгледуваат и механизмите преку кои доаѓа до оштетување, како нарушување на фотосинтезата, дишењето, клеточната делба или водниот режим на растението. Дополнително, се посочуваат мерки за спречување на фитотоксичноста, како избор на соодветен препарат, почитување на препорачаните дози, тестирање на мешавини и примена во соодветни агрометеоролошки услови. Поглавјето ја нагласува важноста од внимателна и стручна примена на пестицидите со цел да се обезбеди ефикасна заштита без негативни последици врз културните растенија и приносот.

**Поглавје 12.** Во ова поглавје се разгледува отровноста на пестицидите кон човекот и мерките што треба да се преземат за безбедна работа со нив. Најнапред се дефинираат поимите отров и отровност, при што се објаснува дека отровноста претставува способност на одредена супстанција да предизвика штетни ефекти врз организмот, зависно од дозата, начинот и времетраењето на изложеноста. Се прави разлика помеѓу акутна и хронична интоксикација, како и помеѓу локално и системско дејство. Понатаму се обработуваат патиштата на навлегување на пестицидите во човечкиот организам. Најчести се апсорпцијата преку кожата (дермален пат), инхалацијата преку респираторниот систем и внесувањето преку устата (орално). Се истакнува дека ризикот од труење зависи од физичко-хемиските својства на препаратот, неговата формулација, времетраењето на контактот и степенот на заштита на лицето што ракува со него. Во делот за мерки за заштита се нагласува важноста од користење на лична заштитна опрема, како ракавици, маски, заштитна облека и очила, како и правилна подготовка и примена на растворот. Се посочува потребата од почитување на упатствата на производителот, правилно складирање, обележување и отстранување на амбалажата. Дополнително, се разгледуваат основни принципи на прва помош при сомневање за труење. Поглавјето ја потенцира одговорноста на корисниците и значењето на едукацијата за намалување на ризикот по здравјето на луѓето и обезбедување безбедна употреба на пестицидите.

**Поглавје 13.** Во ова поглавје се обработуваат законските регулативи што го уредуваат производството, прометот, употребата и контролата на пестицидите. Се истакнува дека примената на пестицидите е строго регулирана со цел да се заштитат здравјето на луѓето, животната средина и безбедноста на храната. Законската рамка опфаќа процедури за регистрација и одобрување на активни материи и готови препарати, како и нивна проценка во однос на ефикасноста, токсичноста и еколошкото влијание. Поглавјето ги разгледува условите што мора да ги исполнуваат производителите и дистрибутерите, вклучувајќи правилно декларирање, означување и пакување на производите. Посебно внимание се посветува на системот на етикетирање, каде што се наведуваат упатства за употреба, мерки на претпазливост, класификација според опасност и препорачана доза. Се нагласува важноста од почитување на максимално дозволените нивоа на остатоци (MRL) во храната и контролата на нивната присутност преку инспекциски надзор. Дополнително, се обработуваат обврските на корисниците, како што се поседување соодветна обука и сертификати за ракување со пестициди, водење евиденција за третирањата и правилно управување со отпадот и амбалажата. Поглавјето укажува и на улогата на националните институции и меѓународните стандарди во хармонизацијата на регулативите. Во ова поглавје се нагласува дека законската регулатива претставува основа за одговорна и контролирана употреба на пестицидите, со цел одржливо земјоделско производство и заштита на јавното здравје.

## ЗАКЛУЧОК

Врз основа на понудената содржина и оценка за квалитетот и соодветноста на разработените теми релевантни на областа, Рецензентската комисија оценува дека поднесениот ракопис за учебникот „Основи на

фитофармација” од вонр. проф. д-р Билјана Ковачевиќ и проф. д-р Саша Митрев одговара на критериумите за квалитет и приспособеност на наставните програми и претставува јасен и разбирлив ракопис наменет првенствено за студентите на прв циклус студии на Земјоделски факултет на студиската програма Фитомедицина – заштита на растенијата, но може да го користат и студентите на втор и трет циклус студии на Земјоделски факултет. Учебникот може да го користат и сите научни, стручни и професионални субјекти од областа на заштита на растенијата, фитофармација и земјоделско производство, воопшто.

Авторите на учебникот, прегледно и доследно ги изложиле најзначајните концепти во областа на фитофармацијата.

Воедно, ракописот во целост е подготвен согласно со правилата и критериумите за објавување на платформата е-библиотека на Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип.

Врз основа на изнесеното, Рецензентската комисија има особена чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Земјоделски факултет учебникот со наслов „Основи на фитофармација” од вонр. проф. д-р Билјана Ковачевиќ и проф. д-р Саша Митрев да го одобри за издавање и користење на учебникот.

**РЕЦЕНЗЕНТИ**
Д-р Емилија Арсов, редовен професор, с.р.
Д-р Душан Спасов, редовен професор, с.р.

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**
**НА РАКОПИСОТ СО НАСЛОВ „ГЛОБАЛНА ЕКОНОМИЈА" ОД АВТОРОТ ПРОФ. Д-Р ВЛАТКО ПАЧЕШКОСКИ, ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев" – Штип и Одлуката бр. 1202-34/14 од 10.2.2026 година, донесена на 276. редовна седница на Наставно-научниот совет на Економски факултет, одржана на 9.2.2026 год., избрана е Рецензентска комисија во состав:

- проф. д-р Весна Георгиева-Свртинов, редовен професор на Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип (област меѓународна економија);
- проф. д-р Емилија Митева-Кацарски, редовен професор на Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип (област меѓународна економија)

Рецензентската комисија е формирана заради изготвување на извештај - рецензија за приложениот ракопис (учебник) со наслов *„Глобална економија"* од авторот проф. д-р Влатко Пачешкоски, наменет за студентите на прв и втор циклус студии на Економски факултет, како и останати единици на Универзитет „Гоце Делчев" – Штип.

Ракописот со наслов „Глобална економија" припаѓа во научната област меѓународна економија, според меѓународната Фраскатиева класификација.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Економски факултет го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Општи податоци за ракописот:** Учебникот „Глобална економија" од авторот проф. д-р Влатко Пачешкоски претставува заокружена целина на тематските подрачја кои се инкорпорирани во наставната дисциплина глобална економија. Во услови на се поголема економска меѓузависност, кога повеќе од кога било се чувствува процесот на глобализација во светската економија и кај нас, повеќе од неопходно е изучувањето на предметната дисциплина Глобална економија.

Учебникот е наменет за изучување на предметот Глобална економија од страна на студентите на следниве насоки од прв циклус студии: Бизнис економија, Маркетинг менаџмент, Сметководство, финансии и ревизија (седми семестар, со неделен фонд на часови 2+2+2).

**Податоци за обемот на ракописот:** Учебникот е пишуван во А4 формат, со проред 1, со употреба на фонт Arial и големина на буквите 11, а маргините на страниците се 2,54 cm: top; left; bottom; right, а цитирањето е во АПА стил. Содржи 279 страници текст, како и бројни илустрации, табели и примери од пракса. Користената литература е обемна со преку 200 референци и изобилува со базични трудови, како и трудови со понов датум на издавање што одговара за учебник од оваа област. Како Рецензентска комисија сметаме дека обемот на делото и неговата содржина ги задоволуваат критериумите согласно со предвидениот број на часови и одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев" – Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Трудот е оригинален, креиран врз основа на потребата од создавање на учебно помагало, кое од теоретски и од практичен аспект ќе им овозможи на студентите стекнување на знаење за глобалната економија, со кои секојдневно се соочуваме.

Глобализацијата станува сè поактуелен концепт, кој значи менаџирање со меѓународните трговски и финансиски текови. Оваа дисциплина особено доби значење кога земјите започнаа да ги отстрануваат пречките за движење на добра, услуги, луѓе и капитал. Поради тоа, изучувањето на оваа дисциплина секојдневно станува повеќе од потребна.

Сметаме дека учебникот се одликува со голема теоретска и практична значајност, како за студентите, така и за сите останати субјекти кои имаат интерес во оваа проблематика, т.е. кои се веќе вработени, но секојдневно повеќе или помалку се изложени на бројни предизвици кои ги носи економската глобализација и оттука треба да ги разбираат меѓународните трговски и финансиски текови.

**Краток опис на содржината:** Содржински, трудот е конципиран во 7 поглавја, за кои следи кратка презентација на нивните цели и структура.

***Првата глава*** е посветена на глобализацијата како процес во светската економија, а посебен акцент е ставен на генезата на процесот на глобализација. Имено, глобалната економија како научна дисциплина не би постоеле без процесот на глобализација. Во рамките на оваа глава се изучуваат теоретските пристапи за процесот на глобализација. Исто така, во овој сегмент е направена анализа на факторите и димензиите на процесот на глобализација во светската економија.

***Втората глава*** од учебникот е посветена на анализа на надворешното опкружување и услови за имплементирање на меѓународен бизнис. Всушност, тука е имплементирана анализа на: економското, политичко-правното социокултурното и технолошкото опкружување.

***Третата глава*** претставува логичко продолжување на втората, бидејќи носители на меѓународниот бизнис и негови двигатели во суштина се транснационалните корпорации. Најпрво се истакнува нивното огромно влијание во глобалната економија. Потоа се анализираат стратегиите со кои овие компании можат да настапат на странските пазари. Покрај тоа, преку практични примери се разгледува ризикот со кои можат овие компании да се соочат, ризик кој не е својствен за локалните компании, како: промени во девизните курсеви, непредвидливост на стапката на инфлација во странската земја, можноста за двојно оданочување на добивката, ризик од блокирање на трансферот на заработката во домашната земја, користење на странски судски институции и бројни други политички и економски ризици кои можат да се случат, но и начините како мултинационалните корпорации можат да се заштитат и да ги намалат овие ризици.

***Четвртата глава*** го објаснува значењето, меѓународните производни и финансиски активности ја определуваат и одразуваат основната стратегија на интернационализацијата на вкупното работење на една компанија. Меѓународната производна стратегија се однесува на мошне широко подрачје на деловни активности според кои се препознава едно транснационална компанија. Како што и претходно истакнавме подрачјето на меѓународното производно одлучување е многу посложено и пошироко отколку што тоа е случај

со производното одлучување во размери на домашниот пазар. Ќе ги наведеме само најзначајните и најчестите деловни одлуки кои можат да ја определат меѓународната производна стратегија: локација и големина на производните пунктови и ентитети во меѓународни размери; пазарно приспособување на производната технологија и производниот процес; организација и контрола на производниот процес во меѓународни размери; усогласување на односите на одделни филијали на интернационализираното производство; политика на трансфер на технологијата и лиценцните аранжмани; координација на истражувачко развојните активности во меѓународни размери.

Следниот дел од оваа глава е посветен на меѓународните финансиски текови. Имено, тука е направена анализа на девизните курсеви. На крајот од оваа глава се анализираат факторите кои можат да влијаат на промена на девизните курсеви, што пак е од значење за сите оние кои имаат меѓународни трансакции или отворена позиција во странска валута за да можат да направат приближна прогноза за нивното движење во иднина. Исто така, тука се презентирани методите и механизмите за заштита од промената на девизните курсеви. Односно, можните начини кои сите оние кои имаат девизна изложеност можат да ги користат за да се заштитат од флуктуациите на девизните курсеви, кои можат да влијаат на намалување на приходот или на зголемување на трошоците на меѓународната трансакција. Притоа се анализираат различните видови изложеност на девизен ризик: трансакциска, економска и сметководствена, како и стратегиите за намалување на ризикот од ваквите изложености.

***Петтата глава*** се однесува на меѓународната трговија, која секако е потребна за да се сфатат во целост меѓународните финансии. Притоа се анализира нејзиното значење за светската економија во целина, се разгледуваат теориите на меѓународната трговија, факторите кои влијаат на меѓународните трговски текови, институционализацијата на меѓународната трговија и условите на размена.

***Шеста глава*** е посветена на политичко економската димензија на процесот на глобализација. Имено, тука е направен осврт на основните карактеристики на меѓународните односи. Во овој дел е дадена јасна слика за институционалната рамка преку која се менаџираат меѓународни политички односи. Формирањето на супранационалните институции за управување и регулирање на меѓународната политика прагматично е прикажано преку создавањето на Организацијата на Обединетите нации, што е израсната врз искуствата на Друштвото на народите. Денес ОН е најблиску до светската управа, но не е до светска влада. Уште понова и позначајна е нејзината улога во меѓународните безбедносни релации, особено по завршувањето на „студената војна" и започнатата глобализација, пред се како замена за биполарната поделеност на светот.

Во последната, ***седма глава***, имајќи ги предвид геополитичките настани и политекономските карактеристики на постојниот светски поредок, акцентот се става на потребата од негова трансформација и реформа. Трансформација на постојниот економски поредок преку менување на неговата финансиска и трговска архитектура. Длабоки промени во постоечките меѓународни финансиски институции (ММФ и Светска банка), исто така и во Светската трговска организација, како фундаментален регулатор на меѓународната

трговија. Дизајнирање на нови регионални и субрегионални институции.

Преку презентираниот начин на обработка на одделните глави од учебникот, сметаме дека е постигната главната цел на авторот – да им помогне на студентите и на сите коишто се инволвирани во меѓународниот бизнис, да утврдат како меѓународните настани може да влијаат на нивниот бизнис, како и кои чекори треба да бидат преземени со цел да се искористат позитивните ефекти од овие настани, а во исто време како бизнисот да се заштити од оние настани кои се случуваат на меѓународно ниво, но кои можат да имаат негативни ефекти врз работењето на стопанските субјекти. Во денешно време, со се помали бариери за меѓународна трговија и финансиски текови, како и поради современата технолошка експанзија, сите текови пред се економските стануваат глобални. Оттука, во светот во кој денес живееме неопходно е за сите, особено за студентите кои изучуваат економија да ги разберат глобалните економски настани и процеси.

Согласно со горенаведените констатации, а врз основа на детално анализирање на содржината на ракописот, го даваме следниот

**ЗАКЛУЧОК**

Учебникот „Глобална економија" од авторот проф. д-р Влатко Пачешкоски претставува сеопфатна целина. Авторот презентира успешна комбинација на теоретскиот и практичниот аспект на проблематиката, со цел предметната материја да се доближи до студентите и да им се помогне да научат како оваа комплексна проблематика да ја применат во практичната работа. Се надеваме дека студентите ќе стекнат соодветни знаења, кои понатаму ќе можат да ги применат како во изучувањето на останатите предметни дисциплини, така и во нивната понатамошна професионална работа.

Новиот економски поредок предизвикан од процесот на геополитичките случувања и нерамномерната распределба на економската моќ неминовно бара изучување и разбирање на научната дисциплина – глобална економија. Оваа дисциплина ќе им помогне пред се на студентите кои во иднина би се вработиле во транснационална компанија, но и на оние студенти кои ќе работат во локална компанија, бидејќи ниту локалните компании повеќе не се изолирани од процесот на економска глобализација. Исто така, учебникот е од корист и за пошироката стручна јавност за полесно совладување на предизвиците кои ги носи новиот светски економски поредок. Од оваа причина, препорачуваме да биде објавен.

**Врз основа на изнесеното, имаме особена чест на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип да му предложиме учебникот со наслов „Глобална економија" од авторот проф. д-р Влатко Пачешкоски да го одобри за издавање.**

**РЕЦЕНЗЕНТИ**
Проф. д-р Весна Георгиева-Свртинов, с.р.
Проф. д-р Емилија Митева-Кацарски, с.р.

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**
**НА РАКОПИСОТ СО НАСЛОВ „ЕЛЕКТРОНСКИ БИЗНИС” ОД АВТОРОТ ВОНР. ПРОФ. Д-Р ЗЛАТКО БЕЖОВСКИ, ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП**

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлуката бр.1202-34/11 од 276. редовна седница на Наставно-научниот совет на Економски факултет, одржана на 9.2.2026 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- проф. д-р Сашо Јосимовски, Економски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (област дигитален бизнис),
- проф. д-р Лидија Пулевска-Ивановска, Економски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (област дигитален бизнис)

за изготвување на извештај, рецензија на приложениот ракопис „**ЕЛЕКТРОНСКИ БИЗНИС**” од **авторот вонреден проф. д-р Златко Бежовски,** наменет за студентите на прв циклус студии на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

Ракописот со наслов „Електронски бизнис” припаѓа во научната област дигитален бизнис (5.02.00.04) според меѓународната Фраскатиева класификација.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Економски факултет го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Општи податоци за ракописот:** Универзитетскиот учебник „Електронски бизнис“ од авторот проф. д-р Златко Бежовски е наменет како основна литература за предметот Е-бизнис, кој се изучува на сите насоки на Економски факултет во Штип. Предметот Е-бизнис е задолжителен на насоките: Менаџмент и маркетинг (3 семестар, часови во формат 3+2+2 и 8 кредити), Финансии (3 семестар, 2+2+1, 6 кредити) и Бизнис економија (5 семестар, 3+2+2, 8 кредити), додека изборен е на насоката Сметководство и ревизија (5 семестар, 2+1+1, 4 кредити).

Рецензентската комисија оценува дека ракописот е во согласност со наставната програма и ја опфаќа наставната материја за студиската програма за којашто е наменет, односно да послужи како учебник, односно како основна литература по предметот Е-бизнис. Имајќи ја предвид сеопфатноста на учебникот, истиот може да се користи и како дополнителна литература и на постдипломски студии.

**Податоци за обемот на ракописот:** Учебникот е пишуван во А4 формат, со проред 1, со употреба на фонт Arial и големина на буквите 11, а маргините на страниците се 2,54 cm: top; left; bottom; right, а цитирањето е во АПА стил. Содржи 398 страници текст (без референтната листа), како и бројни илустрации, табели и примери од пракса. Секоја глава започнува со „Цели на учењето“, а завршува со „Резиме“. Користената литература е обемна со преку 500 референци, и изобилува со базични трудови, како и трудови со понов датум на издавање што одговара за учебник од оваа област. Како Рецензентски

комисија сметаме дека обемот на делото и неговата содржина ги задоволуваат критериумите согласно со предвидениот број на часови и одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Во рамки на е-библиотека на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип се објавени два труда со сличен назив на истата тема. Првиот е учебник „Е-бизнис“ од проф. д-р Ристе Темјановски, издаден во 2017 година, додека вториот е учебно помагало „Е-бизнис – скрипта“ од проф. д-р Златко Бежовски, издадена во 2020 година.

Потребата за издавање на нов учебник со наслов „Електронски бизнис“ произлегува од неколку фактори. Прво, доставениот ракопис е целосно заокружен концепт за оваа проблематика која во последните децении континуирано еволуираше за да ја достигне денешната форма и обем претставени во ова дело. Второ, дигиталниот, односно електронскиот бизнис е една од дисциплините со најбрзи промени и потребно е обновување на материјата на секои 3 до 5 години за да остане релевантна и актуелна. И трето: книгата е збогатена со бројни и современи примери од пракса кои на одличен начин ја надополнуваат теоријата и го олеснуваат разбирањето и учењето на овој предмет.

**Краток опис на содржината:** Учебникот под наслов „Електронски бизнис“, чиј автор е Златко Бежовски, претставува сеопфатен водич низ современиот дигитален економски пејзаж. Ова дело детално ги истражува сите клучни аспекти на модерното работење, почнувајќи од теоретските основи на дигиталното општество, па сѐ до практичните чекори за лансирање и управување со успешен е-бизнис. Преку систематски пристап кој ги опфаќа е-бизнис моделите, дигиталниот маркетинг и комплексните back-end системи како ERP и CRM, учебникот нуди вредни знаења за студентите и професионалците кои се стремат кон успех во висококонкурентната дигитална ера.

1. **Вовед во електронскиот бизнис.** Ова поглавје дава широк преглед на дигиталната револуција, дефинирајќи ги основите на дигиталното општество и економијата. Авторот прави јасна дистинкција и дефинирање на електронскиот бизнис, анализирајќи ги придобивките, но и ограничувањата со кои се соочуваат организациите. Посебен акцент е ставен на критичните прашања за довербата, заштитата на приватноста и правната регулатива кои се неопходни за безбедно функционирање. Поглавјето завршува со мапирање на клучните учесници и сектори кои го сочинуваат современиот дигитален екосистем.
2. **Е-бизнис модели (еволуција, елементи и типови).** Тука се истражува трансформацијата на начинот на кој компаниите создаваат вредност, следејќи ја еволуцијата од традиционални кон дигитални бизнис модели. Детално се разглобени структурните елементи на еден модел, вклучувајќи ја вредносната понуда, инфраструктурата и стратегиите за монетизација и остварување приходи. Направена е класификација на различните типови модели, како што се оние базирани на производи (е-трговија), содржини или услуги, како и хибридните пристапи. Целта е да се разберат различните нивоа на дигитализација и како технологијата овозможува нови пазарни прилики.

**3. Започнување на електронски бизнис.** Ова поглавје претставува практичен водич за претприемачкиот процес, започнувајќи од откривање на можности и генерирање на иновативни бизнис идеи. Се обработуваат методите за развој и валидација на концептот, со посебен фокус на користење на алатката „Бизнис модел канвас“. Авторот ги опишува чекорите за мобилизација на потребните ресурси, формирање тим и обезбедување финансии преку стартап екосистемот. Конечно, дадени се насоки за фазата на лансирање, од регистрација и правни аспекти до иницијалното излегување на пазарот.

**4. Градење на онлајн присуство.** Фокусот во ова поглавје е ставен на техничката и стратешката изградба на дигиталниот идентитет на компанијата. Се објаснува процесот на концептуализација, изработка и управување со сопствен веб-сајт како централна точка на бизнисот. Покрај веб-сајтот се анализираат и можностите за присуство преку други канали, како што се учеството на е-пазари и развојот на мобилни апликации. Поглавјето дава насоки за креирање на кохерентен и ефективен настап кој овозможува интеракција со корисниците во секое време.

**5. Дигитален маркетинг**. Ова поглавје ги обработува стратегиите и алатките потребни за привлекување и задржување на корисници во дигиталниот простор. Се објаснуваат клучните дисциплини како оптимизација за пребарувачи (SEO), маркетинг на социјални мрежи, е-меил маркетинг и креирање на квалитетна содржина. Авторот ја нагласува важноста на аналитиката и користењето на податоци за прецизно таргетирање и персонализација на понудата кон потрошувачите. Целта е да се објасни како да се конвертираат посетителите во купувачи и како да се мери повратот на инвестициите (ROI) од маркетинг кампањите.

**6. Управување со операциите во е-бизнисот.** Последното поглавје навлегува во оперативната заднина на бизнисот, истакнувајќи ја улогата на информациските системи (ERP, CRM, BI) како ‘рбет на организацијата. Се покриваат процесите на управување со човечкиот капитал во дигитален контекст, како и управувањето со релациите со клиентите за долгорочен успех. Детално се опишани логистичките аспекти на исполнување на нарачките, од прием и складирање до испорака и наплата. Поглавјето завршува со примената на бизнис интелигенција за следење на перформансите и донесување одлуки базирани на податоци.

Покрај темелната теоретска анализа, учебникот се одликува со исклучителна визуелна компонента која вклучува прецизно дизајнирани илустрации и табели, наменети да ја поедностават и визуелно да ја дообјаснат комплексната материја на електронското работење. Оваа визуелна рамка е надополнета со бројни реални примери од деловното опкружување, вклучувајќи и успешни македонски е-бизнис потфати, што овозможува директна примена на наученото во локален и глобален контекст. Ваквата синтеза на теоретско-практична конструкција го прави делото не само академски издржано, туку и практичен прирачник кој нуди опиплива вредност за современиот дигитален претприемач. На тој начин, авторот успешно го премостува јазот помеѓу апстрактните концепти и реалните пазарни операции, правејќи го материјалот лесно разбирлив и применлив.

**ЗАКЛУЧОК**

Универзитетскиот учебник **„ЕЛЕКТРОНСКИ БИЗНИС“** од авторот проф. д-р Златко Бежовски претставува сеопфатна и заокружена научна материја која на современ начин го обработува дигиталниот деловен екосистем. Делото нуди суштинска синтеза на теоретските согледувања за дигиталната економија и општество, со практичните аспекти на воспоставување и водење на успешен дигитален потфат. Преку систематско излагање на е-бизнис моделите, стратегиското планирање и управувањето со напредните информациски системи како ERP и CRM, авторот овозможува темелно разбирање на процесите кои ја дефинираат конкурентноста во дигиталната ера.

Вредноста на овој учебник е дополнително нагласена преку неговиот висок педагошки квалитет. Изобилството од илустрации и табели визуелно ги дообјаснуваат сложените теоретски концепти, додека бројните примери од реалната деловна практика, вклучувајќи и успешни македонски бизнис приказни, даваат дополнителна тежина на обемната теоретско-практична конструкција. Дополнително, преку наведување на „целите на учењето“, на почетокот на секое поглавје, читателот внимателно се насочува во материјата што следи, а преку „резимето“ се добива моќна алатка за утврдување на наученото со фокус на суштинските аспекти од секое поглавје. Овој пристап не само што им помага на студентите полесно да ја совладаат предметната материја, туку нуди и вредни насоки за пошироката стручна јавност при решавањето на реалните пазарни предизвици.

Со оглед на енормното значење на дигиталната трансформација за успехот на секој современ ентитет, сметаме дека овој учебник ќе даде значаен придонес во збогатувањето на домашната литература од областа на е-бизнисот. Текстот нуди применливи знаења за стратегиите за дигитален бизнис и оперативната ефикасност преку сеопфатна бизнис аналитика. Поради овие причини, Рецензентската комисија смета дека делото ги исполнува сите критериуми и правила за објавување како универзитетски учебник.

**Врз основа на изнесеното, имаме особена чест на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип да му предложиме учебникот со наслов „ЕЛЕКТРОНСКИ БИЗНИС” од авторот проф. д-р Златко Бежовски да го одобри за издавање.**

**РЕЦЕНЗЕНТИ**
Проф. д-р Сашо Јосимовски, с.р.
Проф. д-р Лидија Пулевска-Ивановска, с.р.

**П Р Е Г Л Е Д**
**на наслови на теми за изработка на магистерски и специјалистички трудови одобрени од наставно-научниот совет на единицата**

| Билтен 2.3.2026 година | | | | |
|---|---|---|---|---|
| ЗЕМЈОДЕЛСКИ ФАКУЛТЕТ | 1. Агротехничко и агроеколошко влијание на полезаштитните појаси врз земјоделството и животната средина во Овче Поле | 1302-42/20 од 12.2.2026 год. | Проф. д-р Љупчо Михајлов | Јорданчо Димитриев |
| ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ | 2. Традуктолошка анализа на расказот „Не убивај" од Андреј Лонго | 1902-63/19 од 18.2.2026 год. | Проф. д-р Јована Караникиќ-Јосимовска | Зоран Јанев |
| ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ | 3. Лабораториски анализи и нивна улога во следење на Diabetes mellitus кај бремени жени | 2002-73/25 од 19.2.2026 год. | Проф. д-р Данијела Јаниќевиќ-Ивановска | Љубица Митрева |

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ПРИМЕНЕТА КИНЕЗИОЛОГИЈА (5.09.01.02) НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр. 2002-43/12 од 28.1.2026 година донесена на 351. седница на Наставно-научниот совет на Факултет за медицински науки, одржана на 28.1.2026 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник за наставно-научна област применета кинезиологија – двајца извршители на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, во состав:

- **проф. д-р Серјожа Гонтарев**, редовен професор за наставно-научната област применета кинезиологија, Факултет за физичко образование, спорт и здравје на Универзитет „Св. Кирил и Методиј” во Скопје - претседател;
- **проф. д-р Вујица Живковиќ**, редовен професор по предметите Основи на кинезитерапија, Кинезитерапија, Примена на кинезитерапија во спорт, Факултет за физичко образование, спорт и здравје на Универзитет „Св. Кирил и Методиј” во Скопје – член;
- **проф. д-р Анита Арсовска**, редовен професор за наставно-научна област неврологија, Медицински факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј” во Скопје – член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Вечер“ и „Коха“ на 24.12.2025 година и во предвидениот рок се пријавија **д-р Данче Василева**, вонреден професор и **д-р Тоше Крстев**, вонреден професор на Факултет за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Пријавата на кандидатите е навремена, комплетна и ја содржи следнава документација:

– Диплома за завршен трет циклус - за одбранет докторски труд и Уверение за положени испити на трет циклус студии (по еден примерок заверен кај нотар);
– Документ од нострификација на диплома од прв, втор и трет циклус на студии (по еден примерок заверен кај нотар);
– Еквиваленција на оценките од прв, втор и трет циклус на студии (по еден примерок заверен кај нотар);
– Список на објавени научни и стручни трудови и учества во научни настани (достапни на е-репозиториум);
– По еден примерок од 6 рецензирани научни трудови со импакт-фактор согласно со ЗВО, во последните 5 години пред објавувањето на Конкурсот;
– Одлука за избор во вонреден професор;
– Потврда за познавање на англиски јазик (еден примерок заверен кај нотар);
– Уверение за државјанство;
– Биографија;
– Останати документи.

Врз основа на приложената документација од кандидатката, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Кандидатката **д-р Данче Василева** е родена на 30 јануари 1986 година во Штип, каде што го завршува своето основно и средно образование.

Во 2009 година дипломира на четиригодишните додипломски студии на Факултетот „Кинезитерапија, туризам и спортска анимација” при Национална спортска академија „Васил Левски” во Софија, Р. Бугарија и се стекнува со образовен и квалификациски степен дипломиран кинезитерапевт. Дипломата е нострифицирана од страна на МОН на Р. Македонија со Решение бр. 09-4608/2 од 19.8.2009 година. По поднесеното Барање за еквиваленција на оценките од 19.5.2011 г., врз основа на споредбата и пресметката на оценките направена од страна на МОН, бр.13-3352/2 од 31.4.2011 година, просечната оценка во Р. Македонија изнесува 8.99.

Образованието го продолжува со запишување на втор циклус магистерски студии во научната област теорија и методика на физичкото воспитување, вклучително кинезитерапија – студиска програма Кинезитерапија кај мускулно-скелетни дисфункции на Факултетот „Кинезитерапија, туризам и спортска анимација” при Национална спортска академија „Васил Левски” во Софија, Р. Бугарија, каде што на 16.11.2010 година се стекнува со образовен и квалификациски степен магистер по кинезитерапија. Магистерскиот труд е на тема: „Примена на зглобно-мобилизациони и мускулно-инхибиторни техники по руптура на Ахиловата тетива” и е под менторство на Доц. д-р Николај Попов. Дипломата е нострифицирана од страна на МОН на Р. Македонија со Решение бр. 14-2709/2 од 13.05.2011 година. По поднесеното Барање за еквиваленција на оценките од 19.05.2011 г., врз основа на споредбата и пресметката на оценките направена од страна на МОН, бр.13-3353/2 од 31.5.2011 година, просечната оценка во Р. Македонија изнесува 9.75.

На 4.5.2016 година завршува трет циклус докторски студии во научна област теорија и методика на физичкото воспитување, вклучително кинезитерапија на катедра Кинезитерапија и рехабилитација на Факултетот „Кинезитерапија, туризам и спортска анимација” при Национална спортска академија „Васил Левски” во Софија, Р. Бугарија, и се стекнува со образовен и научен степен доктор. Докторската дисертација е на тема „Проучување врз можностите на кинезитерапијата за терапевтско влијание кај болни со мозочен инсулт во хроничен период”, под менторство на доц. д-р Даниела Љубенова. Дипломата е нострифицирана од страна на МОН на Р. Македонија со Решение УП1 бр.15-1210 од 11.7.2016 година. По поднесеното Барање за еквиваленција на оценките од 18.7.2016 г., врз основа на споредбата и пресметката на оценките направена од страна на МОН, бр.14-10470/2 од 22.7.2016 година, просечната оценка во Р. Македонија изнесува 9.52.

Вонреден професор д-р Данче Василева има голем придонес во научноистражувачката дејност на Факултетот за медицински науки преку нејзиното активно учество во повеќе научни активности. Автор и коавтор е на 64 публикации во домашни и меѓународни списанија и 8 учебни помагала (учебници, скрипти и практикуми) за студенти. Учесник е со 95 усни и постер-презентации на домашни и меѓународни конференции, симпозиуми и конгреси по кинезитерапија, медицина и невролологија (достапни на е-репозиториум https://eprints.ugd.edu.mk/view/creators/Vasileva=3ADance=3A=3A.html).

**Општи и посебни услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање согласно со Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип (Ознака ОНУ.ПРВ.01).**

***Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање редовен професор согласно со Законот за високото образование***

Кандидатката д-р Данче Василева ги исполнува сите законски и посебни услови кои се предвидени како елементи за избор на лице во звање редовен професор, а се во прилог и на чек-листата за избор на редовен професор (Образец ОНУ.ОБ.24) и елементите утврдени во законот и врз база на кои се утврдува вкупната оценка во рефератот на Рецензентска комисија и тоа:

***Општи услови за избор:***

1. Научен степен доктор на науки од научната област во која се избира;
2. Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот циклус и вториот циклус.

- Просек од прв – 8.99; од втор – 9.75; од трет циклус студии – 9.52;

3. Претходен избор во звање – вонреден професор на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

Со Одлука бр.2002-210/51 од 24.6.2021 година е избрана во наставно-научно звање вонреден професор на Факултет за медицински науки;

4. Способност за изведување на високообразовна дејност:

Кандидатката предава на прв, втор и трет циклус студии на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип и е ангажирана како визитинг професор на прв и втор циклус специјалистички стручни студии на Факултетот за здравствени науки при Универзитет на Југоисточна Европа во Тетово.

5. Има објавен рецензиран универзитетски учебник или монографија или практикум или збирка задачи од научната област за која се избира:

Кандидатката е автор/коавтор на 3 позитивно рецензирани учебници (два самостојни учебници), како и 1 поглавје од учебник издаден во странство, достапни на е-библиотека и е-репозиториумот на Универзитет „Гоце Делчев" – Штип.

6. Потврда за познавање на најмалку еден странски јазик – Кандидатката активно го познава англискиот јазик (доставена соодветна потврда).
7. Објавени најмалку шест рецензирани научи труда во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните 5 (пет) години пред објавувањето на огласот за избор:

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Год. на излегување на списанието |
|---|---|---|---|---|
| 1 | **Vasileva, D.,** Lubenova, D., Krstev, T. (2025) | Effect of kinesitherapy on orthostatic dysautoregulation after supratentorial unilateral ischemic stroke. | Neurosonology and Cerebral Hemodynamics, 2025, 21 (1): 4. pp. 34-47. ISSN 1312-6431. IF: 0.1 | 2005 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 2 | **Vasileva, D.,** Lubenova, D., Krstev, T., Ristik Stomnaroska, D., Lichkova, E. (2024) | Functional recovery after supratentorial unilateral ischemic stroke. | Journal of Neurosonology and Cerebral Hemodynamics, 2024, 20 (2). Pp. 127-136. ISSN 1312-6431. IF: 0.1 | 2005 |
| 3 | Krstev, T., **Vasileva, D.,** Nikolovska, L., Adziska, T. (2025) | Comparative Evaluation of the Therapeutic Effects of Tissue Flossing and Assisted Stretching Massage in Knee Joint Dysfunction. | Journal of Neurosonology and Cerebral Hemodynamics, 2025, 21 (2). Pp. 106-114. ISSN 1312-6431. IF: 0.1 | 2005 |
| 4 | Krstev, T., **Vasileva, D.,** Nikolovska, L., Adziska, T. (2025) | Evaluation of Dry Needling Therapy in Chronic Lumbosacral Pain. | Journal of Neurosonology and Cerebral Hemodynamics, 2025, 21 (2). Pp. 126-137. ISSN 1312-6431. IF: 0.1 | 2005 |
| 5 | Pavel, R.M.S., Purza, A.L., Tit, D.M., Radu, A.F., Iovanovici, D.C., **Vasileva, D.,** Uivaraseanu, B., Bungau, G., Nistor-Cseppento, C.D., (2025) | Functional Burden and Quality of Life in Hip and Knee Osteoarthritis: A Cross-Sectional Study. | Medicina, 2025, 61 (7): 3686875. p. 1155. ISSN 1648-9144. IF: 2.4 | 1920 / 2009 first Impact Factor |
| 6 | Gherle, A., Nistor-Cseppento, C.D., Iovanovici, D.C., Cevei, I.R., Cevei, M.L., **Vasileva, D.,** Deac, S., Stoicanescu, D. (2024) | Secondary Sarcopenia and Spinal Cord Injury: Clinical Associations and Health Outcomes. | Journal of Clinical Medicine, 2024, 13 (3). p. 885. ISSN 2077-0383. IF: 3.9 | 2012 |
| 7 | Krstev, T., **Vasileva, D.,** Nikolovska, L., Stratorska, T. (2024) | Possibilities to Influence the Functional Possibilities in the Knee Joint Through the Application of Tissue Flossing. | Journal of Neurosonology and Cerebral Hemodynamics, 20 (2). pp. 137-143. ISSN 1312-6431 IF: 0.1 | 2005 |

***Посебни услови:***

- Под негово менторство изработени дипломски или магистерски или докторски тези.

Во последните пет години кандидатката е ментор е на 63 успешно одбранети дипломски работи на стручните студии за физиотерапевти од прв циклус, 18 успешно одбранети специјалистички трудови од втор циклус стручни студии и ментор е на тројца докторанди на студиската програма од трет циклус студии - Базични и клинички истражувања во медицината на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

- Учество во научноистражувачки проекти односно значајни достигнувања во примената на научноистражувачките резултати – кандидатката учествува во четири научноистражувачки проекти (два во земјава и два во странство).
- Придонес во оспособувањето на помлади наставници и соработници – преку активно учество во наставата и проектите, како и активната соработка

со наставниците и студентите, кандидатката дава значаен придонес во оспособувањето на помлади наставници и соработници.

- Има остварено минимум поени кои се однесуваат на целокупната актива на лицето: (НО)=40; (НИ)=45; (САОР)=15 или вкупно 100 поени.

Комисијата го верификува научниот и стручен развој на кандидатката д-р Данче Василева преку вкупно поени 551, односно НО= 40 + НИ=361 + САОР=150.

**Наставно-образовна и научноистражувачка дејност**

Од 2011 година до денес кандидатката д-р Данче Василева работи на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип како:

- универзитетски **помлад асистент** со Анекс на Договор за вработување бр. 0402-1/431 од 1.6.2011 година;
- **виш лаборант** со Анекс на Договор за вработување бр. 0503-1/730 од 25.11.2014 година;
- **доцент** со Анекс на Договор за вработување бр. 0402-7/50 од 14.11.2016 година;
- **вонреден професор** со Анекс на Договор за вработување бр. 0402-7/58 од 1.7.2021 година до денес.

Во рамките на првиот циклус на студии, кандидатката е ангажирана во наставата на Студиската програма за физиотерапевти по следните предмети:

1. Кинезиологија, физиотерапевти, први семестар, 2+1+1;
2. Патокинезиологија, втори семестар, 2+2+2
3. Основи на кинезитерапија, трет семестар, 2+2+2
4. Кинезитерапија и рехабилитација во неврологијата, четврти семестар, 2+2+2
5. Балнеологија со хидротерапија – изборен, физиотерапевти, прв семестар, 2+1+1;
6. Кинезитерапија и рехабилитација во геријатрија, шести семестар, 2+1+1;
7. Кинезитерапија и рехабилитација во педијатријата – изборен, трет семестар, 2+1+1.

Во рамките на вториот циклус на студии е ангажирана на предмети на следните студиски програми:

1. Специјалистички стручни студии по неврорехабилитација - Современи аспекти и методи на примена во неврорехабилитацијата;
2. Специјалистички стручни студии по физикална медицина и рехабилитација со кинезитерапија - Современи аспекти и методи на примена во неврорехабилитацијата;
3. Специјалистички стручни студии по физикална медицина и кинезитерапија - Современи аспекти на лекување со балнео и хидротерапија;
4. Специјалистички стручни студии по традиционална кинеска медицина - Физикална терапија во акупунктурни точки.

Во рамките на третиот циклус на студии е ангажирана на предмети на следните студиски програми:

1. Базични и клинички истражувања во медицината – Моторна неврорехабилитација;

2. Базични и клинички истражувања во медицината – Применета кинезиологија;
3. Биомедицина – Моторна неврорехабилитација;
4. Биомедицина – Применета кинезиологија.

Кандидатката д-р Данче Василева е избрана за визитинг професор на Факултетот за здравствени науки при Универзитет на Југоисточна Европа во Тетово во учебните 2023/2024, 2024/2025 и 2025/2026 година. Ангажирана е да предава на прв циклус студии – студиска програма за физиотерапија и втор циклус - специјалистички стручни студии за клиничка рехабилитација од областа на невроразвојни нарушувања и невродегенеративни болести.

**Научна евалуација на научните трудови достапни во е-репозиториум за период од пет години до објавување на Конкурсот за избор**

**I. Објавени научни публикации во меѓународни списанија**

**Научен труд објавен во списание со ИФ**

1. **Vasileva, D.,** Lubenova, D., Krstev, T. (2025) Effect of kinesitherapy on orthostatic dysautoregulation after supratentorial unilateral ischemic stroke. Neurosonology and Cerebral Hemodynamics, 21 (1): 4. pp. 34-47. ISSN 1312-6431. IF: 0.1. https://eprints.ugd.edu.mk/36135/

Во ова истражување се цели да се испита влијанието на терапевтските вежби врз ортостатската дисауторегулација по супратенторијален унилатерален исхемичен мозочен удар (СУИМУ). Спроведена е студија со 67 пациенти СУИМУ во хроничен период - експерименталната група (ЕГ) вклучува 56 пациенти (32 мажи и 24 жени), со времетраење на состојбата од 7,8±2,0 месеци, кај кои специјализираната програма за кинезитерапија била применета (СКТ) 10 дена под контрола, а потоа продолжила да се изведува дома како адаптирана програма за вежбање во период од 3 недели. За да се утврди типот на ортостатска реактивност, се користи класификацијата на О. Тулесиус (1976), која се базира на промената на срцевиот ритам и систолниот артериски притисок при промена на почетната положба од лежечка во стоечка. Специјализираната кинезитерапија има значаен позитивен ефект врз ортостатската авторегулација на десеттиот ден, кој бил поизразен кај ЕГ. На крајот од првиот месец ($p < 0,001$), ефектот се акумулира кај ЕГ и се намалува кај контролните пациенти.

2. **Vasileva, D.,** Lubenova, D., Krstev, T., Ristik Stomnaroska, D., Lichkova, E. (2024) Functional recovery after supratentorial unilateral ischemic stroke. Journal of Neurosonology and Cerebral Hemodynamics, 20 (2). pp. 127-136. ISSN 1312-6431. IF: 0.1. https://eprints.ugd.edu.mk/35081/

Целта на студијата е да се испита влијанието на терапевтските вежби врз функционалното возобновување по супратенторијален унилатерален исхемичен мозочен удар (СУИМУ). Пациентите од ЕГ се третирани со специјализирана 10-дневна кинезитерапија, која подоцна е имплементирана како адаптирана програма за самостојно вежбање дома во период од 1 месец. За да се утврди тежината на парезата е користена модифицирана Чедок-Мекмастер скала, во која пациентите од четврти и петти степен имаат умерен степен на зафатеност, а пациентите од шести и седми степен имаат лесен степен на зафатеност. Врз основа на ова, пациентите се поделени во две подгрупи (умерена и лесна). Во споредба со основните податоци во експерименталната група, има

значително подобрување во можностите на горните и долните екстремитети, како што се гледа со тестот Чедок-Мекмастер. Слични се резултатите од следењето на мускулниот тонус на горните и долните екстремитети, според скалата Ашворт пред и по КТ кај ЕГ. Забележано е подобрување помеѓу лесна и отсутна спастичност, а резултатите се максимално изразени на првиот месец од почетокот на третманот (p <0,001). Трајниот позитивен ефект кај ЕГ може да биде поврзан со различни механизми во кои применетите насочени движења влијаат на функционалните способности на пациентите со СУИМУ во хроничен период.

3. Krstev, T., **Vasileva, D.,** Nikolovska, L., Adziska, T. (2025) Comparative Evaluation of the Therapeutic Effects of Tissue Flossing and Assisted Stretching Massage in Knee Joint Dysfunction. Journal of Neurosonology and Cerebral Hemodynamics, 21 (2). pp. 106-114. ISSN 1312-6431. IF: 0.1. https://eprints.ugd.edu.mk/36930/

Фокусот на студијата е да се испитаат и споредат ефектите од техниката флосинг и масажа со истегнување врз дисфункцијата на коленото. Сите пациенти имаа нарушена функција на коленото со различен степен на болка, ограничен опсег на движење и намалена мускулна сила. Контролната група пациенти беше третирана со општоприфатената ефикасна масажа со истегнување, а експерименталната група – со релативно новиот физиотерапевтски метод - флосинг, применет на целиот долен екстремитет, а не на еден зглоб, како во претходните студии. Пред и по третманот се мери интензитетот на болката во коленото користејќи визуелна аналогна скала (VAS), опсегот на движење (VOM) користејќи гониометрија на коленото и мускулната сила, користејќи динамометрија. И двата тераписки модалитети применети во експерименталната и контролната група покажаа позитивно влијание врз состојбата на пациентот со малку подобри резултати во експерименталната група. Позитивен ефект врз нарушената функционалност на коленото зглоб беше утврден по примената на двата физиотерапевтски методи – флосинг техника и масажа со истегнување. Терапијата со флосинг техника е поефикасна во споредба со масажата со истегнување, и има подобар ефект врз интензитетот на болката, го зголемува и нормализира опсегот на движење во зглобот, значително ја зголемува мускулната сила и контролата, поради што се препорачува нејзина употреба како главен или дополнителен терапевтски третман.

4. Krstev, T., **Vasileva, D**., Nikolovska, L., Adziska, T. (2025) Evaluation of Dry Needling Therapy in Chronic Lumbosacral Pain. Journal of Neurosonology and Cerebral Hemodynamics, 21 (2). pp. 126-137. ISSN 1312-6431. IF: 0.1 https://eprints.ugd.edu.mk/36950/

Целта на оваа студија е да се оцени ефектот на сувите игли како дополнителна терапија во намалување на болката, подобрување на функцијата и квалитетот на живот кај пациенти со хронична лумбосакрална болка. Вкупно 35 пациенти со хронична лумбосакрална болка (LSP), која зрачи по должината на ишијадичниот нерв, и со нарушена сензомоторна функција се проучени и поделени во две групи. Сите пациенти се третирани со класична терапевтска масажа на лумбосакралниот регион и комплекс од терапевтски вежби, а на оние од експерименталната група дополнително им се поставени суви игли во најболните мускулни тригер точки и по должината на ишијадичниот нерв.

За да се процени ефектот од физиотерапијата, сите испитаници се испитани пред и по третманот за: интензитетот на болката на визуелна аналогна скала (VAS), опсегот на движење (ROM) со гониометрија и мускулната сила при флексија и екстензија на колкот со динамометрија, како и целокупната субјективна проценка со Прашалникот за инвалидитет на Роланд-Морис (RMDQ). И двата терапевтски пристапи сигурно ја намалуваат болката и ја подобруваат подвижноста кај пациенти со хроничен лумбосакрален болен синдром, но дополнителната примена на DNT на класичната терапевтска масажа и терапевтски вежби за зголемување на мускулната сила значително го подобрува ефектот на стандардната интервенција и сигурно го зголемува терапевтскиот ефект со значително намалување на симптомите на болка, зголемување на мобилноста и функционалноста на долниот дел од грбот и екстремитетите.

5. Pavel, R.M.S., Purza, A.L., Tit, D.M., Radu, A.F., Iovanovici, D.C., **Vasileva, D.,** Uivaraseanu, B., Bungau, G., Nistor-Cseppento, C.D., (2025) Functional Burden and Quality of Life in Hip and Knee Osteoarthritis: A Cross-Sectional Study. Medicina, 61 (7): 3686875. p. 1155. ISSN 1648-9144. IF: 2.4 https://eprints.ugd.edu.mk/36141/

Целта на оваа студија е да се процени влијанието на остеоартритисот на колкот и коленото врз физичкото функционирање и квалитетот на животот, како и да се истражи како овие исходи варираат во зависност од полот, стадиумот на болеста и вообичаените коморбидитети. Студијата вклучува вкупно 133 возрасни пациенти дијагностицирани со остеоартритисот на колкот или коленото, врз основа на клинички и радиографски критериуми. Функционалниот статус е оценет со користење на Индексот на остеоартритис и Мекмастер (WOMAC), додека квалитетот на животот беше оценет со користење на прашалникот за квалитет на живот на СЗО - верзијата BREF (WHOQOL-BREF). Главните исходи беа вкупните резултати од овие инструменти, анализирани во однос на демографските и клиничките варијабли. Врз основа на критериумите за клиничко стадиумирање применети во студијата, 23 пациенти (17,3%) беа класифицирани како пациенти во рана фаза, 98 (73,7%) во прогресивна фаза и 12 (9,0%) во напредна или крајна фаза на болеста. Просечниот вкупен резултат на WOMAC беше 52,0 ± 7,9 (скала: 0–96), што укажува на умерено до тешко функционално оштетување. Просечниот резултат на WHOQOL-BREF беше 67,9 ± 13,1 (скала: 0–100), што одразува умерено намален квалитет на живот. Умерена, статистички значајна инверзна корелација беше забележана помеѓу резултатите на WOMAC и WHOQOL-BREF (Spearman's rho = −0,565, p < 0,001). Пациентите со остеоартритис на коленото пријавија значително понизок квалитет на живот во споредба со оние без оваа состојба (66,48 ± 12,73 наспроти 71,76 ± 13,31, p = 0,006). Не се пронајдени статистички значајни разлики во функционалните резултати или резултатите за квалитетот на живот врз основа на полот. Остеоартритисот на коленото, особено кога е во комбинација со зафатеност на колкот, е поврзан со значително опаѓање на квалитетот на живот и функционалниот капацитет. Се чини дека сериозноста и локацијата на зафатеност на зглобовите се примарни детерминанти на инвалидитетот кај оваа популација на пациенти, додека системските коморбидитети имаат помалку изразено влијание во рехабилитационите услови.

6. Gherle, A., Nistor-Cseppento, C.D., Iovanovici, D.C., Cevei, I.R., Cevei, M.L., **Vasileva, D.,** Deac, S., Stoicanescu, D. (2024) Secondary Sarcopenia and Spinal Cord Injury: Clinical Associations and Health Outcomes. Journal of Clinical Medicine, 13 (3). p. 885. ISSN 2077-0383. IF: 3.9 https://eprints.ugd.edu.mk/33403/

Саркопенијата и повредата на ʻрбетниот мозок (SCI) често коегзистираат, но малку се знае за нивните асоцијации. Целта на оваа студија е да се процени влијанието на SCI врз мускулната и коскената маса и корелациите помеѓу клиничките карактеристики на пациентите со SCI и саркопенијата. Во оваа студија се вклучени вкупно 136 пациенти со SCI примени во рехабилитациска болница. Беа оценети видот и сериозноста на повредата (AIS), нивото на спастичност (MAS), густината на коскените минерали и апендикуларната чиста мускулна маса (ALM). Саркопенијата е дијагностицирана според граничните точки на EWGSOP2 за ALM. Испитаниците беа поделени во две групи: Група S-SCI (N = 66, група со саркопенија) и Група NS-SCI (N = 70, без саркопенија). Просечните вредности на ALM во двете групи се 0,49 и 0,65, соодветно. Вкупно 75% од жените и 42,9% од мажите развија саркопенија. Просечната возраст била 35,8 години кај саркопенични пациенти и 41,5 години во групата без саркопенија. Над 55% од случаите со AIS степен А и Б, 69,7% од случаите со MAS ниво 0 и 51,6% од пациентите со остеопороза имале саркопенија. Просечниот број на коморбидитети бил 2,7 во групата со саркопенија. Заклучоци: Полот, видот на повредата, присуството на повеќекратни коморбидитети и возраста биле директно поврзани со саркопенијата; во меѓувреме, изненадувачки, нивото на спастичност и присуството на имобилизациска остеопороза не биле.

7. Krstev, T., **Vasileva, D.,** Nikolovska, L., Stratorska, T. (2024) Possibilities to Influence the Functional Possibilities in the Knee Joint Through the Application of Tissue Flossing. Journal of Neurosonology and Cerebral Hemodynamics, 20 (2). pp. 137-143. ISSN 1312-6431 IF: 0.1 https://eprints.ugd.edu.mk/35294/

Целта на оваа студија е да се испитаат и споредат ефектите од користењето на флосинг техниката во споредба со масажа и истегнување врз состојбата на функцијата на долните екстремитети - опсег на движење на долниот екстремитет, како и мускулна сила и перцепција на болка. Во оваа студија се вклучени 16 пациенти кои се поделени во две групи, Група А - контролирана (n=8) (мажи=5, жени=3) просечна возраст 36±4,2 години и Група Б - експериментална (n=8), (мажи=4, жени=4) просечна возраст 38±3,8 години. Сите пациенти се со нарушена функција на коленото, која вклучува во различен степен: болка, ограничен опсег на движење и намалена мускулна сила. Терапевтските модалитети и за двете групи покажуваат позитивно влијание врз состојбата на пациентите со подобри резултати во експерименталната група. Статистичка значајност беше забележана при мерењето на VAS, ROM флексија и динамометриско тестирање. Флосинг техниката има позитивно влијание врз намалувањето на болката и нормализирањето на опсегот на движење и подобрувањето на мускулната сила и контрола.

**Научен труд објавен во меѓународно научно списание**

8. **Vasileva, D.,** Janev, M., Lyubenov, N. (2025) Approach to neurorehabilitation in median nerve lesion. Knowledge - International Journal, 74 (4). pp. 557-562. ISSN 2545-4439. https://eprints.ugd.edu.mk/36557/

Лезиите на nervus medianus претставуваат чести периферни невропатии кои доведуваат до моторни и сензорни нарушувања во дланката и подлактницата. Пациентите се соочуваат со ограничена функција, болка, губење на фина моторика и намален квалитет на живот. Целта е да се испита ефектот на структурираната кинезитерапевтска програма врз моторната и сензорната функција кај пациенти со лезија на n. medianus. Пациентите се евалуирани на почеток, 15-ти ден и 1 месец со следниве параметри: Grip strength (динамометар), Pinch strength (пинцетен грип), QuickDASH score (функционална неспособност), VAS (болка) и сензорна дискриминација (монофиламенти, дво-точков тест). Резултатите покажуваат значајно подобрување на сила, сензорика и редукција на болка ($p < 0.001$). Примената на структуриран неврорехабилитациски пристап кај пациенти со лезија на nervus medianus има потенцијал да доведе до значајно подобрување на моторната и сензорната функција, како и редукција на болката.

9. **Vasileva, D.,** Pesevska, M., Lyubenov, N. (2025) Effects of mechanical decompression in patients with degenerative changes of the intervertebral discs. Knowledge – International Journal, 72 (4). pp. 569-575. ISSN 2545-4439. https://eprints.ugd.edu.mk/36556/

Во современата физикална терапија, механичката декомпресија се применува како неинвазивна алтернатива за ублажување на симптомите и подобрување на функцијата на ’рбетниот столб. Цел на истражувањето е да се процени ефикасноста на механичката декомпресија кај пациенти со дегенеративни промени на интервертебралните дискови, преку споредба на нивото на болка, подвижност и функционална состојба пред и по третманот. По завршување на третманот со механичка декомпресија, анализата на резултатите покажа значајно намалување на болката кај шест од вкупно седум пациенти, според Визуелната аналогна скала (VAS). Просечната вредност на болка пред започнување на терапиите изнесуваше 7,2 (од 10), додека по десетте третмани, просечната вредност опадна на 2,8. Кај најголемиот дел од пациентите е забележано подобрување во функцијата на лумбалниот сегмент, со зголемен опсег на движење и подобра подвижност при секојдневни активности. Механичката декомпресија е ефикасен и безбеден метод за третман на дегенеративни промени на интервертебралните дискуси и нејзината примена може да го подобри квалитетот на живот кај пациентите и да го намали потребното време за рехабилитација.

10. **Vasileva, D.,** Begoska, S., Ristik Stomnaroska, D., Lyubenov, N. (2025) Influence of motor rehabilitation in Parkinson’s disease. Knowledge - International Journal, 72 (4). pp. 581-586. ISSN 2545-4439. https://eprints.ugd.edu.mk/36555/

Досегашните студии покажуваат дека терапевтските вежби и физикалните средства како дел од целокупната моторна рехабилитација имаат влијание во третманот на болката, нарушениот од, нарушената постурална стабилност и ризичните падови кај овие пациенти. Со ова испитување се прикажува влијанието на моторната рехабилитација вклучена во севкупното лекување на пациенти со Паркинсонова болест. Моторната рехабилитација е спроведена кај 7 пациенти, дијагностицирани со Паркинсонова болест. Анализирани се податоци за пациенти за време на одење од 10 метри во секунда. Постои статистички значајно подобрување на перформансите (намалено време на одење) помеѓу сите временски точки. Редовната физичка активност

покажува значително позитивно влијание врз забавување на прогресијата на симптомите и подобрување на моторната функција на пациентите.

11. **Vasileva, D.,** Fidanovski, A. (2024) Effect of Extension Therapy in the Most Common Vertebral Syndromes. KNOWLEDGE - International Journal (KIJ), 66 (4). pp. 423-427. ISSN 1857-923X, https://eprints.ugd.edu.mk/34834/

Екстензионата терапија (тракција) во физикалната медицина спаѓа во механотерапијата и се карактеризира со истегнување на одредени делови од телото со помош на механичка сила. Се користи за намалување или елиминирање на појавите на компресија и иритација на нервните елементи и крвните садови, а со тоа се намалува болката и се зголемува нарушената циркулација што се јавува како резултат на дегенеративни промени кои влијаат на одредена област. Цел на истражувањето е да се проучи ефектот на екстензионата терапија во подобрување на подвижноста на ʼрбетниот столб кај најчестите вертебрални синдроми. Во студијата на истражувачката работа се опфатени 22 пациенти (11 мажи и 11 жени) на возраст од 35 до 50 години со дијагностицирани вертебрални синдроми. Од обработените податоци се добиваат резултати со значително подобрување на опсегот на движењата во цервикалната и торакалната регија. Кинезитерапијата и методолошките упатства за зајакнување на паравертебралните, стомачните и глутеалните мускули во комбинација со електротерапија која има главно аналгетско дејство и комбинација со екстензиона терапија може да доведе до значителни промени во однос на зголемување на амплитудата на движење во афектираните зглобови на ʻрбетот.

12. **Vasileva, D.,** Mitkov, O. (2024) Modern aspects of Treatment with Transcutaneous Electrical Nerve Stimulation. KNOWLEDGE - International Journal (KIJ), 66 (4). pp. 401-406. ISSN 1857-923X, https://eprints.ugd.edu.mk/34836/

Целта на истражувањето е да се проучат ефектите од транскутана електрична нервна стимулација како модалитет на физикалната терапија и импликациите врз процесот на рехабилитација. Оваа истражувачка студија е спроведена во период од 3 работни недели, колку што трае рехабилитацијата, а статистичкиот примерок се состои од три групи. Една група вклучува 15 пациенти кои се лекуваат од претежно артритични дегенеративни патологии во акутната и хроничната фаза, со локализација на горните и долните екстремитети; и пациенти кои се во акутна и хронична фаза на периартритис, контузии и дислокации на зглобовите, исто така на горните и долните екстремитети. Другата група се 15 пациенти со дегенеративни хронични и акутни патолошки состојби на мускулно-скелетниот систем на ʻрбетот. Третата група се 15 пациенти кај кои транскутаната електрична нервна стимулација не е вклучена во планот за рехабилитација. Неинвазивноста на транскутаната електрична нервна стимулација заедно со специфичната примена на нејзините модулации според патолошката состојба овозможуваат брза и ефикасна рехабилитација на пациентите. Намаленото чувство на болка овозможува поголема волја за изведување на вежбите вклучени во целокупната рехабилитација, а со тоа и поголем опсег на движења во мускулно-скелетниот систем.

13. **Vasileva, D.,** Gjorgjievska Dimovska, E. (2024) Motor Neurorehabilitation in Patients with Hemiplegia. KNOWLEDGE - International Journal (KIJ), 66 (4). pp. 411-416. ISSN 1857-923X, https://eprints.ugd.edu.mk/34835/

Целта на оваа студија е прикажување на издвоен случај со хемиплегија каде што покрај целиот кинезитерапевтси и физикален план во рехабилитацијата е вклучена и роботската терапија на долни екстремитети, при што се применува робот асистиран егзоскелет (локомат). Роботската терапија заедно со цел рехабилитациски третман се одвива во период од дваесет дена со пауза на 10 ден од една недела, со цел да се прикаже напредокот на пациентот кој го стекнал помеѓу двата третмани од по 10 дена и да се утврди колку роботската терапија има влијание врз моторната неврорехабилитација кај пациентите со хемиплегија. Со цел да е утврди независноста и мобилноста на пациентот на почетокот, на 10 ден и на 20 ден е спроведен Бартел индекс тестот и Fugl – Meyer assessment тестот. Според анализата и обработката на резултатите добиени од роботот асистиран егзоскелет и по нивната статистичка обработка покажуваат сигнификантно подобрување на резултатите во вториот период на рехабилитација во однос на првата рехабилитација што значи дека пациентот зел значајно учество во движењето со робот асистираниот егозскелет и е забележано значително подобрување на пациентот во однос со времетраење на одење, изодени метри, брзина на лента, водечка сила и поддршка на телесна тежина. Целокупниот резултат резултира и со подобрување на координација и воспоставување на правилна шема на одење кое само ја унапредува понатамошната рехабилитација. Резултатите од Бартел индекс тестот го покажуваат напредокот на пациентот и подобрувањето на неговата мобилност додека Fugl – Meyer assessment тестот го покажува подобрувањето на моторната функција и сензитивност.

14. **Vasileva, D.,** Andovska, V. (2024) Средства на кинезитерапија кај лумбалгија. Knowledge - International Journal, 65 (4). pp. 431-436. ISSN 2545-4439 (Online), https://eprints.ugd.edu.mk/34559/

Целта на студијата е да се анализира ефектот од примената на кинезитерапијата врз дисфункционалноста кај пациенти со дијагностицирана лумбалгија. Студијата вклучува 16 испитаници со дијагностицирана лумбалгија. Преку кинезитерапијата се намалува присутната болка во лумбалниот дел на грбот, глутеалната регија и колковите, се подобрува мускулниот тонус и подвижноста на долниот дел на ‘рбетот, како и враќање на луѓето во секојдневните животни активности. Покажуваат позитивни резултати во однос на подобрување на мускулниот тонус, намалување на болката и подобрено држење на телото. Кинезитерапевтските средства и нивна подолготрајна примена имаат позитивни промени кај пациентите со лумбалгија.

15. **Vasileva, D.,** Gjorgjievski, D. (2024) Theoretical basis for the application of craniosacral therapy in the most common problems in the cervical part. KNOWLEDGE - International Journal, 62(4), 483–489. https://eprints.ugd.edu.mk/33671/

Краниосакралната терапија е нежна, неинвазивна, холистичка и интегративна мануелнотерапевтска техника, која е составен дел на остеопатијата, а како терапевтски пристап има за цел да воспостави интеграција помеѓу структурните и функционалните делови на нервниот систем, но и на целиот организам. Целта на истражувањето беше да се докаже терапевтското влијание на краниосакралната терапија во подобрување на активниот опсег на движење (AROM) кај третираните пациенти. Кај секој

од пациентите беа направени гониометриски мерења за AROM за флексија, екстензија, латерофлексија во лево и десно, ротација во лево и десно, во три временски периоди, и тоа: Т1 (пред да биде спроведена првата терапија), Т2 (по спроведена трета терапија) и Т3 (по спроведена петта терапија, односно на крајот од третманите). Тестовите Repeates Measures ANOVA test и Kruskal-Wallis test покажаа значителна разлика во зависните варијабли на примерокот во трите мерни периоди, а средните вредности за просеците и ранговите се доволно големи за да бидат статистички значајни. Големината на набљудуваниот ефект (η2) и големината на третман ефектот (ηp2is) се средни за некои параметри и големи за други, што укажува на тоа дека големината на разликите меѓу просеците пред и по третманите е средна до голема.

16. **Vasileva, D.,** Vitanova, K. (2024) Application of the Feldenkrais method in patients with multiple sclerosis. KNOWLEDGE - International Journal, 62(4), 453–459. https://eprints.ugd.edu.mk/33670/

Студијата има за цел да го проследи ефектот од примената на методот на Feldenkrais како дел од неврорехабилитацијата кај болни со примарно прогресивна форма на мултиплекс склероза. За исполнување на целта на студијата во период од 1 месец се испитани 6 пациентки (средна возраст 49.6±5.4) со примарно прогресивна форма на мултиплекс склероза. Ефектот врз функционалните можности кај пациентки со примарно прогресивна форма на мултиплекс склероза, оценети со (TUG) - тест за преместување и трансфер и тест за рамнотежа (Berg Balance Scale) е значаен за време на целото испитување и е најмногу изразен на првиот месец од почетокот на примена на методот на Feldenkrais како дел од целокупната неврорехабилитација.

17. **Vasileva, D.,** Slavkoska, M. (2023) Motor neurorehabilitation in patients with multiple sclerosis. KNOWLEDGE - International Journal , 61(4), 537–543. https://eprints.ugd.edu.mk/33555/

Моторната неврорехабилитација значително го намалува функционалниот дефицит кај пациентите со МС и ја зголемува автономноста во секојдневното функционирање. Целта на ова истражување е да се проследи ефектот на моторната неврорехабилитација кај болни со секундарно прогресивна форма на МС со подолг тек на развој. Од средствата на моторната неврорехабилитација се користат: правилно позиционирање во кревет и во седечка положба, пасивно-активни вежби, аналитички вежби за горни и долни екстремитети, респираторни вежби, вежби за рамнотежа и координација од седечка и стоечка положба и зафати од масажа. По примената на овие средства од моторната неврорехабилитација кај болни со секундарно прогресивна форма на МС највисока тенденција за подобрување се открие на првиот месец и нивото на значајност $p<0.001$. Попродолжителното изведување на вежбите како дел од целосната неврорехабилитација кај болни со секундарно прогресивна форма на МС, влијаат позитивно на физичкото здравје со што се подобрува рамнотежата, брзината на реакциите и мускулната сила на болните, сила на долните екстремитети, координацијата и редоследноста на движењата помеѓу тораксот и долните екстремитети.

18. **Vasileva, D.,** Dimik, I. (2023) Influence of kinesitherapy in lumbar disc herniation. KNOWLEDGE - International Journal, 61(4), 665–670. https://eprints.ugd.edu.mk/33652/

**Евалуација:** Трудот претставува концизен и содржински јасно структуриран преглед на историскиот, културниот и образовниот контекст на Република Северна Македонија, со особен акцент на развојот и значењето на турската детска книжевност. Авторката соодветно го поставува општествено-политичкиот контекст и укажува на неговото влијание врз образовниот систем. Посебна вредност на трудот е анализата на детското списание „Томурџук" како значаен носител на воспитно-образовни и културни вредности кај турската заедница. Јасно се нагласува улогата на списанието во зачувувањето на културниот идентитет и во развојот на детската книжевност преку жанровската и тематската разновидност. Текстот се одликува со јасен академски стил, логична структура и аргументирана анализа, поткрепена со соодветни примери. Иако постои можност за дополнително продлабочување преку компаративна анализа и поширока теориска подлога, трудот во целина претставува релевантен и вреден научен прилог, кој може да послужи како основа за понатамошни истражувања во областа на книжевноста и образованието.

2. **İbrahimi, Murtezan, Seyhan and Şaini, Refide** (2021). *Kardelen Çocuk Dergisinde Sosyal Değerler,* Intenational Balkan University, Skopje, N.Macedonia ICSSH, ISSN: 2671-3535.

**Евалуација:** Трудот претставува прегледен и добро организиран осврт на значењето на детската литература и нејзината образовна функција во развојот на националните и културните вредности кај децата. Авторите успешно го поставуваат теоретскиот и концептуален контекст на литературата

како образовен и воспитен инструмент, истакнувајќи ја нејзината улога во интелектуалното и емоционалното обликување на младата генерација. Посебна вредност има фокусот на детските списанија како медиуми кои, преку својата содржина, го зајакнуваат разбирањето за добро и зло, припадност и културни вредности, со што се придонесува кон формирањето на целосни личности. Делот посветен на списанието „Карделен“ е јасно изложен и прецизно го објаснува историскиот контекст, целта на списанието, неговата вклученост во образовната програма и влијанието врз турската детска литература во Северна Македонија. Истражувањето ги нагласува и клучните теми на списанието, како зачувување на културното наследство, национална припадност, почит кон знамето и химната, празници и здрав живот, што ја потврдува воспитно-образовната функција на изданието. Текстот се одликува со јасен и академски јазик, логичка структура и прегледност, со што е лесно разбирлив за читателот. Како можност за дополнително зајакнување, истражувањето би можело да вклучи конкретни примери од текстовите објавени во списанието „Карделен“, како и подетален анализен пристап кон воспитните и етичките вредности кои се пренесуваат преку содржината.

3. **Şaini, Refide and İbrahimi, Murtezan, Seyhan (2022).** *Şükrü Ramo'nun Tomurcuk Dergisindeki Şiirlerine Değerler Eğitimi Açısından Bakış,* International Journal Balkan University, Skopje, N.Macedonia ICSSH ISSN: 2671-3535.

**Евалуација:** Овој труд претставува прегледен и добро структурирана анализа на значењето на списанието „Томурџук“ во турската детска книжевност во Северна Македонија. Авторите го поставуваат историскиот контекст на списанието, го објаснуваат времетраењето на неговото издавање и ја истакнуваат неговата главна цел – образовната и воспитната функција кон децата. Посебна вредност има деталното прикажување на жанровската разновидност на текстовите во списанието, при што се нагласува преовладувачката улога на поезијата, како и присуството на раскази, стрипови, есеи, театарски текстови, анегдоти и загатки. Ова го покажува богатството на содржината и нејзината приспособеност кон развојниот период на детската публика. Трудот исто така ги нагласува поемите на наставници и ученици, како и стиховите на познати поети, што дополнително ја потенцира културната и литературната вредност на списанието. Фокусот на истражувањето врз стиховите на Шукру Рамо од аспект на воспитувањето во вредности е релевантен и овозможува конкретна анализа на едукативната функција на литературата за деца. Текстот е јасен, академски структуриран и прегледен, а податоците се изложени на начин кој овозможува разбирање на историското, културното и воспитното значење на списанието „Томурџук“. Како можност за дополнително подобрување, трудот би можел да вклучи конкретни примери или цитати од стиховите на Шукру Рамо за да се илустрираат пренесените вредности, како и споредба со други слични детски списанија за целосна перспектива на турската детска литература во Македонија. Во целина, трудот е релевантен, информативен и обезбедува солидна основа за понатамошни истражувања во областа на детската книжевност и воспитувањето во вредности.

4. **Шаини, Рефиде (2022).** *Делата од турски поети објавени во македонското детско списание на турски јазик* „Бахче“ Универзитет „Гоце Делчев” – Штип, Филолошки факултет, Меѓународно списание за лингвистички, книжевни и културолошки истражувања ПАЛИМПСЕСТ, год. 7, бр. 14, ISSN: 2545-3998, Штип.

**Евалуација:** Овој труд претставува јасен и структуриран осврт на значењето на списанието „Бахче“ во рамките на турската детска книжевност во Северна Македонија. Авторката прецизно го презентира контекстот на издавањето на списанието, вклучително со датумот на првиот број, слоганот, издавачката куќа, сопственикот и уредникот, што ја зацврстува историската и институционалната рамка на трудот. Посебна вредност има прикажувањето на мултидимензионалната улога на списанието како мост помеѓу детето, семејството, училиштето и околината. Авторката ја истакнува интеракцијата што списанието ја поттикнува помеѓу детето и неговата средина, како и вниманието кон читателите повозрасни, што ја покажува комплексноста и опфатноста на изданието. Трудот ја нагласува и културната вредност на списанието преку вклучувањето на турска поезија на секоја страница, што овозможува одржување на литературното и културното наследство кај младата публика. Целта на трудот тематска анализа на песните од турските поети е релевантна и јасно дефинирана, овозможувајќи насочена и аналитичка перспектива. Текстот е прегледен, академски структуриран и лесно разбирлив, со логична поврзаност помеѓу историските, културните и воспитните аспекти на списанието. За дополнително зајакнување на трудот, може да се вклучат конкретни примери или цитати од песните за да се илустрираат тематските категории и вредности што се пренесуваат, како и споредба со други турски детски списанија во Македонија за компаративен контекст. Во целина, трудот е релевантен, информативен и обезбедува солидна основа за понатамошни истражувања на детската литература и образовните функции на поезијата во турските детски списанија во Северна Македонија.

5. **Şaini, Refide (2023).** *Turkish Children's Literature in Macedonia and Values Education in Tomurcuk Journal*, Journal Scientific and Applicative Papers, ISSN: 1857-923X, Bulgaria.

**Евалуација:** Овој труд претставува јасен и систематски осврт на значењето на списанието „Томурџук“ во развојот на турската детска книжевност во Македонија. Авторката успешно го поставува историскиот контекст, објаснувајќи ја почетната доминација на поезијата во детската литература и понатамошниот развој на различни книжевни жанрови, како раскази, детски претстави и сл. Посебно внимание е посветено на ограничувањата на авторите во пишувањето романи, што ја дава целосна слика за литерарниот контекст во кој се развивала турската детска книжевност. Трудот детално ја прикажува содржината на списанието „Томурџук“, со нагласок на неговата разновидност раскази, стрипови, поезија, есеи и крстозбори и нивната врска со културното и историското наследство на македонските Турци. Јасно е истакната едукативната и воспитната улога на списанието, како и неговата цел да ја поттикне свеста на децата за сопствената култура и вредности. Методолошки, трудот се одликува со прецизна насоченост анализа на 33 броја на списанието „Томурџук“ од 1957 до 1990 година, со акцент на вредностите што се пренесуваат преку содржината. Текстот е прегледен, логички поврзан и ги објаснува основните цели на истражувањето, што овозможува читателот да го разбере значењето на списанието во образовниот и културниот контекст. За дополнително зајакнување на трудот би било корисно да се вклучат конкретни примери од текстовите или поемите објавени во списанието, како и компаративна анализа со други детски списанија од истиот период.

Исто така, вклучувањето на релевантни литературни и научни извори би ја зголемила академската тежина на трудот. Во целина, трудот е релевантен, добро структуриран и нуди значаен придонес за разбирање на турската детска книжевност во Македонија, особено нејзината улога во воспитувањето на културните и моралните вредности кај децата.

6. **Saini, Refide and Koteva, Ivana (2024).** *The Woman's Mentality In The Short Story "The Iron Sister" By Nemica Tugju,* Knowledge-International Journal, Skopje, ISSN: 1857-923X

**Евалуација:** Овој труд претставува добро структуриран и аналитички осврт на женскиот менталитет, со посебен фокус на ликот на Железната сестра од расказот на турската писателка Немика Тугџу. Авторката успешно ја презентира методологијата на истражувањето, започнувајќи со теоретска рамка за поимот „менталитет" и неговите составни компоненти, а потоа ја применува таа анализа на конкретниот литературен лик. Силна страна на трудот е способноста на авторката да го истакне психолошкиот и емотивен контекст на ликот – мотивациите, очекувањата и чувствата кои ја обликуваат „Железната" фасада на главната медицинска сестра. Поставените прашања – за архитектите на нејзиниот „железен оклоп", причините за потиснување на чувствата и доследноста кон други ликови – се јасни и го водат читателот кон длабоко разбирање на внатрешниот конфликт на ликот. Авторката ја изнесува и причинската врска помеѓу совеста, високите очекувања од самата себе и влијанието на учителката Мелахат врз психологијата на Железната сестра, што ја збогатува анализа на менталитетот и го прави трудот психолошки и литературно релевантен. Заклучокот дека потиснатите чувства конечно ја обземат и ликот се претопува во обичен човек, е логичен и кохерентно поврзан со анализата. За дополнително зајакнување на трудот би било корисно да се вклучат конкретни цитати од расказот кои ја илустрираат психологијата на Железната сестра, како и споредби со други литературни ликови со слични карактеристики. Исто така, вклучување на дополнителна теоретска литература за менталитетот, психолошката литература или турска литература би ја зголемила академската тежина на трудот.

7. **Sahin, Refide (2024).** *Revıew Of The Works Of Macedonıan Authors In The Turkısh Chıldren's Magazıne "Bahçe" Publıshed In North Macedonıa,* Меѓународно списание за лингвистички, книжевни и културолошки истражувања ПАЛИМПСЕСТ, Vol. 9 No. 17 ISSN: 2545-3998, Универзитет „Гоце Делчев", Филолошки факултет, Штип.

**Евалуација:** Овој труд претставува значаен и научно втемелен придонес во проучувањето на турското издаваштво и книжевната продукција во Северна Македонија по распадот на СФР Југославија. Авторката јасно го поставува историскиот и општествено-културниот контекст во кој се одвиваат промените во турското издаваштво, со особен акцент на прекинот на континуитетот на значајните публикации и појавата на списанието „Бахче" како нов носител на книжевниот и културниот израз. Посебна вредност на трудот е истакнувањето на мултиетничкиот карактер на Северна Македонија и неговиот одраз врз книжевната и издавачката практика. Анализата на присуството на македонски автори и текстови на македонски јазик, напишани со кирилско писмо во турско детско списание, убедливо ја нагласува интеркултурната димензија на списанието „Бахче" и неговата

улога како мост меѓу различните книжевни и јазични традиции. Трудот се одликува со јасен академски јазик, логична структура и прецизно дефинирана цел. Методот на состојбена анализа е соодветно применет и овозможува релевантни заклучоци за заемните книжевни влијанија и заедничките културни вредности во мултиетничка средина. Во целина, трудот претставува релевантно и оригинално истражување кое го збогатува корпусот на научни трудови посветени на турската книжевност и детската периодика во Северна Македонија и нуди солидна основа за понатамошни интердисциплинарни и компаративни истражувања во областа на книжевноста, културологијата и јазичните студии.

**8. Refide Sahin, (2025).** *Historical Overview Of The Turkish Language And The Influence Of The Arabic Scripture On The Turkish Language*, Knowledge-International Journal, ISSN: 1857-923X, ISSN: 2545-4439, Skopje.

**Евалуација:** Овој труд на авторката д-р Рефиде Шахин претставува јасен, концизен и научно заснован преглед на историското и културното влијание на арапскиот јазик и писмената традиција врз развојот на турскиот јазик. Авторката умешно го поврзува јазичниот развој со пошироките цивилизациски и религиски процеси, посебно со прифаќањето на исламот кај Турците, при што аргументирано ја објаснува појавата и ширењето на арапските лексички и графички елементи во турскиот јазик. Посебна вредност на трудот претставува деталниот осврт на различните стилови на арапската калиграфија (несих, сулус, рика, дивани, талик) и нивната примена во турската писмена и уметничка традиција. Со тоа, трудот не се ограничува само на јазичен аспект, туку успешно ја опфаќа и културно-уметничката димензија на калиграфијата како значаен елемент на османлиската цивилизација. Текстот се одликува со јасен академски стил, логична структура и хронолошка доследност од раниот средновековен период, преку османлиската епоха, до јазичната реформа во републиканскиот период. Особено е значајно критичкото согледување на јазичната револуција и обидите за јазично прочистување, што покажува балансиран и аналитички пристап кон темата. Во целина, трудот претставува вреден научен придонес во областа на туркологијата, историската лингвистика и културните студии. Тој нуди солидна основа за понатамошни истражувања поврзани со јазичните контакти, писмените системи и улогата на калиграфијата во оформувањето на културниот идентитет на турскиот народ.

**9. Şahin, Refide (2025).** *A Thematic Study On Nusret Disho Ulku's Works Published In The Bahce Children's Magazine,* Knowledge-International Journal, ISSN: 1857-923X, Skopje.

**Евалуација:** Трудот на авторката д-р Рефиде Шахин претставува значаен научен придонес во проучувањето на турската книжевност и издаваштво во Северна Македонија, особено во контекст на детската периодика. Авторката јасно го поставува историскиот и културниот контекст на турскиот јазик и култура на Балканот, со што овозможува подобро разбирање на условите во кои се развивало турското печатено слово. Посебна вредност на трудот е фокусот на списанието „Бахче“ како редок и долготраен пример на турско детско списание во период на институционални и културни тешкотии. Со систематски и аналитички пристап, д-р Шахин успева да ја истакне улогата на списанието во образованието, културната афирмација и зачувувањето на јазичниот и националниот идентитет на турската заедница во Северна

Македонија. Тематската анализа на поезијата на Нусрет Дишо Улку е соодветно избрана и научно аргументирана, при што се нагласува воспитно-образовната и естетската вредност на објавените творби. Јазикот на трудот е јасен, прецизен и соодветен на академскиот стил, а користените податоци и факти се релевантни и логично поврзани. Во целина, трудот на д-р Рефиде Шахин претставува вреден извор за идните истражувања во областа на турската книжевност на Балканот, детската литература и културната историја на турската заедница во Северна Македонија.

**10. Šahin, R. Refide (2025).** *Proza za Djecu Bajruzina Hajre Planjca i Njezina Recepcija u Književnoj Kritici,* Savremena Bosanskohercegovačka Proza za Djecu, UPK - Društvo "Mali Princ" ISBN 978-9926-8301-5-1 Tuzla.

**Евалуација:** Трудот посветен на Бајрузин Хајро Планјац е значаен придонес кон проучувањето на современата босанско-херцеговска детска и младинска книжевност. Авторката систематски ја презентира повеќеслојната активност на Планјац како писател, поет, уредник и приредувач, истакнувајќи ја разновидноста на неговиот жанровски опус, што вклучува раскази, бајки, басни и романи. Една од силните страни на трудот е тоа што авторката ја анализира и рецепцијата на неговите дела кај читателите и книжевната критика, како во домашен, така и во регионален контекст. Со тоа се нагласува влијанието на неговото творештво врз современата литература за деца и млади, а посебно важен е акцентот на неговата застапеност во преводи, учебници, антологии и хрестоматиите, што ја потврдува неговата значајност и авторитет во областа. Методолошки, трудот е јасно структуриран, со логично презентирање на податоците и аргументите, што овозможува читателот да добие целосна слика за комплексноста на Планјчевото творештво. Дополнително, акцентот на критичката рецепција и позицијата на авторот во современата книжевна сцена ја зголемува научната вредност на трудот. Заклучно, трудот на д-р Рефиде Шахин претставува компетентен и академски значаен преглед на делото на Бајрузин Хајро Планјац, придонесувајќи за подобро разбирање на современата детска и младинска книжевност во Босна и Херцеговина и на нејзиното место во поширокиот регионален контекст.

**Трудови објавени во зборници од меѓународни научни конференции**

**11. Şaini, Refide and Koteva, İvana (2020).** *Kuzey Makedonya Türk Çocuk Edebiyati Dergisi "Tomurcuk"*, IV. Uluslararası Türklerin Dünyası Sosyal Bilimler Sempozyumu, ISBN:978-605-67570-7-5 Ankara.

**Евалуација:** Текстот дава јасен и концизен преглед на историскиот и културниот развој на турската заедница во Северна Македонија, со посебен акцент на улогата на печатените медиуми и детските списанија во обновата на образовниот и културниот живот по повлекувањето на Отоманската Империја. Авторот успешно ја истакнува 1944 година како клучна пресвртна точка и аргументирано го нагласува значењето на весникот „Бирлик" како образовно и културно средство. Посебна вредност на текстот е систематскиот приказ на развојот на детската периодика, при што се нагласува воспитно-образовната улога на списанијата „Пионер", „Севинч" и „Томурџук". Текстот се одликува со јасен академски стил, логична структура и терминолошка прецизност, а употребата на дефиниции за детските списанија придонесува за поголема научна јасност. Во целина, текстот претставува релевантен и методолошки

оправдан прилог кон проучувањето на турската детска книжевност во Северна Македонија и може да послужи како солидна основа за понатамошни истражувања во областа на книжевноста, културологијата и образованието.

**12. Koteva, İvana ve Şaini, Refide (2020).** *Radoviş Yöresi Halk Masalları,* IV. Uluslararası Türklerin Dünyası Sosyal Bilimler Sempozyumu, ISBN:978-605-67570-7-5 Ankara.

**Евалуација:** Текстот претставува јасен и содржински добро структуриран преглед на значењето на народните бајки како дел од нематеријалното културно наследство. Авторите успешно ја истакнуваат важноста на нивното документирање, особено во контекст на зачувување на локалната традиција и колективната меморија. Посебна вредност на текстот е нагласувањето на воспитно-образовната и културната функција на бајките, како и нивната улога во пренесувањето на морални и етички вредности. Текстот се одликува со јасен академски стил, логична структура и соодветна терминолошка прецизност. Во целина, текстот претставува релевантен и значаен прилог во проучувањето на усното народно творештво и може да послужи како солидна основа за понатамошни научни истражувања во областа на фолклористиката, културологијата и образованието.

**13. Şaini, Refide** (2021). *Makedonya'da Türkçe Yayın Yapan Bir Dergi ve Değerler: İlhami Emin Örneği,* II. Maarif Kongresi, Ankara, Türkiye.

**Евалуација:** Трудот е прегледен и добро структуриран, со јасно истакнување на значењето на турскиот јазик и неговата улога во образованието и детската книжевност во Северна Македонија. Посебно е ценет делот посветен на списанието „Томурџук", неговата жанровска разновидност и воспитно-образовна функција. Текстот се одликува со јасен академски јазик, логична поврзаност и прегледност, што овозможува читателот да ја согледа културната, историската и образовната важност на турската книжевност за деца. Дополнително, трудот успешно го поврзува историскиот контекст со современата улога на турскиот јазик и неговата литература, нагласувајќи како традицијата продолжува низ детските списанија и литературата за деца. Изложените податоци за авторите и поетите кои се застапени во „Томурџук" ја покажуваат интердисциплинарната вредност на списанието, како литературен и културен феномен. За дополнително зајакнување на трудот се препорачува вклучување на конкретни примери од текстовите и поезијата на Илхами Емин, како и подетална анализа на вредностите кои тие ги пренесуваат. Исто така, проширување на референците со релевантни литературни и научни извори би ја зголемила академската тежина и сигурност на заклучоците. Во целина, трудот претставува релевантен, информативен и методолошки оправдан придонес во проучувањето на турската детска книжевност и нејзината улога во образованието и културното наследство во Северна Македонија.

**14. Çelik, Mahmut и Koteva, İvana и Şaini, Refide (2023).** *Atso Şopov`Un Sanatını Türk Okurlarına Tanıtmak,* Зборник од меѓународната научна конференција „Сто години од раѓањето на Ацо Шопов", Филолошки факултет, УГД – Штип.

**Евалуација:** Овој труд претставува јасно и концизно истражување посветено на животот и делото на Ацо Шопов, еден од најзначајните македонски поети. Авторот ја истакнува неговата мултидимензионална улога во културниот и општествениот живот на Македонија – како поет, преведувач,

организатор на Струшките вечери на поезијата, активист и дипломат. Овој контекст ја зајакнува важноста на трудот, прикажувајќи ја личноста на Шопов не само низ призмата на поезијата, туку и како културен и општествен актер. Трудот успешно го објаснува значењето на поезијата на Шопов, нагласувајќи ја нејзината трајна вредност и интересот што го предизвикува како кај читателите, така и кај научните истражувачи. Посебна вредност има целта на трудот – проширување на преведувањето на неговите дела на турски јазик, со што се овозможува пристап до нова читателска публика и се потенцира меѓукултурниот аспект на неговото дело. Текстот е прегледен, академски структуриран и лесен за следење. Авторот ги образложува мотивите за изборот на темата и значењето на истражувањето, при што ја истакнува потребата за натамошни научни истражувања за делото на Шопов. Како можност за дополнување и зајакнување на трудот, би било корисно да се вклучат конкретни примери од поезијата на Шопов и нивни преводи на турски, со што би се илустрирала неговата стилска разновидност и тематската длабочина. Исто така, споредба со преводите на други јазици би ја покажала меѓународната димензија на неговото дело. Во целина, трудот е релевантен, информативен и нуди солидна основа за понатамошни истражувања и интерпретации на животот и поезијата на Ацо Шопов, како и за промоција на македонската литература пред турската читателска публика.

**15. Шахин, Рефиде (2025).** *Дечји часопис „Томурџук" на турском језику у Северној Македонији и уметничке вредности Неџати Зекерије,* Развој вредности у области предшколског васпитања и образовања, Зборник радова са Деветнаесте конференције са међународним учешћем „Васпитач У 21. веку“, Алексинац - Србија.

**Евалуација:** Трудот на д-р Рефиде Шахин е значаен придонес кон истражувањето на турската детска книжевност во Северна Македонија. Авторката јасно го прикажува историскиот развој на списанието „Томурџук“, неговите жанрови, автори и улогата во образованието и воспитувањето на децата. Истражувањето дава богат контекст преку вклучување на различни жанрови и песни од значајни автори, што ја покажува важноста на списанието како културен и едукативен феномен. Сепак, трудот би можел дополнително да ја зголеми аналитичката длабочина преку подлабока анализа на конкретни текстови и јасен метод за евалуација на вредностите застапени во песните. Со тоа би се добила целосна академска студија која покажува не само историски и содржински развој, туку и влијанието на книжевното наследство врз формирањето на вредности кај младите читатели

**16. Челик, Махмут и Шахин, Рефиде и Котева, Ивана (2025).** *Критички приказ на три књиге прича за децу Неџатија Зекерије,* Развој вредности у области предшколског васпитања и образовања, Зборник радова са Деветнаесте конференције са међународним учешћем „Васпитач у 21. веку“, Алексинац.

**Евалуација:** Трудот ја прикажува значајноста на творештвото на Неџати Зекерија во рамките на турската детска книжевност во Северна Македонија на јасен и структуриран начин. Авторката успешно ја истакнува историската и културната улога на Зекерија како писател и уредник, со што се обезбедува целосна слика за неговиот придонес кон развојот на детската литература на турски јазик. Силни страни на трудот се јасното поставување на историскиот контекст, каде што расказите на Зекерија се сместуваат во повоениот период

на турската детска книжевност и издаваштво во Северна Македонија, со посебен осврт на списанијата „Севинч“ и „Томурџук“ и нивната улога во промоцијата на детската литература. Истакнувањето на главниот јунак Орхан како симбол на универзално дете ја демонстрира аналитичката способност на авторката да го истражи значењето на ликовите во контекст на вредносната едукација. Наведувањето на преводите, наградите и меѓународното признание ја поткрепува важноста на Зекерија и ја демонстрира неговата релевантност и влијание. Трудот е јасно и логично структурирани, што ја олеснува читливоста и следливоста на аргументите. Предлози за подобрување вклучуваат подлабока теоретска анализа со вклучување на литературни референци и теоретски рамки за детската книжевност, што би ја зацврстило академската основа. Додавање на споредба со други автори од истиот период или регион би ја истакнало уникатноста на Зекерија и неговиот стил. Подлабоката анализа на темите, мотивите и стилските особености на расказите би го зајакнала литературниот осврт. Трудот претставува значаен придонес кон проучувањето на турската детска книжевност во Северна Македонија и убедливо ја прикажува улогата на Неџати Зекерија како автор и уредник, како и културното и образовното значење на неговите дела, обезбедувајќи цврста основа за понатамошни истражувања во оваа област.

**17. Şahin, Refide (2025).** *Necati Zekeriya'nin Harfler Ne Yer? Şiir Kitabinda Anlambilimsel Derinlik ve Çocuk Edebiyatı,* Зборник на трудови од „27. Меѓународен симпозиум на турската култура“, Филолошки факултет, ISBN 978-608-277-134-2, Штип.

**Евалуација:** Трудот на д-р Рефиде Шахин претставува темелна и добро структурирана студија за поетската книга „Што јадат буквите?“ од Неџати Зекерија, еден од водечките автори на детската книжевност во Северна Македонија. Авторката успешно го поставува фокусот на семантичката анализа, што овозможува детално проучување на значењето на зборовите, метафорите, симболите и фигуралните изрази, со што се нагласува семантичката длабочина и воспитната вредност на поезијата за деца. Една од најсилните страни на трудот е јасното поврзување помеѓу апстрактните и конкретните концепти и нивната улога во јазичната естетика и образовната функција на поезијата. Авторката го истакнува и креативниот потенцијал на јазикот, прикажувајќи како Зекерија го користи јазикот на начин што е достапен, но и стимулативен за детската публика. Историскиот и биографски контекст за Нецати Зекерија е прецизно изложен, вклучувајќи ја неговата лична и образовна заднина, како и влијанието на семејното културно наследство врз неговото творештво. Овој аспект дополнително го збогатува трудот, овозможувајќи подлабоко разбирање на поетската продукција на авторот. Малку подобрување може да се направи во делот на конкретни примери од стиховите за илустрирање на семантичките анализи, што би ја направило студијата уште поинтерактивна и убедлива за читателот. Исто така, би било корисно да се воведат кратки паралели со современи пристапи во детската литература или со други автори за да се смести Зекерија во поширок контекст на детската книжевност. Во целост, трудот е висококвалитетен, научно добро аргументиран и придонесува кон подобро разбирање на семантичката длабочина во детската поезија и на значењето на Нецати Зекерија за турската детска книжевност во Северна Македонија. Академски стил: јасен, конзистентен, со правилно користење на терминологија од семантиката и детската литература.

**18. Şahin, Refide (2025).** *Kuzey Makedonya Türk Çocuk Dergileri Tomurcuk Ve Bahçe'de Değerler Eğitimi Üzerine Bir İnceleme,* 9. Uluslararası Türklerin Dünyası Sosyal Bilimler Sempozyumu, ISBN: 978-625-93727-1-6, Bakü-Azerbaycan.

**Евалуација:** Трудот на авторката д-р Рефиде Шахин претставува значаен и научно заснован придонес кон проучувањето на турската детска книжевност во Северна Македонија, со посебен фокус на едукацијата во вредности. Авторката јасно ја дефинира целта на истражувањето и применува соодветен историски и социолошко-критички пристап, што овозможува сеопфатно согледување на книжевниот и општествениот контекст во кој настанале и се развивале списанијата „Томурџук" и „Бахче". Особена вредност на трудот е систематската анализа и класификација на вредностите присутни во двата периоди, со што се овозможува компаративен увид во континуитетот и промените во воспитно-образовната улога на турските детски списанија. Истражувањето е јасно структурирано, аргументирано и поткрепено со релевантни податоци, што ја зголемува неговата научна релевантност. Во целина, трудот се истакнува со својата оригиналност, аналитичност и актуелност и претставува важна основа за понатамошни истражувања во областа на турската книжевност, детската литература и едукацијата во вредности во мултикултурен контекст.

**19. Çelik, Mahmut and Şahin, Refide and Velkova, İvana (2025).** *Azerbaycan Çocuk ve Gençlik Edebiyatının Doğuşu ve Gelişimi (Balkan Coğrafyasındaki Yansımaları)* 9. Uluslararası Türklerin Dünyası Sosyal Bilimler Sempozyumu, Bakü-Azerbaycan,

**Евалуација:** Трудот претставува јасно структурирано и концепциски заокружено истражување кое нуди сеопфатен преглед на развојот на азербејџанската детска и младинска книжевност. Авторката успешно ги поврзува историските, поетските и тематските аспекти, при што убедливо се прикажува трансформацијата на оваа книжевност од дидактички ориентирани текстови кон естетски вредни и уметнички зрели остварувања. Посебна вредност на трудот е нагласувањето на улогата на народната традиција и културното наследство како основа врз која се гради современиот книжевен израз. Анализата на современите наративни стратегии, како што се хуморот, играта и фантазијата, покажува солидно теориско познавање и чувствителност кон спецификите на детската книжевност. Вклучувањето на релевантни автори и нивните дела ја зајакнува научната аргументација и овозможува поширок увид во книжевните текови. Во целина, трудот претставува значаен научен придонес и корисна основа за понатамошни истражувања во областа на азербејџанската, но и компаративната детска книжевност.

**Учество на меѓународни научни конференции и собири**

Д-р Рефиде Шахин учествувала на бројни регионални и меѓународни конференции и научни собири, каде што ги презентирала своите истражувања. За своето учество, добила сертификати кои ја потврдуваат нејзината успешност и придонес во научната заедница.

**20.** Семинар на тема „Четири основни јазични вештини и граматика во наставата по турски јазик- Türkçe Öğretiminde Dört Temel Dil Becerisi ve Dil Bilgisi", организиран од страна на Јунус Емре на 8 октомври 2020, Скопје.

**21.** 5th International Conference on Social Sciences and Humanities - International Balkan University - 2021 Skopje.

**22.** 4th International Conference on Social Sciences and Humanities , International Balkan University, Macedonia- Skopje, 2021

**23.** Uluslararasi Türk Dünyası Yunus Emre Sempozyumu, Pamukkale University, Türkiye, 2021.

**24.** 7th INCSOS International Congress of Social Sciences held on June 2022 in Bakü-Azerbaijan

**25.** VIII th International Congress of Teaching Turkish as a Foreign Language, 15-16 September 2022 – Skopje.

**26.** Развој вредности у области предшколског васпитања и образовања, деветнаесте конференције са међународним учешћем „Васпитач у 21. веку", Алексинац, 2024.

**27.** ELT Event organized by Department of ELT at International Balkan University on September 14th, 2023. Skopje.

**28.** Kuzey Makedonya`da Yayın Yapan Türk Çocuk Dergisi "Bahçe"deki Makedon Yazarların Eserleri ve Türkçe Üzerine, Sakarya University, Türkiye-Sakarya, 2023.

**29.** Меѓународната научна конференција „Сто години од раѓањето на Ацо Шопов", Филолошки факултет, УГД – 2023, Штип.

**30.** Turkish Children`s Literature in Macedonia and Values Education in Tomurcuk Journal, Institute of Management and Knowlwdge, Bulgaria-Bansko, 2023.

**31.** Turska Knjizevnost za Decu i Odnos Prema Narodnoj Knjizevnosti, Centar za Kulturu Vuk Karacic, Insitut za Decju Knizevnost, Beograd, Trsic-Srbija, 2024

**32.** International Tourism, Economy and Culture Congress, Sivas Cumhuriyet University and International Balkan University 2024, Skopje.

**33.** 6th International Conference The Teacher of the Future - Budva, Montenegro, 2024

**34.** 6th International Conference of the Faculty of Philology, University of Montenegro, Language, Translation and Literary Horizons in the 21st Century, Bar-Montenegro 27-28 Semtember 2024

**35.** 26. Uluslararası Türk Kültürü Sempozyumu, Tika, Macedonia- Valandovo, 2024.

**36.** XXVII. Меѓународен симпозиум на турската култура, Филолошки факултет – Штип, 2025.

**37.** Развој вредности у области предшколског васпитања и образовања Деветнаесте конференције са међународним учешћем „Васпитач у 21. веку", Алексинац – Србија, 2025.

**38.** Historical Overview of the Turkish Language and the Influence of the Arabic Scripture on the Turkish Language, Institute of Management and Knowlwdge, Skopje, 2025.

**39.** IX. Uluslararası Türklerin Dünyası Sosyal Bilimler Sempozyumu, Kuzey Makedonya Türk Çocuk Dergileri Tomurcuk ve Bahçe'de Değerler Eğitimi üzerine bir inceleme, Turkiye, 2025.

**40.** Makedonya Türk Öğretmenler Derneği ve uluslararası Avrasya Eğitim Sendikaları Birliği İşbirliğinde Düzenlenen Güncel Kuzey Makedonya Türkçe Eğitim Sistemi Yuvarlak Masa Çalıştayı, Üsküp, 2025.

**41.** I. Uluslararası Balkan Türklerinin Dili, Edebiyatı ve Kültürü Sempozyumu "Fahri Kaya'nın Şiirlerinde Değerler Eğitiminin İzleri: Tomurcuk Dergisi Örneği" Çağ Üniversitesi, Mersin -Türkiye, 2025.

***Д-р Рефиде Шахин како рецензент на трудови во меѓународно научно списание***

Д-р Рефиде Шахин рецензент на три научни труда објавени во списанието „Палимпсест" (Филолошки факултет – Штип), индексирано во SCOPUS. Изработени се три рецензии на следните трудови:

**1.** Kuzey Makedonya Cumhuriyeti'nde Türkoloji Çalışmalarının Gerçekleştirdiği kurumlar, 16.06.2021.

**2.** Türkçe Dilbilgisi Öğretiminde Çağdaş Türk Şiirinin Kullanılması, 22.05.2024.

**3.** Halid Ziya Uşaklıgil'in Nemide Adlı Romanı Üzerine, 23.04.2025.

**Следната листа ги опфаќа рецензиите на трудови објавени во списанието TLT (IJEP) низ годините во кои д-р Рефиде Шахин учествувала како рецензент на објавените трудови:**

**4. Subject:** "The Reflection of Women In Taşlicali Yahya Bey's 'Şah U Gedâ And Yûsuf U Züleyhâ'" Author: Semra Halili, Year: 2022, June / Issue: 1 / Volume: 3.

**5. Subject:** "Based on The Context of Feminism The Roman Named Leyla Over National, Sayings And Violence Is Reread Again", Author: Melek Nuredini, Şükriye Kahya, Year: 2022, June / Issue: 1 / Volume: 3.

**6. Subject:** "The Tradition Of The Dowry Chest In The Context Of Marriage In Turkish Culture", Author: Mine Bilge, Year: 2022, June / Issue: 1 / Volume: 3.

**7. Subject:** "The Physical And Psychological Change Of Old Age In Junichiro Tanizaki's Novel 'The Day of A Crazy Old Man'", Author: Hasan Şahin, Year: 2022, June / Issue: 1 / Volume: 3.

**8. Subject:** "A Comparison Of The Turkish Divan Dibace Of Fuzuli-İ Bağdâdi And Taşlicali Yahya Bey", Author: Emine Öte, Year: 2022, December / Issue: 2 / Volume: 3.

**9. Subject:** "Georgian Loan Words In The Dialect Of Central Ardahan And Central Hanak And Their Villages", Author: Mehmet Dursun Erdem, Ümit Özgür, Serhat Küçük, Year: 2022, December / Issue: 2 / Volume: 3.

**10. Subject:** "Some Issues Encountered In Education By Turkish Migrants (The Example Of Austria)", Author: Şaban Yaşar, Year: 2022, December / Issue: 2 / Volume: 3.

**11. Subject:** "Some 'Architectural Terms' In The Memoirs Of Babur", Author: Hamza Yalçınkaya, Year: 2022, December / Issue: 2 / Volume: 3.

**12. Subject:** "The Importance Of The Orhun Inscriptions", Author: Fahri Karaman, Year: 2022, December / Issue: 2 / Volume: 3.

**Одбранет магистерски труд**

**1. Ментор** на магистерски труд на кандидатката Елма Бехлули на тема „Kosova Türk Çocuk Edebiyatında Değerler Eğitimi Bahar Dergisi Örneği" (одбраната на овој магистерски труд е одржана на 27.3.2025 година);

**2. Член** на магистерски труд на кандидатката Ајсел Илјази на тема „Влијанието на западната литература во турската книжевност" (одбраната на овој магистерски труд е одржана на 15.6.2021 година);

**3. Член** на магистерски труд на кандидатот Билгин Целадин на тема „Списанието 'Севинч' гласник на турската култура и литература во Македонија", (одбраната на овој магистерски труд е одржана на 13.3.2023 година);

4. **Член на Комисија** за одбрана на дипломски труд на кандидатката Ајше Сулејман на тема „Şükrü Ramo`nun Şiirlerinde Çocuk Teması" (одбраната на овој дипломски труд е одржана на 6.11.2020 година);

5. **Претседател на Комисија** за одбрана на дипломски труд на кандидатката Бану Исмаили на тема „Kuzey Makedonya Türk Çocuk Edebiyatı ve İlhami Emin`in Şiirleri Üzerine Bir İnceleme" (одбраната на овој дипломски труд е одржана на 28.10.2021 година);

6. **Член на Комисија** за одбрана на дипломски труд на кандидатката Кемал Шабани на тема „Okuma Gelişiminde Çocuk Edebiyatının Rolü" (одбраната на овој дипломски труд е одржана на 26.9.2022 година);

7. **Претседател на Комисија** за одбрана на дипломски труд на кандидатката Ајсун Јонузи Шабани на тема „Kuzey Makedonya Gostivar Sağlık Meslek Lisesi Türkçe Ders Programı" (одбраната на овој дипломски труд е одржана на 26.9.2022 година);

8. **Член на Комисија** за одбрана на дипломски труд на кандидатката Јусра Исмаили на тема „Ailenin Çocuk Üzerindeki Etkisi" (одбраната на овој дипломски труд е одржана на 28.9.2022 година);

9. **Член на Комисија** за одбрана на дипломски труд на кандидатката Ајлин Демиркан на тема „Balkan Üniversitesindeki Arnavut Ve Makedon Öğrencilerin Türkçe Öğrenmekte Karşılaştıkları Zorluklar (Anket)" (одбраната на овој дипломски труд е одржана на 26.9.2023 година);

10. **Претседател на Комисија** за одбрана на дипломски труд на кандидатката Зулејха Алиу на тема „Küçük Prens Kitabında Yer Alam Değerler, Züleyha Aliu" (одбраната на овој дипломски труд е одржана на 18.6.2024 година);

***II. Стручно-апликативна дејност на д-р Рефиде Шахин***

Д-р Шахин континуирано и одговорно ја извршува својата наставна и советодавна дејност, со особен акцент на академското советување и поддршката на студентите во процесот на нивната интеграција во академскиот живот.

Како член на научни одбори на повеќе меѓународни симпозиуми, конференции и стручни списанија, д-р Шахин активно учествува во меѓународниот научен живот и придонесува кон унапредување на научноистражувачката дејност во областа на филологијата и туркологијата.

На Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, д-р Шахин реализира настава по значаен број предмети од прв и втор циклус на студии, меѓу кои: Лексикологија на современиот турски јазик, Преведување и толкување од македонски на турски јазик, Методика на наставата по турски јазик и турска книжевност, Писмено и усно изразување на современ турски јазик, Фразеологија на современиот турски јазик, Техники на преведувањето, дикција на современиот турски јазик, Основи на лекторирање, Преведување на книжевни текстови, како и Методологија на научноистражувачка работа на постдипломски студии. Наставата се одликува со јасна структура, современ пристап и интеграција на теоретските и практичните аспекти на наставните содржини.

Покрај наставната дејност, д-р Шахин активно учествува во организацијата и реализацијата на академски настани, научни трибини и семинари, при што посебно внимание посветува на поттикнување на научноистражувачката активност кај студентите и вклучувањето на младите истражувачи во научни проекти и публикации.

Во рамките на своето професионално усовршување, д-р Шахин има завршено специјализирана обука во Анкара, каде што се стекнала со сертификат од програмата „Настава по турски јазик како странски јазик за турколози во странство", реализирана во соработка помеѓу Институтот „Јунус Емре" и Универзитетот „Гази". Дополнително, таа е носител на сертификат за судски преведувач за турски–македонски и македонски–турски јазик, издаден од Министерството за правда на Република Северна Македонија.

Во рамките на својата стручно-апликативна дејност, д-р Шахин активно го применува академското знаење во практиката преку преводи и толкувања за институции и компании, изработка на наставни и дидактички материјали за наставата по турски јазик, како и преку учество во проектни активности поврзани со културна и јазична соработка. Нејзината експертиза особено доаѓа до израз во судските постапки, каде што е ангажирана како овластен судски преведувач и толкувач.

Во рамките на дејноста од поширок општествен интерес, д-р Шахин дава значаен придонес во промоцијата на турскиот јазик и култура во Република Северна Македонија и пошироко, преку учество во културни манифестации, јавни предавања, семинари и работилници. Таа активно ја поддржува меѓукултурната комуникација и академската соработка меѓу домашни и странски универзитети и институции.

Дополнително, д-р Шахин била член на повеќе комисии за одбрана на дипломски трудови, член на комисија за одбрана на магистерски труд, како и рецензент на научни и стручни трудови. Таа е повеќепати ангажирана како рецензент во меѓународното научно списание „Палимпсест", во списанието IJEP-JOURNAL, како и во други меѓународни научни списанија што се објавуваат во Република Турција.

Врз основа на сето погоре наведено може да се констатира дека д-р Шахин остварува значаен и континуиран придонес во наставно-научната, стручно-апликативната и општествената дејност, исполнувајќи ги во целост критериумите за академска ангажираност и професионална извонредност.

**Поглавје од книга**

1. **Şaini, Refide (2023).** Şükrü Ramo Hayatı Sanatı ve Eserleri, Balkan Türk Edebiyatı 1940`Tan Günümüze Kadar. Uluslararası Balkan Üniversitesi Yayınları, ISBN: 978-608-4868-33-0, Üsküp. (Дел од книгата, книжно поглавје).

**Евалуација:** Овој труд претставува темелна и добро структурирана анализа на животот и творештвото на Шукру Рамо, со посебен фокус на неговите раскази и поезија. Истражувањето успешно ги истакнува непознатите аспекти на неговата личност, како и влијанието на историските и социјалните околности, особено пред и по Втората светска војна, врз неговиот литературен израз. Авторот на трудот посебно ја нагласува поетичноста во расказите на Рамо и употребата на едноставен јазик за подобро разбирање од страна на децата, како и влијанието на јазичните предизвици на регионалниот турски јазик. Трудот е значаен и поради истакнувањето на улогата на Рамо во турската литература во Северна Македонија и Косово, особено неговото придонесување за едукацијата на децата со вредности на братство, единство и патриотизам. Анализата на неговата младост и критиката кон фашизмот додава длабочина на интерпретацијата на неговото творештво, прикажувајќи го како автор

кој активно ја интегрира личната и историската реалност во литературата. Заклучоците на трудот јасно ја нагласуваат идентитетската и идеолошката основа на делата на Рамо, како и неговото значење за турската книжевна традиција во регионот. Трудот е придонесен за понатамошни истражувања и ја потврдува важноста на Шукру Рамо како писател кој ја спојува уметноста со социјалните и културните вредности.

**Учество/член во факултетски комисии**

1. Уредник на меѓународно списание за наставата по турски јазик како странски јазик (IJOTFL).
2. Член на уредувачки одбор на меѓународно списание IJEP-JOURNAL, Меѓународен балкански универзитет, Скопје.
3. Член на Комисија за измени и дополнувања на студиските програми на Меѓународниот балкански универзитет во Скопје и на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.
4. Член на Комисија за изработка на студиски програми за прв и втор циклус студии на Меѓународниот балкански универзитет во Скопје и на Филолошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.
5. Член на Комисија за изработка на елаборат за постдипломски (мастер) студии и за усогласување на наставните планови и програмските содржини за Катедрата за турски јазик и книжевност на Меѓународниот балкански универзитет во Скопје и на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.
6. Претседател и член на рецензентска комисија за одбрана на магистерски трудови на Меѓународниот балкански универзитет во Скопје и на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.
7. Координатор за студентска практична настава (INTERNSHIP програма).

**Стручни награди и признанија**

1. **Sn. Dr. Öğretim Üyesi Refide Saini,** Makedonya'da Türkçe Yayin Yapan Bir Dergi ve Değerler: İlhami Emin Örneği, II. Maarif Kongresi, Kongreye sağladığınız katkı için plaket tkadimi, 13-18. 2021 Türkiye- Ankara. (Почитувана доцент д-р Рефиде Шаини, за Вашиот значаен научен придонес со трудот „Списание што објавува на турски јазик во Македонија и вредностите: примерот на Илхами Емин“, презентиран на II Маариф конгрес, Ви се доделува оваа плакета, 13–18 јуни 2021 година, Турција – Анкара.)
2. Благодарница на **доц. д-р Рефиде Шаини,** за нејзиниот придонес во развојот на Групата за турски јазик и книжевност на Филолошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, декември 2023 г.

***Општа евалуација на наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност на кандидатката д-р Рефиде Шахин***

Предоченият деталене приказ и евалуацијата на резултатите што ги постигнала кандидатката д-р Рефиде Шахин покажуваат дека таа поседува значајно искуство и релевантни достигнувања во трите посебни дејности.

Во рамките на наставно-образовната дејност, д-р Шахин континуирано ги унапредувала своите наставни и педагошки компетенции на сите нивоа на

образованието, од основно до високо. Таа била ангажирана како професор по предметот Турски јазик и литература, како и како наставник по предмети од студиските програми на Катедрата за турски јазик и книжевност при Филолошкиот факултет во Штип. Нејзината научноистражувачка дејност се одликува со сериозен и систематичен пристап, што се потврдува преку објавените научни трудови во списанија со меѓународен карактер, како и преку активното учество на меѓународни научни конференции. Дополнително, учеството во бројни активности насочени кон унапредување на образованието, како и кон сопствениот професионален развој, заедно со објавувањето на една книга и едно книжно поглавје наменети за наставата во високото образование, сведочат за богата, континуирана и продуктивна стручно-апликативна дејност на д-р Рефиде Шахин.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на изнесените податоци за кандидатката, членовите на Рецензентската комисија со задоволство констатираат дека д-р Рефиде Шахин во целост ги исполнува сите законски критериуми за избор во насловно звање вонреден професор, утврдени со Законот за високото образование и со Правилникот за посебните услови и постапката за избор во насловни звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Имено, од предочените факти произлегува дека д-р Рефиде Шахин поседува значајно наставно искуство како во основното, така и во високото образование, како и активно учество во повеќе стручно-апликативни активности. Во текот на нејзиниот професионален развој се забележува континуиран научен напредок, што се потврдува преку објавените трудови во домашни и меѓународни стручни и научни списанија и публикации, како и преку авторството на една научна книга. Дополнително, нејзината научна активност е заокружена со активно учество на повеќе меѓународни научни конференции.

Сето наведено укажува дека кандидатката д-р Рефиде Шахин има остварено значајни и респектабилни резултати во наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност.

Имајќи ги предвид сите изнесени факти, Рецензентската комисија има особена чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет во Штип да го усвои овој Извештај и кандидатката д-р Рефиде Шахин да биде избрана во насловно звање вонреден професор за наставно-научните области турски јазик (6.02.01.03) и книжевност (6.02.02.01) на Филолошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

Проф. д-р Махмут Челик, редовен професор, претседател, с.р.

Проф. д-р Марија Леонтиќ, редовен професор, член, с.р.

Проф. д-р Назим Ибрахим, редовен професор, член, с.р.

## ПРИЛОГ 1
## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

(Табела за вреднување на активностите на д-р Рефиде Шахин во периодот од 2020 до 2025 година, според критериумите дадени во Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип)

| **Р. бр.** | **Наставно-образовна дејност** | **Поени** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **Број** | **поени** | **Вкупно** |
| **1.** | Избор во **научно-наставно звање – доцент** Избор во наставно научно звање доцент (Универзитетски билтен бр. 26 од 15.10.2020 година, Одлука бр. 100-555/2020 донесена на седница на Факултетот за образовни науки при Меѓународниот балкански универзитет – Скопје) | 1 | 30 | | | 30 |
| | **ВКУПНО НО** | **30** | | | | |
| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **Број** | **поени** | **Вкупно** |
| **1.** | Монографија или научна книга **Труд под ред. бр. I: 1** | 1 | 10 | | | 10 |
| **3.** | Научни трудови објавени во меѓународни научни списанија (**прв автор 1, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9**) (**втор автор 2**) | 1 | 6 | 8 | 9 | 78 |
| **4.** | Трудови објавени во зборници од меѓународни научни конференции. **Трудови под ред. бр: 11, 12, 13, 14, 15, 16, 17, 18, 19** | 2 | 2 | 7 | 3 | 25 |
| **5.** | Учество (секциско предавање) на меѓународни научни конференции (**дом: 20, 21, 22, 25, 27, 29, 32, 35, 36, 40**) (**странски: 23, 24, 26, 28, 30, 31, 33, 34, 37, 39, 41**) | 11 | 2 | 11 | 4 | 66 |
| **6.** | Одбранет магистерски труд **бр. 1.** | 1 | 4 | | | 4 |
| **7.** | Рецензент на научни трудови во меѓународно научно списание. **Активности под ред. бр: 1, 2, 3, 4, 5, 6, 7, 8, 9, 10, 11, 12.** | 12 | 1,5 | | | 18 |
| | **ВКУПНО НИ + СУ** | **201** | | | | |
| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | Вкупно |
| **1.** | **Поглавје од книга. Труд по реден бр. 1** | 1 | 4 | | | 4 |
| **2.** | **Уредник на стручно списание. Реден бр. 1** | | | 1 | 5 | 5 |
| **3.** | **Член на уредувачки одбор на стручно списание Реден бр. 2** | 1 | 0,5 | | | 0,5 |
| **4.** | Член на факултетски комисии **Активности под ред. бр. 3, 4, 5, 6, 7** | 5 | 2 | | | 10 |
| **5.** | Стручни награди и признанија **реден бр. 1, 2** | 1 | 4 | 1 | 8 | 12 |
| | **ВКУПНО СА + ОР** | **31,5** | | | | |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | **30 (НО) + 201 (НИ+СУ) + 31,5 (СА+ОР) = 262,5** | | | | |

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ НАСЛОВЕН ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ МУЗИЧКИ УМЕТНОСТИ И НАУКИ (6.04.00.05) НА МУЗИЧКА АКАДЕМИЈА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ„ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр. 1402-122/8 од 26.11.2025 година донесена на 147. седница на Наставно-научниот и уметнички совет на Музичката академија, одржана на 26.11.2025 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во насловно звање – насловен вонреден професор за наставно-научната област музички уметности и науки (6.04.00.05) на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип во следниов состав:

- **проф. д-р Гоце Гавриловски,** редовен професор од наставно-научната област музички уметности и науки (6.04.00.05), вработен на Музичка академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, претседател;
- **проф. д-р Валентина Велковска-Трајановска,** редовен професор од наставно-научната област музички уметности и науки (6.04.00.05), вработена на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, член;
- **проф. д-р Ангеле Михајловски,** редовен професор од наставно-научната област музички уметности и науки (6.04.00.05), вработен на Музичка академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Вечер” и „Коха” на 18.11.2025 година и во предвидениот рок се пријави кандидатката - насловен вонреден професор м-р Ивана Јанков.

Врз основа на приложената документација од кандидатката, Рецензентската комисија констатираше дека се доставени сите потребни документи, согласно со објавениот Конкурс и чест ни е на Наставно-научниот и уметнички совет на Музичката академија при Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип да го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

**Биографски податоци**

Кандидатката **вонр. проф. м-р Ивана Јанков** е родена 1975 година во Бор, Р. Србија. Своето музичко образование го започнува во основно музичко училиште „Д-р Милое Милоевиќ“ во Крагуевац, каде што го продолжува своето средно образование и матурира на теоретскиот оддел во 1994 година.

Во учебната 1994/1995 година кандидатката се запишува на Факултетот за музичка уметност на Универзитетот на уметности во Белград, каде што дипломира на Катедрата за диригирање, во класа на ред. проф. м-р Даринка Матиќ-Маровиќ. Како дел од дипломскиот испит кандидатката го диригира вокално-инструменталното дело „Магнификат“ од Ј.С. Бах. На 26.3.2001 година Ивана Јанков ги завршува студиите со просечна оценка 10 по главен предмет Диригирање и просечна оценка на студиите 8.09, со што се стекнува со звање дипломиран диригент.

Во учебната 2010/2011 година се запишува на втор циклус студии на Одделот за теорија на музиката и музичката педагогија на Факултет за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип. Магистерските студии ги завршува на 13.6.2013 година со трудот „Музичките изразни средства и нивните особености во вокалната кантата *Псалми* од композиторот Стојан Стојков, со просечна оценка на магистерски студии 9.00 и се стекнува со звање магистер по теорија на музика и музичка педагогија.

Работно искуство во реализирање на настава стекнува во Белград (Р. Србија) во средното музичко училиште „Ватрослав Лисински“ (2000/2002) и основното училиште „Стеван Сремац“ (1998/2000). М-р Ивана Јанков од 2002 година е жител на Штип.

Од учебната 2011/2012 година кандидатката е ангажирана на Музичката академија при УГД, како лице кое помага во наставата, потоа како стручњак по практика. На 21.1.2016 г. се стекнува со насловно звање доцент, а на 24.2.2021 г. се стекнува со насловно звање - вонреден професор и изведува настава по предметите: Хорско диригирање, Хорско пеење, Оркестар, Хорска литература и Свирење хорски партитури.

За потребите на наставата кандидатката Ивана Јанков има издадена рецензирана скрипта „Основи на хорско диригирање 1“, која е објавена на е-библиотеката на УГД. Покрај тоа има изработено и интерни скрипти по предметите Хорска литература и Свирење на хорски партитури. Кандидатката има зад себе менторство на 14 дипломски труда на Одделот за теорија на музиката и музичката педагогија/ насока Хорско диригирање на Музичката академија при УГД, Штип.

Како диригент има работено со: „Градски хор“, Штип (2014 - до денес), Хор при работилница на YEN (Youth of Europian Nationalities) (2014), Хор при Одделот за скандинавистика при Филолошки факултет на Универзитетот во Белград (2000- 2002), Младинскиот женски хор „Падинке“, Белград (1998-2002), Академскиот камерен хор „Лицеум“, Крагуевац - асистент на диригентот (1994-1997).

М-р Ивана Јанков во својата обемна диригентска дејност со хор и/ или оркестар има одржано преку 30 самостојни, целовечерни концерти во земјава и во регионот. За потребите на ансамблите со кои работи, таа има оркестрирано и аранжирано повеќе дела од класичната, џез и популарната музика. За својата работата како диригент и промотор на уметничката музика кандидатката м-р Ивана Јанков има добиено повеќе награди и признанија, меѓу кои ќе ги издвоиме:

1. Признание за промоција и популаризација на хорската музика на првиот Божиќен хорски фестивал во Ќустендил, Р. Бугарија (2018);
2. Осмоноемвриско признание на Општина Штип за промовирање и афирмирање на Штип и културата на хорско пеење преку „Градски хор“, Штип (2017);
3. Лауреат на Божиќниот хорски фестивал - диригент на „Градски хор“, Штип (2018);
4. Арт-фестивал „Дојрана“ - 1. награда во категоријата: Оркестри, како диригент на камерниот оркестар на Музичката академија при УГД, Штип (2014).

М-р Ивана Јанков е организатор и уметнички директор на Фестивалот на камерни хорови и вокални ансамбли - АСТИБО-ФЕСТ, Штип, кој до сега имал осум изданија. Фестивалот стана еден од особено значајните белези на градот Штип и интензивно придонесува во промоцијата и популаризацијата на хорското пеење, потоа обединува настапи на повеќе репрезентативни хорови коишто го збогатуваат концертниот музички живот на градот Штип.

Освен концертната и педагошка дејност, кандидатката м-р Ивана Јанков развива и впечатлива публицистичка дејност преку издавањето на неколку книги, во кои се вбројува и монографијата посветена на хронолошкото проследување на хорската уметност во градот Штип.

**Општи и посебни услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање вонреден професор за стручно-уметнички предмети согласно со Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно – научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип.**

**Општи услови за избор**

1. Најмалку научен степен магистер од соодветната област:
2. Кандидатката стекнува степен магистер по теорија на музика и музичка педагогија во 2013 година со оценка 10 на Музичката академија на Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип;
3. Признати уметнички и стручни претставувања, односно остварувања кои се од особено значење за афирмација на културата и уметноста во и надвор од земјава:

Во диригентската кариера Ивана Јанков бележи 27 целовечерни концерти (во најголем процент со хорови) и 56 настапи во земјава и Европа (Полска, Грција, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Србија, Албанија и Бугарија). Во периодот од 2021 до 2025 година, кандидатката Ивана Јанков како диригент реализира и 9 целовечерни концерти, 10 учества на концерти и манифестации во земјава и 6 во странство. Во приложената документација се наоѓаат докази за остварени концерти, а во табелата се издвоени 6 концертни изведби значајни за афирмација на културата на хорското пеење, промоција на македонско хорско творештво, како и џез и популарна македонска музика во аранжмани за мешан хор.

4. Вонреден професор во областа во која се избира:

Ивана Јанков е избрана во звање насловен вонреден професор на 24.2.2021 година за наставно-научните области диригирање и композиција и џез ансамбл на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, објавено во Универзитетски билтен бр.270 од февруари 2021 година.

**Посебни услови**

**1.** Успех од најмалку 8 како просечна вредност на студиите на прв и втор циклус или успех од најмалку 8 како просечна вредност на интегрирани студии:

Просечен успех од прв и втор циклус студии 8,55.

2. Најмалку една рецензирана скрипта во електронска верзија по предметот за кој се избира од соодветната научна област објавена во е библиотека или практикум со вежби од истиот предмет или објавен рецензиран универзитетски учебник или монографија:

За потребите на наставата кандидатката м-р Ивана Јанков има издадено рецензирана скрипта „Основи на хорско диригирање 1" – проф. м-р Валентина Велковска-Трајановска; м-р Ивана Јанков, Штип, Универзитет „Гоце Делчев", Факултет за музичка уметност, 2014 ISSBN 978-608-244-013-2, 78.071.2:781.68 (075.8) скриптата е поставена во е-библиотека на УГД, на адресаhttps://e-lib.ugd.edu.mk/detal.php?id=274&ugd=1d3a28d1cfa7719edc39 74dbe6806336. Покрај тоа, Јанков има изработено интерни скрипти за предметите Хорска литература и Свирење на хорски партитури.

3. Придонес во оспособувањето на помлади наставници и соработници, способност за изведување на разни видови на високообразовна дејност:

Насловен вонреден професор м-р Ивана Јанков бележи менторство на 31 дипломски труд од областа на хорско диригирање, од тоа во период од 2021 до 2025 г. - 17 менторства. Изведува практична настава по хорско диригирање во соработка со хорот на Музичката академија при УГД - Штип и со „Градски камерен хор АСТИБО" во Штип, со цел младите диригенти/студенти да го применат знаење стекнато во текот на изучувањето на предметот Хорско диригирање. Студентите имаат можност да диригираат со хорот на пробите, но и на настапите во земјава и во странство, што претставува голем предизвик за младите диригенти, но ги оспособува за практичната работа со хорот, вклучувајќи ја и комуникација со публиката. М-р Јанков организира и Јавен час по Хорско диригирање.

4. Има остварено минимум поени кои се однесуваат на целокупната актива (НО)=40; (СУ)=91; (САОР)=22 или вкупно 153 поени.

5. Кандидатката има приложено потврда за познавање на најмалку еден странски јазик. Во документацијата се наоѓа сертификат за познавање на англиски јазик на ниво А2;

| Бр. | Изведувач | Вид на концерт | Место на одржување | Датум на одржување |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Ивана Јанков - диригент | Концерт на „ГКХ АСТИБО", промоција на македонската хорска музика | Културен центар Метрополис, Превеза, Р.Грција | 11.7.2025 г. |
| 2. | Ивана Јанков - диригент | Настап на „ГКХ АСТИБО" на XXIII Меѓународен фестивал „Мајски музички свечености" | Дом на култура, Бијељина, Република Српска/ Федерација Босна и Херцеговина | 9-12.5.2024 г. |
| 3. | Ивана Јанков - диригент | Концерт на „ГКХ АСТИБО" на IV Божиќен хорски фестивал | Читалиште „Братство", Ќустендил, Р. Бугарија | 15.12.2023 г. |
| 4. | Ивана Јанков - диригент | Настап на „Градски хор" од Штип на XXXXI хорски фестивал на православна музика „Хајновка" | Сала на филхармонија Подласка, Бјалисток,Р. Полска | 21-25.9.2022 г. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 5. | Ивана Јанков - диригент | Концерт „Меѓусебна соработка како мост за зближување на народите“ | „Градски хор“ од Штип и Женски хор „Неразделни“ од Ќустендил, Р. Бугарија Галерија 22, НУЦК „Ацо Шопов“ - Штип | 11.11.2023 г. |
| 6. | Ивана Јанков - диригент | Концерт на „Градски хор“ од Штип. „Мојот свет се вика музика. Нема вера, ниту граница“ | Концерт по повод Светскиот ден на музика, со инклузија во музичкиот перформанс на лица со посебни потреби: ЦПЛИП „Порака“ и ДСУ „Искра“ | 21.6.2023 г. |

**Наставно-образовна дејност**

Од 2023 до денес во насловно звање вонреден професор м-р Ивана Јанков учествува во наставата по предметите: Оркестар 1-8, Свирење на хорски партитури 1-2 и Диригирање 1-6. Од претходниот избор во насловно звање вонреден професор, Ивана Јанков е ментор на 17 дипломски трудови од областа на хорското диригирање.

Од 2021 година стекнува насловно звање вонреден професор по наставно-научните и уметнички области диригирање и композиција и џез ансамбл. М-р Ивана Јанков учествува во наставата по предметите: Свирење на хорски партитури; Хорска литература; Оркестар; Хорско диригирање; Хорско пеење; Пеење хорски партитури; Основи на хорско пеење; Хорско пеење - Универзитетски предмет на Музичката академија при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Во периодот од 2016 до 2021 година е со насловно звање доцент по наставно-научните и уметнички области диригирање и композиција и џез ансамбл. М-р Ивана Јанков учествува во наставата по предметите: Свирење на хорски партитури; Хорска литература; Оркестар; Хорско диригирање; Хорско пеење; Пеење хорски партитури; Основи на хорско пеење; Хорско пеење - Универзитетски предмет на Музичката академија при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Периодот 2014 до 2016 година е ангажирана како стручњак по практика по предметите: Оркестар, Хорско диригирање, Свирење на хорски партитури на ФМУ при УГД во Штип. Во учебната 2012/2013 година е ангажирана како стручњак по практика по предметите: Хорско диригирање, Хорско пеење и Свирење на хорски партитури, а во учебната 2011/2012 година е ангажирана како лице кое помага во наставата по предметите: Хорско диригирање, Хорско пеење и Свирење на хорски партитури на ФМУ при УГД во Штип.

Кандидатката м-р Ивана Јанков има особени квалитети за изведување на високообразовна дејност, на студентите им овозможува и пракса низ концерти, јавни часови, презентации, посета на концерти, а покрај тоа и индивидуални и групни аналитички активности во рамки на наставата. За потребите на наставата, таа има оркестрирано и аранжирано повеќе дела од класичната и џез музиката за оркестар и за хор.

**Научноистражувачка дејност**

Во научните трудови објавени во Годишните зборници на трудови на Музичката академија при УГД, Штип; списанието „Музика“ и Зборник на трудови на „Струшка музичка есен“, кандидатката насловен вонреден професор м-р Ивана Јанков се насочува главно кон осознавање на

суштината на музичкото дело низ анализа на музичките параметри, кои пак драматуршки влијаат врз кулминацискиот тек на делото. Во трудовите, таа ги анализира, како хорските, така и оркестарските дела, претежно од македонски композитори, со цел осознавање и промоција на македонското уметничко творештво. Во 2025 година ја објави книгата „Еден век хорска уметност во градот под Исарот“, која претставува резултат на осумгодишно интензивно истражување. Во неа се опфатени сите релевантни податоци, од природните и социјални предиспозиции на градот Штип за негување на хорската уметност, до институциите и поединци коишто се заслужни за одржување на оваа благородна мисија во период од 1925 до 2025 година. Книгата нуди студиозна класификација на хоровите, нивниот состав и квалитет на изведбата, проблемите со кои се соочувале и се соочуваат. Особено значење има освртот на авторката на сите услови кои доведувале до формирање и расформирање на хоровите, како и видовите и начините како да се унапреди хорската уметност во сегашноста. Во прилог на документацијата се и рецензиите на проф. д-р Стефанија Лешкова-Зеленковска и проф. д-р Валентина Велковска-Трајановска.

**Стручно-уметнички активности**

Во периодот од 2021 до 2025 година, насловен вонреден професор м-р Ивана Јанков има реализирано 9 самостојни концерти и 16 настапи на концерти, хорски фестивали и натпревари во земјава и во странство (наведени во табелата под ред. бр. 6 и 7, како и во табелата - концерти).

**Самостојни концерти во Македонија од 2021 до денес/ концерти со времетраење од 60 до 90 минути (табела НИ ред.бр.6)**

1. Штипско културно лето „Градски камерен хор АСТИБО“, Штип, диригент: Ивана Јанков, Целовечерен концерт „Вера, надеж, љубов“, 26.6.2025 г., Галерија 22, НУЦК „Ацо Шопов“, Штип;
2. „Градски камерен хор АСТИБО“, Штип, диригент: Ивана Јанков, Целовечерен концерт, 19.11.2024 г., Центар за култура „Никола Јонков – Вапцаров“, Делчево;
3. „Градски камерен хор АСТИБО“, Штип, диригент: Ивана Јанков, Целовечерен концерт на отворањето на VII Интернационален фестивал на камерни хорови „АСТИБО-ФЕСТ“, 4.9.2024, НУ Центар за култура „Ацо Шопов“, Штип;
4. „Градски камерен хор АСТИБО“, Штип, диригент: Ивана Јанков, Целовечерен концерт „ГКХ АСТИБО и нашите деца“ по повод одбележување 15-годишнина на хорот, 24.6.2024, Галерија 22, НУ Центар за култура „Ацо Шопов“, Штип;
5. „Градски камерен хор АСТИБО“ - Штип и женски хор „Неразделни“ – Ќустендил, диригенти: Ивана Јанков и Веселка Петрова, концерт „Меѓусебна соработка како мост за зближување на народите“, 11.11.2023, Галерија 22, НУ Центар за култура „Ацо Шопов“, Штип;
6. „Градски хор“ – Штип, диригент: Ивана Јанков, целовечерен концерт „Мојот свет се вика музика. Нема вера, ниту граница“, по повод Светскиот ден на музиката, со инклузија на лица со посебни потреби во музичкиот перформанс: ЦПЛИП „Порака“ и ДСУ „Искра“ – Штип, 21.6.2023, Галерија 22, НУ Центар за култура „Ацо Шопов“, Штип;

7. „Градски хор“ – Штип, диригент: Ивана Јанков, Годишен концерт, 10.11.2022, НУЦК „Ацо Шопов“, Штип;

8. „Градски хор“ – Штип, диригент: Ивана Јанков, Целовечерен концерт, 22.6.2022, НУЦК „Ацо Шопов“, Штип;

9. „Градски хор“ – Штип, диригент: Ивана Јанков, Самостоен концерт во рамки на регионален проект „Културен мост низ вековите“, 29.8.2021, Мултимедијален центар „Киро Глигоров“, Штип.

**Учество на концерти, манифестации и фестивали во земјава/настапи со времетраење до 30 минути (НИ ред.бр.7)**

- „Градски камерен хор АСТИБО“, Штип, диригент: Ивана Јанков, 20-минутна програма како гости на Градски мешан хор Вардар, на концертот „25 години хорска магија, љубов и посветеност 2020-2025“, 16.11.2025, Музеј на македонска револуционерна борба, Скопје;
- „Градски камерен хор АСТИБО“, Штип, диригент: Ивана Јанков, 20-минутна програма на VIII Интернационален фестивал на камерни хорови „АСТИБО-ФЕСТ“, Штип, 3-5.10.2025, НУЦК „Ацо Шопов“, Штип – голема сала;
- „Градски камерен хор АСТИБО“, Штип, диригент: Ивана Јанков, 20-минутна програма на VIII Интернационален хорски фестивал „Драган Шуплевски“, 25-28.8.2025, Музеј на македонска револуционерна борба, Скопје;
- „Градски камерен хор АСТИБО“, Штип, диригент: Ивана Јанков, 30-минутна програма како гости на концертот на Женски камерен хор КЕРАМИЈА, 4.7.2025, Центар за култура „Марко Цепенков“, Прилеп;
- „Градски камерен хор АСТИБО“, Штип, диригент: Ивана Јанков, 20-минутна програма на XXXIV Хорски фестивал ТЕХО, 27-29.6.2025, Центар за култура „Иљо Антевски – Смок“, Тетово;
- „Градски камерен хор АСТИБО“, Штип, диригент: Ивана Јанков, 30-минутна програма во рамки на VII Интернационален хорски фестивал „Драган Шуплевски“, 5-7.7.2024, Музеј на македонската револуционерна борба, Скопје;
- „Градски камерен хор АСТИБО“, Штип, диригент: Ивана Јанков, 30-минутна православна духовна програма во рамки на XXXIII Интернационален хорски фестивал ТЕХО, 29-30.6.2024, Духовно-културен центар „Кирил Пејчиновиќ“, Лешок;
- „Градски хор“ – Штип, диригент: Ивана Јанков, 20-минутен настап на VI Интернационален фестивал на камерни хорови АСТИБО-ФЕСТ, 16.9.2023, НУЦК „Ацо Шопов“, Штип;
- „Градски хор“ – Штип, диригент: Ивана Јанков, 20-минутен настап на XXXII Интернационален хорски фестивал ТЕХО, 24-25.6.2023, Соборен храм „Св. Св. Кирил и Методиј“, Тетово;
- „Градски хор“ – Штип, диригент: Ивана Јанков, 20-минутен настап на V Интернационален фестивал на камерни хорови АСТИБО-ФЕСТ, 13-15.10.2022, НУЦК „Ацо Шопов“, Штип.

**Учество на хорски фестивали и натпревари во странство/настапи со времетраење до 20 минути (табела НИ ред.бр.7)**

- „Градски камерен хор АСТИБО“, Штип, диригент: Ивана Јанков,

20-минутен настап на XXXXIII Интернационален хорски натпревар во Превеза, категорија Г фолклор (промоција на македонското хорско творештво), 11.7.2025, Центар за култура Метрополис, Превеза, Република Грција;

- „Градски камерен хор АСТИБО", Штип, диригент: Ивана Јанков, 20-минутен настап на XXXXIII Интернационален хорски натпревар во Превеза, категорија Ф православна духовна музика, 12.7.2025, Центар за култура Метрополис, Превеза, Република Грција;
- *„Градски камерен хор АСТИБО", Штип, диригент: Ивана Јанков, 30-минутен настап на XXIX Интернационален хорски ревијален фестивал, 10-13.7.2025, плоштад Андруцос, Превеза, Република Грција;
- „Градски камерен хор АСТИБО", Штип, диригент: Ивана Јанков, 20-минутен настап на XXIII Интернационален хорски фестивал „Мајски музички свечености", 9-12.5.2024, Дом на култура Бијељина, Република Српска – Федерација Босна и Херцеговина;
- „Градски камерен хор АСТИБО", Штип, диригенти: Ивана Јанков, Ема Стојковска и Антонио Василев (студенти по хорско диригирање во класа на насл. вонр. проф. м-р Ивана Јанков) 30-минутен настап на IV Интернационален „Божиќен хорски фестивал",15.12.2023, Читалиште „Братство", Ќустендил, Република Бугарија.
- „Градски хор", Штип, диригент: Ивана Јанков, 20-минутен настап на Интернационален хорски фестивал за православна музика „Хајновка", 21-25.9.2022 г., сала на филхармонија Подласка, Бјалисток, Република Полска.

**Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност**

М-р Ивана Јанков е добитник на диплома како диригент на XXIX натпревар во Превеза, Р. Грција (2025) и сребрен медал на хорски натпревар „Мајски музички свечености" во Бијељина (2024) (во табелата СА-ОР бр.19).

Добитник е на признание за зачувување, промоција и афирмација на хорската уметност доделено во рамки на Божиќниот хорски фестивал во Ќустендил (2018), како и Осмоноемвриско признание на Општина Штип (2017).

Менторство на 17 дипломски испити од областа на хорско диригирање (табела СА-ОР под р.бр.28).

Книгата, скриптата, трудовите и рефератите објавени во зборниците и научно-популарното списание, потоа добиените признанија за промоцијата на хорската музика, менторството на 31 дипломска работа покажуваат голем стручен и педагошки потенцијал и укажуваат на непрекинат подем во усовршувањето на насловниот вонреден професор м-р Ивана Јанков. Особено значаен е нејзиниот труд и дејност во насока на сочувување и продолжување на традицијата на хорската уметност во Штип и во Македонија.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Согласно со Законот за високо образование (Службен весник на РМ бр.82/18) и врз основа на Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип (Универзитетски гласник бр.63 од 10.3.2025 година), како и по деталното разгледување на доставената комплетна документација пропишана во Конкурсот, Рецензентската комисија

констатира дека кандидатката м-р Ивана Јанков **ги исполнува сите законски услови за избор на наставник во насловно звање насловен вонреден професор за наставно-научната област музички уметности и науки (6.04.00.05)** на Музичката академија при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Кандидатката преку остварените досегашни активности покажа квалитети за развивање на наставно-образовната дејност, научноистражувачка дејност и за стручно-уметничка дејност со високо ниво на професионалност, одговорност и целосна предаденост на студентите преку активното концертирање и диригирање.

Врз основа на изнесеното, Рецензентската комисија со особено задоволство му предлага на Наставно-научниот и уметнички совет да го усвои овој извештај и да ја избере кандидатката м-р Ивана Јанков во звање насловен вонреден професор за наставно-научната област музички уметности и науки (6.04.00.05) на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**
Проф. д-р Гоце Гавриловски, претседател, с.р.
Проф. д-р Валентина Велковска-Трајановска, член, с.р.
Проф. д-р Ангеле Михајловски, член, с.р.

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| Р. бр. | Наставно-образовна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | Вкупно |
| | | број | поени | број | поени | |
| 4. | Избор во звање насловен вонреден професор | 1x40 | **40** | | | **40** |
| | **ВКУПНО** | | | | | **40** |
| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност истручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | Вкупно |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | |
| 1 | Монографија или научна книга „Еден век хорска уметност во градот под Исарот“ | 1 | 10 | | | 10 |
| 6 | Пленарно предавање на научен собир, музички настап на официјален концерт, учество на ликовна изложба (9 целовечерни концерти) | 9x3 | 27 | | | 27 |
| **7** | Секциско предавање на научен собир, музички настап на официјален концерт, учество на ликовна изложба | 10x2 | 20 | 6x4 | 24 | 44 |
| **19** | Претседател на организациски или научен одбор на научен собир, фестивал - Уметнички директор на АСТИБО-ФЕСТ, Штип (Фестивал на камерни хорови и вокални ансамбли) од (2017) 2021-2025 | 5x2 | 10 | | | 10 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **91** |
| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организационо-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | Вкупно |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | |
| 19 | Стручни награди и признанија | | | 2x8 | 16 | 16 |
| 28. | Член на факултетски орган, комисија (Комисија за одбрана на дипломски труд) | 3x2 | 6 | | | 6 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **22** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **153** |

**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ КЛАСИЧНА АРХЕОЛОГИЈА И ТЕОРИЈА И ИСТОРИЈА НА АРХЕОЛОГИЈА НА ФАКУЛТЕТ ЗА ОБРАЗОВНИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр.1602-168/4 од 19.12.2025 година донесена на 219. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки, одржана на 19.12.2025 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во сите звања за наставно-научните области класична археологија (6.01.02.04) и теорија и историја на археологија (6.01.02.09) на Факултет за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип во следниов состав:

- д-р Сташа Бабиќ, редовен професор на Филозофски факултет при Универзитетот во Белград, наставно-научна област археологија, класична археологија и теорија на археологија – претседател;
- д-р Мигуел Џон Вершлаус, академик, редовен професор на Факултет за археологија при Универзитетот во Лајден, наставно-научна област класична археологија и медитеранска археологија, член;
- д-р Драги Митревски, редовен професор во пензија, наставно-научна област праисториска археологија и методологија на археолошките истражувања, член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Вечер” и „Коха“ на 22.11.2025 – 23.11.2025 година и во предвидениот рок се пријави:

- д-р Љубен Тевдовски, вонреден професор.

Поднесената пријава од страна на кандидатот д-р Љубен Тевдовски е комплетна и навремено доставена.

По анализата на приложената документација од кандидатот, со особена чест на Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки му го поднесуваме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Кандидатот **д-р Љубен Тевдовски** е роден на 26 јули 1979 година во Скопје. Основно образование завршил во основното училиште „Јохан Хајнрих Песталоци“, а средното образование го стекнал во Гимназија „Раде Јовчески Корчагин“, двете во Скопје. Во овој период како претставник на средношколците е активен учесник во работата на европските институции и партнер организации од областа на образованието и културата, а оваа негова активност продолжува во текот на две децении.

Во 2006 година дипломирал со просек 9,25 на Институтот за историја на уметноста со археологија на Филозофски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје. Во истата година добил меѓународна стипендија за магистерски студии на Универзитетот на Малта во Валета. Таму, на Факултетот за уметности, во 2008 година се стекнал со неговиот прв магистерски степен, магистер во областа на современата дипломатија, со просек 9,45. Темата на неговата магистерска теза била „Културна дипломатија – теоретска и

компаративна студија со посебен фокус на Македонија“. Своите втори магистерски студии Тевдовски ги запишал на Институтот за класични студии на Филозофскиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје. Магистрирал на овој институт во областа на класичната филологија со просек 10.0 и магистерска тема „Религиозните концепции и култот кон владетелот во литературата на Александрискиот династички двор“.

Во 2009 година започнал со работа на својата докторска дисертација на Институтот за историја на уметноста со археологија, на Филозофскиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје. Темата на докторската дисертација, која ја подготвил под менторство на проф. д-р Драги Митревски, е „Археологијата и археолошкото наследство во меѓународните односи – општа и компаративна студија со фокус на Македонија“. Со ова, во јуни 2015 година, Тевдовски се стекнал со научен степен доктор на науки од областа на археологијата.

Повеќе од две децении д-р Љубен Тевдовски е активно вклучен во активности, проекти и иницијативи во областа на културата и културното наследство на национално, европско и светско ниво. Од 1999 година, кога бил дел од националната делегација на повеќе сесии во рамките на Годишното собрание на УНЕСКО, Тевдовски е вклучен на проекти и активности иницирани или финансирани од оваа светска организација, а ја претставувал државата, повеќе образовни и граѓански организации во рамките на Пактот за стабилност на Југоисточна Европа, Централно-европската иницијатива, Процесот за соработка во Југоисточна Европа, Франкофонијата и Советот на Европа.

Д-р Тевдовски извршувал значајни јавни функции поврзани со културата, културната соработка и културното наследство, а бил и член на Работната група за образование и култура за подготовка на Националната програма за усвојување на правото на Европската Унија и подготовка на преговарачките позиции за преговори за членство во Европската Унија и Националната комисија за учебници на Министерството за образование и наука.

Тој одржува контакти и соработка со значајни светски институции за заштита и промоција на културата и културното наследство, како меѓународниот комитет на Синиот штит, европски и светски асоцијации на археолозите, Алијансата на цивилизациите на Обединетите нации и други професионални организации од областите на археологијата и класичното наследство.

Низ годините, Тевдовски иницирал, промовирал, водел или управувал со национални, регионални и меѓународни мрежи и иницијативи фокусирани на истражувања поврзани со образованието, уметноста и културата и културното наследство, како и симпозиуми, конференции, академски и професионални списанија и археолошки ископувања и проекти. На овој начин, неговата работа значајно го поддржа и промовираше развојот на теоријата и практиката на археологијата, наследството и меѓукултурната соработка на национално и меѓународно ниво.

**Општи услови за избор:**

1. Д-р Љубен Тевдовски има остварен просечен успех од 9,25 од прв циклус

на студии, просечен успех од 9,45 на втор циклус на студии на Универзитетот на Малта, во Валета, Малта и просечен успех од 10.0 на втор циклус на студии на Филозофскиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје.

2. Кандидатот е вонреден професор од научната област (со еквиваленција) во која се избира: Класична археологија: грчка и римска култура; римска провинциска култура и Теорија на археологија. Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки на својата 160. седница на 25.5.2021 год. донел Одлука бр. 1602-65/04, д-р Љубен Тевдовски да се избере во звање вонреден професор за наставно-научните области класична археологија: грчка и римска култура; римска провинциска култура и теорија на Археологија.

3. Кандидатот е доктор на науки од областа на археологијата. Научен степен со кој се стекнал во јуни 2015 година на Филозофски факултет на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје.

4. Кандидатот има објавено преку 30 трудови во меѓународни списанија, односно зборници од меѓународни научни конференции. Од изборот во вонреден професор до денес кандидатот има објавено повеќе трудови во референтни научни публикации. Од нив ги издвојуваме:

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Наслов на публикацијата | Година |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Tevdovski, Ljuben | Tiny Kingdoms of Prophetic Ideals. The Impact of the Melting Pot of Roman-dependent South-Eastern Anatolia on the Ideological and Political Concepts of the Roman and Early Byzantine World | South-eastern Anatolia at a Crossroads: A Multicultural Mediterranean Area from the Hellenistic to the Early Byzantine Period. Emanuela Borgia (ed.). pp.165-200 Archaeopress – Oxford https://eprints.ugd.edu.mk/37043/ | 2025 |
| 2 | Rumenov Ilija, Tevdovski, Ljuben, Masalkovski, Ile, Tasev, Donce | The Victorious Youth Double Dilemma: from Heritage Networks to Origin and Back | Journal of Comparative Studies, No. 18 (47), pp. 26-54, Institute of Humanities and Social Sciences, Daugavpils University, LV, ISSN 2255-9388, https://eprints.ugd.edu.mk/37388/ | 2025 |
| 3 | Tevdovski, Ljuben | Globalization, Ancient Cosmopolitanism and the Western Bollywood | Rooted Cosmopolitanism, Heritage and the Question of Belonging - Archaeological and Anthropological perspectives, pp.61-90 L. W. Kruijer, Miguel John Versluys, Ian Lilley (eds.). Routledge, https://eprints.ugd.edu.mk/37042/ | 2024 |
| 4 | Ljuben Tevdovski, Vera Hadji-Pulja, Gaetan Hulot | From Ethics of Archaeology to Archaeology of Ethics | Review of the Institute of History and Archaeology, RIHA Spec. Issue: Macedonia – Crossroads of Epochs, Civilizations and Cultures, Vol.1 No.4.,pp.39-48, ISSN 2671-3144 eISSN: 2671-3152, https://eprints.ugd.edu.mk/37107/ | 2024 |
| 5 | Ljuben Tevdovski, Vera Hadzi-Pulja, Gaetan Hulot | The Garden in the Empire | Review of the Institute of History and Archaeology, RIHA Special Issue: Macedonia – Crossroads of Epochs, Civilizations and Cultures, Vol.1 No.3. pp.95-110, ISSN 2671-3144 eISSN: 2671-3152, https://eprints.ugd.edu.mk/36768/ | 2024 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 6 | Tevdovski, Ljuben, Rumenov, Ilija, Tasev, Donce | Three "Synapses" of the Legal Protection of the Macedonian Cultural Heritage: A Reconsideration of Capacities and Perspectives | Review of the Institute of History and Archaeology, RIHA Spec. Issue, Vol.1 No.2. pp.82-95, ISSN 2671-3144 eISSN: 2671-3152 https://eprints.ugd.edu.mk/37056/ | 2023 |
| 7 | Tevdovski, Ljuben, Vera Hadzi-Pulja, Gaetan Hulot | Alexander through the Prism of Aristotle | Review of the Institute of History and Archaeology, RIHA Special Issue, Vol. 1 No.1. pp.3-12, ISSN 2671-3144 eISSN: 2671-3152 https://eprints.ugd.edu.mk/37055/ | 2023 |
| 8 | Tevdovski, Ljuben, Masalkovski, Ile | Classicism and Orientalism in the Light of the New Globalization Theories | Journal of Liberty and International Affairs, Vol.6. No.3. jan.2021, pp. 123-136, Institute for Research and European Studies – Bitola, eISSN 1857 – 9760, ttps://eprints.ugd.edu.mk/37386/ | 2021 |
| 9 | Tevdovski, Ljuben | The Classical Message in a Bottle: Should "Classical Wisdom" Determine Our Identities in the Future? | Journal of Comparative Studies, No.14, (43), pp.146–173, Institute of Humanities and Social Sciences, Daugavpils University, LV, ISSN 2255-9388, https://eprints.ugd.edu.mk/37044/ | 2021 |

- Кандидатот има врвни познавања и рафинирана употреба на англискиот јазик, како и познавања од други странски јазици.
- Тој има реализирано плодна високообразовна дејност преку изведување на бројни предавања и вежби, менторства, пишување и објавување научни и стручни трудови, учебник, скрипта, практикум, учества во врвни научни конференции и проекти итн.
- Ангажиран е во изведување на наставата на студиската програма Историја и археологија на прв и втор циклус студии.

Во периодот од последниот избор во наставно-научно звање до денес Љубен Тевдовски подготвил и учебник по предметот Хеленистички монархии, објавен како рецензиран е-учебник од Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, а се користи од студентите, како за предметот Хеленистички монархии, така и за Класични цивилизации, Античка Македонија II и други.

Љубен Тевдовски (2025), **Хеленистички монархии - Философијата на Александровата екумена**, е-учебник, Универзитет „Гоце Делчев“. http://e-lib.ugd.edu.mk/1248

**Посебни услови:**

Кандидатот вонреден проф. д-р Љубен Тевдовски бил раководител, со-раководител и член - истражувач на повеќе домашни и меѓународни проекти, помеѓу кои ги издвојуваме:

***Macedonian – American Archaeological and Research Cooperation in Pelagonia and Paeonia*** **– 2024 – 2030**.

Тевдовски учествувал во улога на меѓународен ко-координатор на проектот и координатор на македонската страна во овој проект. Големиот проект со различни фази опфаќа поддршка и развој на заеднички археолошки експедиции, научни и академски размени и привлекување на нови меѓународни партнерски институции. До 2025 година во проектот се вклучени Кал Поли Хумболдт Универзитетот во Калифорнија, преку заедничката Македонско-

американска археолошка теренска група, Институтот за културно наследство и археологија, Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, Општина Битола и Националната институција Завод за заштита на споменици на културата и Музеј – Битола.

***<u>Cultural Heritage, Tourism and Sustainable Development Goals</u>* – 2023 – 2027.**

Тевдовски бил ангажиран како координатор на меѓународниот проект кој го води Институтот за културно наследство и археологија, во соработка со Факултетот за туризам и угостителство Охрид при Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола, Националната институција Завод за заштита на споменици на културата и Музеј – Охрид, а во различни фази биле вклучени и Стопанската комора, Факултетот за туризам и бизнис логистика при Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, Кал Поли Хумболдт Универзитетот од Калифорнија, преку раководителот на Македонско-американската археолошка теренска група, Глобалниот совет за толеранција и мир во Малта, преку претставникот за Југоисточна Европа, Охридската академија на хуманизмот и други.

***<u>Public Archaeology in the Mediterranean Context – PubarchMED</u>*, меѓународен проект на 20 медитерански земји, 2017-2021, финансиран од Владата на Шпанија, под раководство на INCIPIT – Националниот институт за културно наследство на Шпанија**, учесник на проектот на меѓународно ниво, координатор на истражувањата и теренските активности за Македонија, научен соработник во организација на завршните научни заклучоци и завршната меѓународна конференција во Шпанија.

***European Observatory to Fight Archaeological Looting*, меѓународен проект на 22 европски земји, 2019-2023, финансиска поддршка од Consejería de Cultura y Patrimonio Histórico, Junta de Andalucía** (регионалните културни институции во Андалузија) и коапликант на COST - европски фондови во втора фаза, под раководство на NEMESIS-Asociacion para la invertigacion y defensa del patrimonio cultural contra el expolio y el trafico ilicito, учесник во првата фаза на проектот (компаративни истражувања на европско ниво и вмрежувања на институции за грижа кон археолошкото наследство) и со-предлагач на втората фаза во 2020 г.

Помеѓу позначајните археолошки истражувачки проекти во земјата во чија реализација бил вклучен д-р Тевдовски се и археолошки истражувања на локалитетот Градиште-Црнобуки, во близина на Битола, археолошките истражувања на Скупи, истражувачкиот камп Давина кула – Чичер, археолошките и други активности на долгорочниот проект Античко кралство Македонија во Република Македонија, како и истражувањата на локалитетот Вардарски Рид и Скопската тврдина Кале.

Како иницијатор, координатор и истакнат учесник на повеќе научни проекти во земјава и странство, како и главен организатор на врвни национални и меѓународни научни конференции, симпозиуми и форуми, Тевдовски дал особен придонес во едукацијата и оспособувањето на повеќе помлади наставници и соработници. Тевдовски активно учествувал и ја поддржувал

работата и на студентите на факултетот вклучувајќи се во организирање на две студентски научни конференции и промовирајќи и поддржувајќи ја нивната соработка со студенти и студентски организации од повеќе држави. Тевдовски организирал повеќе од десет стручно-едукативни посети на студенти од Факултетот за образовни науки во странство, во периодот од последниот избор во звање бил ментор на три дипломски труда на студенти, учествувал во одбраната на дипломски трудови на повеќе од 10 студенти, а со неговите препораки неколку студенти на Факултетот за образовни науки биле примени на магистерски студии на европски универзитети и научни центри.

**Наставно-образовна и научноистражувачка дејност**

Од јули 2016 година д-р Тевдовски е доцент на Факултетот за образовни науки и член на Институтот за историја и археологија и Катедрата за историја и археологија на истиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Од 25 мај 2021 година со Одлука на Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки, на неговата 160. седница, д-р Тевдовски е избран во наставно-научното звање вонреден професор.

Во периодот од 2016 г. до денес тој држи предавање на повеќе предмети на Катедрата за историја и археологија на Факултетот за образовни науки, како и на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип. Помеѓу поважните предмети кои Тевдовски ги предавал се вбројуваат: Класична археологија, Класични цивилизации, Историја на уметност на класични цивилизации, Погребни форми и обичаи во антиката во Македонија, Хеленистички монархии, Предримски култури, Култови и религии во праисторијата, античко време и среден век во Македонија, Античка Македонија I, Античка Македонија II, Средновековна археологија, Музеологија, Археологија на Балканот, Библиска археологија и др.

Ангажиран е и на втор циклус студии на студиската програма Историја, митови, идентитети со предметите: Митови и религии на класичната ера (6 в. пр.н.е. – 6 в. н.е.) и Идентитетите и античката глобализација (6 в. пр.н.е. – 6 в. .н.е.).

Тевдовски има одржано предавања како гостин-предавач и на повеќе светски универзитети и научни центри во областа на класичната археологија и античката историја, како: Сапиенца универзитетот во Рим; Австриската академија на науки - Виена и ОРЕА; Националниот институт за ориентални јазици и цивилизации - ИНАЛКО – Сорбона – Париз; како и на Western University - London, Ontario и University of Toronto, Toronto. Тој одржал предавања и на Правниот факултет, Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, Универзитетот за аудиовизуелни уметности - ЕСРА Париз-Скопје-Њујорк, New Westminster College, British Columbia, Дипломатската академија на Министерство за надворешни работи, научниот центар Петница, во организација на филозофските факултети во Белград и Нови Сад и други.

Љубен Тевдовски бил предавач и копредавач на значајни научни форуми заедно со претседателот на Европската асоцијација на археолози, Фелипе Криадо – Боадо, претседателот на Светскиот археолошки конгрес, Коџи Мизогучи, поранешниот претседател на Сертифицираниот институт на археолози на Англија, Гери Вејт, поранешниот претседател на Германското друштво за праисторија и протоисторија, Френк Зигмунд и др.

**Членство во уредувачки одбори на научни списанија:**

Д-р Љубен Тевдовски бил основач, главен уредник и член на уредувачки одбори на повеќе научни и стручни списанија, помеѓу кои поважни се:

***Review of the Institute of History and Archaeology (RIHA),*** Меѓународно научно списание во издание на Институтот за историја и археологија (ИНИСА), Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, *главен и одговорен уредник.*

***Journal of Historical Research – Istrazivanja,*** Меѓународно научно списание во издание на Филозофскиот факултет, Универзитет на Нови Сад - Нови Сад, *член на меѓународен Уредувачки одбор.*

**Arquelogia Publica: International Journal in Public Archaeology – Madrid**, Меѓународно научно списание на институтот JAS Arquelogia – Madrid, *член на меѓународен Уредувачки одбор и коиздавач на специјални изданија.*

***Меѓународно научното списание Воспитание*** **/ Vospitanie - Journal of Educational Sciences, Theory and Practice** во издание на Факултетот за образовни науки, Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, *член на Уредувачки одбор.*

**Macedonian Heritage – Македонско Наследство: Научно списание за археологија, историја, историја на уметноста и етнологија**, во издание на Македонска цивилизација, *член на меѓународен Уредувачки одбор*.

**Macedonian Journal of Foreign Policy - Crossroads**, Diplomatic Academy, Ministry of Foreign Affairs & MIC, *член на Уредувачки одбор од основање на меѓународното списание.*

**Познавање на јазици:**

**Англиски** – високо ниво (високопрофесионален) говорен, пишан и работен јазик со долгогодишна едукација и пракса во повеќе европски земји. Тевдовски се користи и со италијански јазик (универзитетски Ц степен), а има познавања од францускиот јазик и продлабочени познавања и искуство во професионално користење на јазици од балканскиот регион.

**Презентирани трудови на меѓународни и домашни конгреси, конференции или симпозиуми**

**Трудови презентирани во периодот од 2021 до 2025 година**

1. Ljuben Tevdovski (2025), ***Archaeological Heritage, Cultural Diplomacy and the Sustainable Development of International Relations***, Annual International Scientific Conference (AISC) "A Multidisciplinary Approach to Sustainable Development Goals.", on the occasion of World Science Day for Peace and Development, 14–15 November, University St. Clement of Ohrid – Bitola, Colours – European University Alliance.
2. Ljuben Tevdovski (2025), ***The Queen of the Kings: The Cults of Seleucid and Ptolemaic Queens and their Role in the Development of the Hellenistic Prototype of Mother-Goddess,*** First International Symposium on Theoretical Mediterranean Archaeology – Lychnida: "Mediterranean Challenges – Archaeological Appraisals", Cal Poly Humboldt - California, Institute of Cultural Heritage and Archaeology, Goce Delcev University, National Institution Institute for Protection of Monuments of Culture and Museum - Ohrid, 19-21 September, Ohrid. *Tevdovski also served as symposium director and member of the International Scientific Board of the Conference.*

3. Nick Angeloff, Ljuben Tevdovski, Byron Smith, Rebekka Kniernan, Jessica Bedell (2025), ***The Macedonian Wars in Pelagonia – Paleoenvironmental Research Contributions to the Understanding of the Early Roman Conquest of the Macedonian Kingdom,*** Intertwined Pasts - 31st EAA Annual Meeting, Session: Beyond Conquest: Environmental and Cultural Impacts of Roman Expansionism (Belgrade Virtual, 2-6 September 2025).

4. Ljuben Tevdovski, Nick Angeloff, Engin Nasuh, Slobodan Stojkoski (2024), ***Lynkestis archaeological microregion through intensified field work and theoretical analyses,*** 47th International Mediterranean Survey Conference in İstanbul, German Archaeological Institute and Mimar Sinan Fine Arts University,6-7 December 2024.

5. Ljuben Tevdovski, Donce Tasev (2024), ***The Transformations of the Macedonian Ethno-national Narrative in the Antifascist Context - The Twilight of the 'Classical Land' through the Visions of ASNOM's vice-president Emanuel Cuckov***, International Scientific Symposium "Anti-fascism between memory and oblivion", Organized by the Institute of National History, on the occasion of the 80th Anniversary of the Creation of the Anti-fascist Assembly for the National Liberation of Macedonia, Skopje, 13-15 November 2024, Skopje.

6. Ljuben Tevdovski (2024), ***This is a Statue of Aphrodite. Oh? Be Sure it isn't of Berenice! Glocalising Goddesses through the Religious Policies of Diadochi's Courts,*** International Scientific Symposium "From antiquity to the Middle Ages and the Revival – archaeology, history and art history", Macedonian Academy of Sciences and Arts, on the occasion of the 10th anniversary of the establishment of the Research Centre for Cultural Heritage "Cvetan Grozdanov", 25 October 2024.

7. Miguel John Versluys, Ljuben Tevdovski (2024), ***The Global antiquity – Theories of globalization and connectivity as new paradigms in archaeology (dialogue)***, International Scientific Conference "The Macedonian Heritage of Networks and Connections", on the occasion of the European Days of Cultural Heritage, Directorate for Protection of Cultural Heritage, Ministry of European Affairs, Skopje-Ohrid, 18-19 September, 2024.

8. Ljuben Tevdovski (2024), ***Understanding Rome beyond the boundaries of its Empire - The Transformations of the City of Rome in the Context of the Globalizing World of Ancient Afro-Eurasia***, 30th EAA Annual Meeting, Session: Rome's Place in Eponymous Empire, Rome, Italy, 28 - 31 August 2024.

9. Ljuben Tevdovski (2024), ***The Classical Narratives in the Byzanto-Slavic Cultural Transfers***, International Scientific Conference "Ohrid School of Humanism from the Middle Ages to Today in Europe and the World", Ohrid Academy of Humanities, Macedonian Academy of Sciences and Arts – Ohrid, 9-10 August 2024.

10. Ljuben Tevdovski (2024), ***The Archaeological Heritage of the Region of Ohrid - between Tourism and Identity***, Cultural Heritage and Tourism – International Standards and Local Development, International Conference on the occasion of the International Day for Monuments and Sites in UNESCO, Institute of Cultural Heritage and Archaeology and Faculty of Tourism and Hospitality Ohrid, St. Clement of Ohrid University – Bitola, Natural and Cultural Heritage site of Ohrid, 17-18 April 2024. *Tevdovski also served as co-director and Member of the International Scientific Board of the Conference.*

11. Ljuben Tevdovski (2024), ***Ancient Paeonia – between Archaeology and Identity Politics***, Region Cultural Heritage Between Tourism and Identity, National Conference dedicated to the Celebration of the Macedonian Tangible and Intangible

Heritage of UNESCO, Institute of Cultural Heritage and Archaeology and Faculty of Tourism and Business Logistics, University Goce Delcev – Stip, 20-21 March 2024. *Tevdovski also served as co-director of the Conference.*

12. Ljuben Tevdovski (2024), ***Beyond the Cultural Containers – New Archaeological Paradigms and the Unity of the World***, International Conference "Peace and Togetherness: The Journey Ahead", dedicated to intercultural and interreligious dialogue, on the occasion of the International Day of Human Fraternity, Global Council for Tolerance and Peace and Institute of Cultural Heritage and Archaeology, Faculty of Law, Ss. Cyril and Methodius University - Skopje, February 4, 2024. *Tevdovski also served as member of the International Scientific Board of the Conference.*

13. Ljuben Tevdovski (2023), ***Ontological Insecurity and the Bursts of Glocalization as Integral Elements of the Globalization Process***, International Conference: Building Tolerance and Peace Despite Current Challenges: MENA and Europe, Global Council for Tolerance and Peace - Malta, under the patronage of the President of Malta, Parliament of Malta, Malta, 2-3 June 2023.

14. Ljuben Tevdovski (2023), ***The Borderland Culture and Frontier Identity of Skopje Valley during Roman Times, The Political and Cultural Boundaries of the Roman Balkans through the Archaeological Collections of the Museum of the City of Skopje***, Congress: Frontier Museums and Frontier as Museums - The Borders of the Roman Empire as Places of Interaction between Peoples and Cultures, Department of Classics, Sapienza University, Odeion, Museo dell' Arte Classica, Rome, 18-20 May 2023.

15. Ljuben Tevdovski (2023), ***The European Allies of Troy and the liminal zones of identity in Archaic and Classical Greece***, International Scientific Conference: Macedonia – Crossroads of Epochs, Civilizations and Cultures – History, Archaeology and Arts – Institute of History and Archaeology, Goce Delcev University, Stip, Macedonia, 23 November 2023. *Tevdovski also served as member of the Scientific Board of the Conference.*

16. Ljuben Tevdovski (2021), ***Ancient Globalization and Metacosmopolitism – Lessons to be learned***, Rooted Cosmopolitanism: Toward a Glocalization of Heritage and Heritage Practices, International Expert Meeting, National Museum of Antiquities - Leiden, VICI project, Leiden University. 4-6 November 2021.

17. Ljuben Tevdovski (2021), ***Pars Orientalis and the Invention of Oriental Other in Classical Antiquity***, International Conference: Those. Othering, Alterity, Appropriation in Ancient Art, Institute of Classical Archaeology, Hamburg University, 20 – 21 May 2021.

18. Ljuben Tevdovski (2021), ***Archaeologists and the Public: Do we have a voice of our own?*** Final General Conference: Public Archaeology in the Mediterranean Context, Institute of Heritage Sciences at the Spanish National Research Council, Santiago de Compostela, Spain & University College London, Institute of Archaeology, UCL, London, April 16-18, 2021. *Tevdovski also served as member of the International Scientific Board of the Conference.*

**Трудови презентирани во периодот до 2020 година:**

1. Ljuben Tevdovski (2020) ***"Globalization, Glocalization and the Western Bollywood"*** Session: Rooted Cosmopolitanism: Toward a Glocalization of Heritage and Heritage Practices, 26th Annual Conference of the European Association

of Archaeologists, Budapest, Hungary, 26-30 August 2020 (changed to online conference).

2. Ljuben Tevdovski (2020) ***"Global Solutions for Global Challenges: Lessons to Be Learned from Classical Antiquity,"*** Session: Human Rights, Ideology and COVID 19, International Scientific Conference: Towards the Better Future-Human Rights, Organized Crime and Digital Society, St. Kliment Ohridski University – Bitola (online conference), 02-03 October 2020.

3. Ljuben Tevdovski (2020) ***"Status and the Identities of the Hellenistic Period"*** Second Spring School of Archaeology, Petnica, Serbia 1-6 April 2020 (changed to online conference).

4. Ljuben Tevdovski (2020) ***"Decentring Roman globalization - The third century AD as the peak of the Roman globalization process",*** Session: Critical Globalisation: A Theoretical Framework for the 'Crisis' of the 3rd Century, Theoretical Roman Archaeology Conference, 16–18 April 2020, Split, Croatia, (changed to online conference).

5. Ljuben Tevdovski (2019) ***"Religious globalization in antiquity - cultes orientaux and the dynamic nature of Romanness"***, The so-called „Oriental Cults" in the Roman Empire: Mithras, Isis, Cybele, Attis, Sabazios, Jupiter Dolichenus, 17th Annual Conference of the European Association for the Study of Religions, Tartu, Estonia, 25-29 June 2019.

6. Ljuben Tevdovski (2018) ***"Tiny Kingdoms of Prophetic Ideals - The impact of the melting pot of Roman-dependent South-Eastern Anatolia on the theological and political concepts of the late Roman and early Byzantine world",*** Session: South-Eastern Anatolia at a crossroads: a multicultural Mediterranean area from the Hellenistic to the Early Byzantine period**,** 24th Annual Conference of the European Association of Archaeologists, Barcelona, Spain, 5-9 September 2018.

7. Ljuben Tevdovski (2018) ***"Deciphering and interpreting economic and social transformation and challenges through the research of the Roman solar cults, deities and rituals",*** Session: (Re)Producing images of the divine between Late Republican times and Late Antiquity, 19th International Congress of Classical Archaeology, Cologne/ Bonn, Germany, 22-26 May 2018.

8. Ljuben Tevdovski (2018) ***"Nurturing Roman Imperialism in the Localizing Traditions of the East",*** Imperialism and identities at the edges of the Roman World 4, Faculty of Philosophy, Department of Archaeology, University of Belgrade, the Faculty of Philosophy, Department of History, University of Novi Sad and the Petnica Science Center, Petnica, Serbia, 20-23 September 2018.

9. Ljuben Tevdovski (2018) ***"Floral and Zoomorphic Motifs in South Balkans' Early Christian Art as Indicators for the Process of Shaping of Early Christian Dogma in the Wider Spiritual Koinē",*** 17th International Congress of Christian Archaeology, Utrecht, Netherland, 2 – 6 July 2018.

10. Ljuben Tevdovski (2018) ***"Pluralized archaeologies - reclaiming arts and technology",*** Session: Archaeology and interdisciplinarity: Stories of the Long and Diversified Journey (19th-21st centuries), 24th Annual Conference of the European Association of Archaeologists, Barcelona, Spain, 5-9 September 2018.

11. Ljuben Tevdovski (2018) ***"We are followers of the same muse, pardon me, scientific discipline. Their script is just not updated yet!"***, Session: Archaeology and the European Far-Right - Attitudes and Responses, Twenty-five Years after Maastricht: Archaeology and Europe's future, Annual Conference of the European

Association of Archaeologists, Maastricht, Netherlands, 30 August - 3 September 2017.

12. Ljuben Tevdovski (2017) ***"Defining archaeology – between the natural method and social theory"***, Session: Reflections on Interdisciplinarity, International Conference "Disciplinary in Archaeology", Austrian Academy of Sciences & OREA, Vienna, Austria, 16-18 October 2017.

13. Ljuben Tevdovski (2017) ***"Traditions, Capacities and Responsibility of Archaeology in Confronting the Key Challenges of the Contemporary World"***, Session: Present Identities from the Past - Providing a Meaning to Modern Communities, Twenty-five Years after Maastricht: Archaeology and Europe's future, Annual Conference of the European Association of Archaeologists, Maastricht, Netherlands, 30 August - 3 September 2017.

14. Ljuben Tevdovski (2017) ***"Cultural Cooperation between Greece and Macedonia - experiences and perspectives"*** - Keynote speaker of the Cultural Cooperation Panel, CCS Thessaloniki, Columbia University & Navarino Network, Thessaloniki, Greece, 1 October 2017.

15. Ljuben Tevdovski (2017) ***"The Dangerous Migrants from the See are Coming Again! - Mobility and Cultural Dynamics in the Eastern Mediterranean",*** International Conference on Safeguarding and Promotion of Cultural Heritage, On the occasion of the International Day for Monuments and Sites, Institute of Cultural Heritage and Archaeology and Faculty of Educational Sciences, Stip, Macedonia, 18-19 April 2017.

16. Ljuben Tevdovski (2016) ***"Migrations in the cultural heritage and identity of Macedonia and the Balkan region"***, Institut National des Langues et Civilisations Orientales - Paris, International Conference: "Cinéma et Migrations", SEE a Paris, Paris, 1-5 June 2016.

17. **"Hellenistic Heritage in Focus! Comparative study of the different treatment of Hellenistic heritage by archaeology departments and museums in Macedonia"**, Keynote speaker and Co-chair with Secretary General of ICOM Macedonia and Vice-President of Balkan Museum Network, International Conference MuseumLink 2016, On the occasion of the International Museum Day, ArtLink University Coalition, Skopje, May 2016.

18. **"Archaeology and politics in the light of the contemporary challenges of the European continent"** - Lecture as Keynote speaker on the closing plenary session "Research policy - national and European Agenda", International Conference: "Archaeology and Power - Positioning for the future of researching the past", German Society of Prehistoric and Protohistoric Archaeology, Berlin, Germany. May 2016.

**Список на научни публикации на кандидатот д-р Љубен Тевдовски**
**Публикации за последните пет години со евалуација**
**Период: 2021 – 2025**
**Книги и делови од книги издадени во земјите-членки на ОЕЦД**

1. Ljuben Tevdovski (2025) ***Tiny Kingdoms of Prophetic Ideals: The Impact of the Melting Pot of Roman-dependent South-Eastern Anatolia on the Ideological and Political Concepts of the Roman and Early Byzantine World,*** In: South-Eastern Anatolia at a crossroads: a multicultural Mediterranean area from the Hellenistic to the Early Byzantine period, edited by Emanuela Borgia, Archaeopress Publishing, Oxford, England, UK.

Во овој свој значаен осврт кон Југоисточна Анадолија, Тевдовски дава еден сосема нов поглед за местото и улогата на овој регион во развојот на класичниот свет и класичната култура. Приоѓајќи на темата преку долгорочна теоретска и методолошки продлабочена анализа, авторот ги надминува стереотипите за овој регион на традиционалниот класицистички и евроцентричен поглед. Наспроти тоа, тој преку археолошкиот материјал, историската граѓа и современите компаративни и мултидисциплинарни анализи открива нова слика за овој регион како клучна алка на идеен, идеолошки, општествен и културен континуитет помеѓу хеленистичкиот и византискиот период. Тој го обработува местото на Југоисточна Анадолија во релациите со Истокот и Западот, како и во трансформациите на она што го нарекуваме персиско, хеленистичко или римско. Најпосле, овој труд ги отвора дел од најзначајните методолошки прашања на класичната археологија и класичните проучувања воопшто за местото и улогата на ориентот, како детерминанта во креирањето на идентитети и перцепции и во антиката и во модерноста.

2. Ljuben Tevdovski (2024), ***Globalization, Ancient Cosmopolitanism and the Western Bollywood,*** Rooted Cosmopolitanism, Heritage and the Question of Belonging - Archaeological and Anthropological perspectives, In: Lennart W. Kruijer, Miguel John Versluys, Ian Lilley (eds.), Routledge.

Во ова поглавје Тевдовски ги истражува корените на космополитизмот многу подлабоко од неговите традиционални западни онтологии, кои го ограничуваат неговото појавување на западно-осмислените „грчки, римски или просветителски" историски контексти. Наместо тоа, тој реконструира дебел слој протокосмополитизам поврзан со пошироките историски, политички и културни трансформации во античка Афро-Евроазија. Тој ги лоцира корените на овој развој во интензивираните процеси на глобализација на првиот милениум пр.н.е., значајно зајакнати од широко распространетиот, конзистентен и постојано трансформирачки империјален систем.

Тевдовски воспоставува хипотеза дека кулминацијата на оваа античка глобализација, која се случува во последните три века од првото милениум пр.н.е. и е тесно поврзана со децентрализацијата на универзалниот империјален модел, создала споделен „културно (и политичко) хоризонт", кој може да се категоризира како „космополитска екумена".

Поглавјето се фокусира децентрализацијата на глобалниот систем на владеење во хеленистичкиот период, како клучен елемент за зајакнување на локалните и регионалните елити, како и важен двигател на нивните економски и политички размени и размените на симболи. Најважно, авторот го реконструира низ овие процеси создавањето на универзален систем на меѓусебна легитимација на локалните, регионалните и глобални елити. Систем кој постојано ја преосмислувал споделената екумена преку синкретизација, глокализација и глобализација на бројни локални религиозни, социјални и политички традиции, наративи и симболи.

Во тој контекст, тој тврди дека оваа споделена идеологија на античка Афро-Евроазија претставува древна форма или барем предвесник на „вкоренетиот космополитизам, кој прифаќа различни корени и гранки и се потпира на легитимитетот на повеќекратни лојалности, на стоење во различни кругови, но со заедничка основа".

Дополнително, користејќи ја теоријата на глобализацијата, Тевдовски предлага нов модел кој ги истражува елементите на наследството на „светиот грал“ на западната „уникатност“, класичниот „грчко-римски“ свет. Воспоставувајќи основна структура преку компаративната рамка на поширока та екумена на античка Афро-Евразија и тројната теорема за глобализацијата на Вотерс, поглавјето синтетизира изострена слика на елементите на локализмот, глокализацијата и космополитизмот на Рим и неговото наследство.

3. Ljuben Tevdovski (in press), ***The Archaeology/s of Macedonia - A Century of Colonialism, Racism, Nationalism and Conflict and the Lessons to be Learned,*** In Bettina Arnold, Andrew Whitefield (eds.), Shifting Political Landscapes: Archaeology's Response to Nationalism, Populism and Identity in Europe, Academic Press, Elsevier.

Во оваа статија, Тевдовски убедливо ја синтетизира политизираната историја на македонската археологија и нејзиниот растечки космополитски потенцијал. Тој ефективно ги проследува імпералните идеологии од XIX век – од западниот филхеленизам, преку рускиот панславизам и хабзбуршкиот панилиризам, се до централноста на Румелија османлискиот наратив – кои го утилизираа наследството на регионот низ турбуленциите на Источната криза и покрај оскудните теренски истражувања како последица на долгорочната небезбедност. Истовремено, статијата се залага за нова „космополитска археологија“ што би го искористила денешниот подем на активни локалитети, ископувања и достапни податоци во регионот, заедно со пошироките теоретски достигнувања во археологијата и сродните дисциплини. Тевдовски претпоставува дека ваков пристап ќе го разбуди вистинскиот потенцијал на овој значаен археолошки простор – како моќно потсетување за споделеното наследство на регионот и светот.

**Други научни и стручни трудови:**

1. Ilija Rumenov, Ljuben Tevdovski, Ile Masalkovski, Donce Tasev (2025), ***The Victorious Youth Double Dilemma: from Heritage Networks to Origin and Back***, Journal of Comparative Studies, No. 18 (47), Institute of Humanities and Social Sciences, Daugavpils University, LV, ISSN 2255-9388

Овој труд го истражува „повеќеслојното патување“ на Статуата на младиот победник (Statue of Victorious Youth), извонредна хеленистичка бронзена скулптура со оспорувано модерно наследство. Студијата применува „интердисциплинарен пристап“, комбинирајќи анализи од областа на историјата на уметноста и археологијата со оние од меѓународното право, за да ги истражи, како потеклото на статуата, така и сложените правни спорови околу нејзината сопственост.

Централно место во оваа анализа зазема двојниот предизвик за усогласување на правните доктрини на „*lex originis*“ – „законот на културно потекло“ - и „*lex rei sitae*“ – „законот на наодот“ - истакнувајќи ја „двојната дилема“ помеѓу правните рамки и новите теории во хуманистичките науки и разбирањето на наследството.

Истражувањето критички ги анализира неодамнешните важни пресуди, особено одлуката на Европскиот суд за човекови права која го потврди барањето на Италија „како земја на потекло“, спротивставувајќи ги на

тековните археолошки теории која се насочуваат од напуштените парадигми за „фиксни културни контејнери“ кон „долгорочен и мрежен“ методолошки поглед кон проучувањето на минатото и светското наследство.

Трудот ја нагласува потребата од нијансирани, етички втемелени правни политики кои ја почитуваат глобално и регионално поврзаната природа на античката материјална култура, и ги истакнува импликациите од овие нови научни погледи за управувањето со наследството, процесите на реституција и музејската етика во глобализираниот свет.

2. Ljuben Tevdovski (in press) ***Napoleon's Policies, Educating Nationalism and Learning Archaeology on the Edges of the Balkans***, International Journal for Education, Research and Training (IJERT) Vol. 7.

Во овој труд Тевдовски го истражува влијанието на Наполеоновите империјални политики врз појавата на наративите на (прото)национализмот и развојот на археолошкиот интерес и традиции во периферните региони на Балканот. Преку ширењето на наполеонскиот универзализам и импресиите од античкото наследство, традиционалните средновековни идентитети во регионот беа заменети со нови наративи и идентитети инспирирани од „историските“, „измислените“ или преосмислените антички медитерански култури или „цивилизации“. Трудот ја следи актуелизацијата на античките етноними (и неретко егзоними), како Илири и Дакијци, и учеството на новите парадигми и „научни“ методи на раната археологија и материјалната култура од минатото, во легитимирањето на нови идентитети, идеологија и национални наративи.

Тевдовски го анализира предизвикувањето на Хабзбуршката монархија од страна на Францускиот империјализам, како и француското интелектуално влијание, како директни катализатори на раните процеси на содавање на националните и политички идеи на јужните словени, Романците и Албанците. На овој начин, со јасна методологија и мултидисциплинарна анализа тој ги доловува долгорочните ефекти на оваа иницијална фаза врз меѓусебната поврзаност и вкупниот развој на Балканските идентитети, национални археолошки школи и парадигмите на минатото.

3. Ljuben Tevdovski, Ile Masalkovski (2025), ***Archaeological Heritage, Cultural Diplomacy and Their Impact on the Sustainable Development of International Relations***, "A Multidisciplinary Approach to Sustainable Development Goals", Proceedings of the UKLO Annual International Scientific Conference, in support of COLOURS European University Alliance, Vol. 1 No. 1. 2025. St. Clement of Ohrid University – Bitola.

Статијата ги анализира постоечката литература и посебните студии на случаи за културното наследство во дипломатија, испитувајќи како археолошките локалитети, артефакти, културно наследство и наративи се користат во дипломатските стратегии, со цел да се промовира меѓукултурен дијалог и одржлив развој. Нејзините наоди покажуваат дека археолошкото наследство, со своето влијание врз поврзаните наративи и личните и колективни идентитети, претставува витален елемент од „умствениот софтвер“ на повеќе модерни општества.

Авторите аргументираат дека, иако може директно да се поврзе со сложените и ирационални елементи на меѓучовечките односи, археолошкото наследство поседува и голем потенцијал да служи како уникатен инструмент

на меката моќ, која може да ги зајакне меѓународните односи преку поддршка на мирот, културната разновидност, одговорниот туризам и економскиот развој.

4. Ljuben Tevdovski, Donce Tasev (in press), ***The Transformations of the Macedonian Ethno-national Narrative in the Antifascist Context - The Twilight of the 'Classical Land' through the Visions of ASNOM's vice-president Emanuel Cuckov***, In (eds.) Mitko Panov, Janceva, Gosheva, et al. "Anti-fascism between memory and oblivion", Proceedings of the International Scientific Symposium organized by the Institute of National History, on the occasion of the 80th Anniversary of the Creation of the Anti-fascist Assembly for the National Liberation of Macedonia, Skopje

Авторите на овој труд даваат уникатна нова рамка за анализа на идеолошките процеси по Втората светска војна во Македонија и во светот, нагласувајќи дека и покрај воениот и идеолошки пораз над националсоцијализмот, XIX-вековниот германски *Kultur* концепт останал доминантен во изградбата на светот на „слободните нации" и општествата на поствоена Европа. Овој труд ги анализира трансформациите на македонскиот етнонационален наратив во една уникатна, широка методолошка матрица со мерливи компаративни параметри. Фокусирајќи се на визиите и светогледите на еден водечки македонски интелектуалец, потпретседателот на АСНОМ, Емауел Цуцков, авторите го откриваат идеолошкото опкружување на повоената Македонија, каде што интелектуалните традиции и конзервативните и либералните идеолошки остатоци биле брзо потиснати од новите комунистички или комунистички-инспирирани принципи и идеи.

Трудот воспоставува нова хипотеза дека елементите од раниот „цивилизациски" или „француски" модел на националниот идентитет, кои биле доминантни во структурата на предвоените наративи на македонскиот идентитет, поради посебноста на македонскиот антифашистички контекст, биле деградирани во полза на повеќе *Volksgeist*-центрираниот историски наратив. Анализирајќи ги траекторите на ова влијание во повоениот период, авторите сепак ја забележуваат издржливоста и вкоренетоста на традиционалната структура и топоси на македонскиот идентитет, чии контури повторно јасно се појавуваат во процесите на демократизација во последните децении на XX век.

5. Ljuben Tevdovski (2025), ***The Early International Archaeological Competition in the Eternal City - The Concert of Europe through the efforts of the Foreign Archaeologists in 19th century Rome***, FES Yearbook Vol. 14, 2025. Faculty of Educational Sciences, Goce Delcev University. https://eprints.ugd.edu.mk/37054/

Овој труд ги истражува почетоците и динамиката на раниот меѓународен археолошки натпревар во „Вечниот град" Рим во 19 век, а во контекстот на Концертот на Европа. Во него се анализира како странските археолози, особено германските дипломати и научници, станале клучни фигури во обликувањето на археолошките истражувања и политиките за културно наследство во Рим. Посебен фокус е ставен врз улогата на значајни личности како Карл Вилхелм фон Хумболт и неговите наследници, со акцент на нивните научни придонеси и дипломатско влијание во развојот на „научниот пристап" кон археологијата и во основањето на важни институции како Германскиот археолошки институт. Дополнително се анализира динамиката на натпреварот меѓу големите европски сили - Германија, Франција и Англија - во сферата на археологијата,

нагласувајќи ја испреплетеноста на научниот напор, националниот престиж и културната дипломатија. Трудот аргументира дека овој историски контекст ја разоткрива двојната улога на археологијата: како академска дисциплина и како инструмент на меѓународната политика, со долгорочни последици врз академските парадигми во областа на зачувувањето на наследството и археолошката теорија.

6. Ljuben Tevdovski (2025), ***Digging Illyrians cum Interpretatione Gallica - Transforming Balkan Identities through the Ideas of the French Revolution,*** Journal EUrope: cultures, memories, identities, Issue 2/2025, "Dunarea de Jos" University of Galati.

Трудот го анализира длабокото преосмислување на идентитетите и ентитетите на Европа и светот во периодот по Француската револуција. Тој анализира како во борбата на новите граѓански елити против аристократите на стариот режим, се менуваат дел од основните идентитетски парадигми, заменувајќи ги средновековните традиции со преосмислени античко-медитерански наративи. Авторот го следи продорот на оваа значајна идејна трансформација, која тој ја условил како „interpretatione Gallica" преку освојувања, административни реорганизации и културна дифузија. Трудот ги анализира ефектите на хибридизација, реплицирање и глокализација на античките идентитети низ Европа, преку овој нов идеен концепт.

Најпосле, трудот се фокусира на овој трансформативен процес на студијата на случајот на Француските Илирски Покраини (1809–1814), каде што „Interpretatione Gallica" културната матрица го поттикнува еволуирањето на „Илиризмот" од Хабзбуршка империјална пропаганда во еманципаторски културен, социјален и политички сепаратизам.

7. Ljuben Tevdovski, Vera Hadji-Pulja, Gaetan Hulot (2024), ***From Ethics of Archaeology to Archaeology of Ethics***, Review of the Institute of History and Archaeology, RIHA Special Issue: Macedonia – Crossroads of Epochs, Civilizations and Cultures, Vol. 1 No.4.

Овој труд на авторите воспоставува особено интересен научен дијалог со анализите на нивни колегите од Велика Британија и други земји. Уште поважно, тој очигледно претставува продолжение на веќе остварените научни соработки и размени, со што македонската теоретска мисла се поврзува со различни центри на науката во светот. Во него авторите нудат важна алтернативна или дополнителна насока за развивање на професионална етика во археологијата, поврзувајќи ја со таканаречената „етика на доблестите". Делата, идеите и постигањата на колегите, како Белфорд и Веит, претставуваат почетна точка на анализите на овој труд, кој се крева над археолошката етика, целејќи кон археолошки долгорочен преглед на етичното и доблесното.

Затоа она што започнува како теоретска анализа на етичките кодекси на одредени здруженија на археолози и археолошката пракса воопшто, преку овој труд се трансформира во поцелоопфатна научна слика за етиката и доблеста на археологијата и археолошката или почетна парадигма на етиката воопшто. Најпосле, авторите ја оставаат оваа научна рамка отворена со цел таа да послужи за идни акумулирани анализи во поширокиот теоретски мултидисциплинарен корпус на општествените и хуманистичките проучувања.

8. Ljuben Tevdovski, Vera Hadji-Pulja, Gaetan Hulot (2024), ***The Garden in the Empire***, Review of the Institute of History and Archaeology, RIHA Special Issue: Macedonia – Crossroads of Epochs, Civilizations and Cultures, Vol. 1 No.3.

Овој труд дава интересен придонес кон современите погледи за развојот на хеленистичката епоха, идеите на класичната цивилизација и трансформациите во интелектуалната историја на Медитеранот и Стариот свет. Тој ги истражува помалку познатите врски помеѓу епикурејското учење и политиката. Авторите го земаат предвид, општоприфатеното мислење за епикурејците, како философи кои го прифаќаат правилото кое налага одбегнување на политички ангажман во име на мирот и спокојството. Тие го анализираат епикурејското застапување за λάθε βιώσας – за живеење „незабележано“, „скриено“ или „незнајно“ – начин на живот што е намерно аполитичен. Па сепак, методично и без предубедувања ги анализираат трите причини за опфрлањето на политиката во најширока смисла на зборот, и тоа: (1) како замена за традиционалната граѓанска политика со „вистинската политика“, а која се состои во грижа за душата; (2) како одраз на општата политичка состојба во македонскиот империјалистички период, кога полисот е ставен во втор план; (3) како „рамнодушен конзервативизам“, кој претставува пасивно прифаќање на политичката реалност.

Спротивно на вообичаениот поглед, кој ги восприема како аполитични, трудот исто така прави особено интересен историски преглед на фактичката политичка инволвираност на неколку епикурејци и следбеници на епикурејството. Авторите заклучуваат дека инволвираноста се пројавува во три главни облици: (1) оние кои биле во пријателски односи со владетелите (македонските елити или нив потчинети поединци), се обидувале да влијаат врз нив или ги советувале; (2) најмалку еден епикуреец бил подготвен да се спротивстави на системот преку јасна политичка акција (заговор, па дури и атентат); (3) група епикурејци која вршела јавни функции. На овој начин, трудот ги разоткрива доследно стереотипизираните и симплифицирани погледи кон класичната епоха, нејзините протагонисти и нивното интелектуално наследство, предлагајќи дека сепак, и теоретски и практично, Градината го нашла своето место во рамките на Империјата.

9. Ljuben Tevdovski, Ilija Rumenov, Donce Tasev (2023), ***Three “Synapses” of the Legal Protection of the Macedonian Cultural Heritage: A Reconsideration of Capacities and Perspectives***, Review of the Institute of History and Archaeology, RIHA Special Issue: Macedonia – Crossroads of Epochs, Civilizations and Cultures, Vol. 1 No.2.

Трудот претставува нова интердисциплинарна теоретска, како и апликативна, матрица која има за цел да обезбеди компаративен преглед и комбинирање на различните национални и меѓународни аспекти на правната заштита на културното наследство. Тој ги истражува трите клучни правни патишта за заштита на македонското културно наследство: националната легислатива, вклучувајќи го Законот за култура и Законот за културно наследство, и меѓународниот рамка со посебен фокус на Конвенцијата на УНЕСКО за средствата за забрана и спречување на недозволениот увоз, извоз и пренос на сопственост на културните добра (1970) и судската пракса на Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП).

Трудот ги проценува можностите за усогласување на овие рамки во насока на зајакнување на заштитата на културното наследство, со препораки за зајакнување на институционалните капацитети, меѓуграничните соработки и правната примена за справување со новонастанатите предизвици во заштитата на македонското културно наследство.

Дополнително, овој сеопфатен преглед на наследството и правото ги анализира слабостите и недореченостите на македонскиот систем за заштита на културното наследство, нагласувајќи ја потребата од континуирана еволуција, како и зголемена компатибилност и интеграција во поширокиот меѓународен и европски правен контекст.

10. Ljuben Tevdovski, Vera Hadzi-Pulja, Gaetan Hulot (2023), ***Alexander through the Prism of Aristotle***, Review of the Institute of History and Archaeology, RIHA Special Issue: Macedonia – Crossroads of Epochs, Civilizations and Cultures, Vol. 1 No.1.

Овој труд дава нов научен импулс кон хеленистичкиот период, класичната епоха, но и развојот на интелектуалната историја воопшто. Тој расправа за Александар III Македонски од аспект на аристотеловото учење за најдоброто владеење, кое, според Аристотел, почива меѓу другото врз доблеста. Поточно, тој расправа за Александар во поглед на можноста, разгледана од Аристотел во неговата Политика, за личност која е подоблесна од останатите до таа мера што се смета за „бог меѓу луѓето", или за која „нема закон" бидејќи претставува „самата закон". Иако бројни толкувачи низ историјата на философијата се осврнуваат на Александар во поглед на оваа можност, тие го прават тоа без да земат предвид една клучна тешкотија, подвлечена од Аристотел, во неговите увиди за споменатата личност. Авторите нагласуваат дека, иако се чини дека врз основа на нејзината исклучителна доблесност, на една таква личност природно и следува да владее, истата исклучителна доблесност ја поставува и „надвор од градот-држава", значи, вон јавната – политичка – средина воопшто. Оттаму, трудот го поставува прашањето: зар некој може да владее со дадена заедница доколку се наоѓа надвор од неа? Крајната цел, поставена од авторите е да се образложи начинот на кој „случајот Александар", како образец на една замисла нафрлена во Аристотеловата Политика, претставува одговор на ова прашање.

11. Ljuben Tevdovski, Ile Masalkovski (2021) ***Classicism and Orientalism in the Light of the New Globalization Theories*** In: Journal of Liberty and International Affairs, Vol.6. No.3. 2021, The Institute for Research and European Studies – Bitola, eISSN 1857 – 9760

Овој труд претставува впечатлива анализа за местото и улогата на класичната традиција во откривањето како на историските загатки, така и на општествените и идејните предизвици на сегашноста. Авторите, класичен археолог и теоретичар на меѓународните односи, но и познавачи на класичната философија и религии, отвораат суштински теми поврзани со методолошкиот пристап кон истражувањето на минатото. Лоцирана помеѓу научните традиции и недоумиците на класичарите и ориенталистите, оваа анализа отвора еден нов лист на пост-постмодерните проучувања. Авторите не само што презентираат големо знаење и разбирање за новите научни трендови, а пред се глобализациските теории, античката глобализација и влијанијата на империјализмот, туку нудат и смели хипотези и конкретни решенија, кои имаат за цел да ги ослободат современите анализи од застарените обвивки на традициите на своите научни дисциплини. На овој начин трудот ја отвора класиката, не само кон современите проучувања во економијата, философијата и социологијата, но и анализите на современите меѓународни односи и проучувањата на тенденциите на современиот глобализациски процес.

12. Ljuben Tevdovski (2021) ***The Classical Message in a Bottle: Should "Classical Wisdom" Determine Our Identities in the Future?*** Journal of Comparative Studies, No.14, (43), Institute of Humanities and Social Sciences, Daugavpils University, LV, ISSN 2255-9388

Во овој труд, разгледувајќи ги „пораките во шише", затскриените мудрости, значајните сознанија, идеите и пораките на старите епохи, авторот посочува на потребата од повторно препрочитување на класичната епоха и класичното наследство. Пристапот на овој труд е деконструктивистички, разобличувајќи ги елементите на „класичното", кои се повеќе рефлексија на модерноста отколку на антиката. Авторот поаѓа од клучната дебата на Хантингтон и Фукујама од крајот на Студената војна за иднината на светот, деконструирајќи го преку неа нашето модерно себепоимање и себеидентификација преку класичната епоха и нејзините мотиви и симболи. Тој ги спротивставува идеите на Хантигтон и Фукујама за идентитетот на класичното и „западното", со автентичните пораки на класичниот свет, разоткривајќи ги напластените елементи на модерноста и нејзините идентификациски симболи врз нашето знаење и проучувањето на класичното минато. Авторот ги вади од контекстот на вообичаените утилизации најзначајните симболи на класичната мисла како Августин од Хипо или Сократ, анализирајќи ги повторно во нивниот оригинален општествен контекст. Така, тој доаѓа до заклучоци кои не наведуваат да размислиме дали објективизацијата и продлабочените нови истражувања на класичниот период не се корисни, како за деконструкција на конзервираните стереотипи за нашето наследство, така и за новите погледи кон предизвиците во иднината. Во таа смисла, авторот се согласува со Хантигтон дека преку погледот кон минатото можеме да „ја обновуваме и зачувуваме" уникатноста на нашата цивилизација. А сепак, не заборава да нагласи дека многу од класичните поуки, како оние на Августин од Хипо, не не повикуваат кон конзервирање на нашата цивилизација поради зачувување. Напротив, ваквите пораки, според впечатливата аргументација на авторот, можат да укажат еднакво и кон правецот на изградба на цивилизација отпорна на современите предизвици преку пронаоѓањето на најуниверзалните и споделени вредности кои таа ги носи во себе.

**Публикации издадени пред 2021 година**

1. Ljuben Tevdovski (2020) ***The Beauty of the Oikumene Has Two Edges: Nurturing Roman Imperialism in the "Glocalizing" Traditions of the East,*** In: Community and Identity at the Edges of the Classical World, edited by Aaron W. Irvin, Wiley Blackwell, Hoboken, NJ, USA, ISBN: 978-1-119-63071-5
2. Ljuben Tevdovski, Ile Masalkovski (2020) ***Global Solutions for Global Challenges: Lessons to Be Learned from Classical Antiquity*** In: Proceeding book of the International Scientific Conference: Towards the Better Future-Human Rights, Organized Crime and Digital Society, St. Kliment Ohridski University – Bitola, 02-03 October 2020.
3. Ljuben Tevdovski, Ile Masalkovski (2020) ***The Quest for Unity – Owning or Sharing the Traditions of the Classical World*** In: Horizons, International Scientific Journal, Series.1, Year XII, Vol.25. ISSN 1857-9884

4. Ljuben Tevdovski, (2019), ***On the Identities of Hellenistic Globalization - The Unified World of Diversity*** In: Review of the Institute of History and Archaeology, RIHA, December 2018, Vol.4 No.1. pp. 114-126. ISSN 2671-3144 eISSN: 2671-3152

5. Ljuben Tevdovski, (2019), ***Antipater vs. Parmenion – A Curious Lyric Battle over the Ideas and Identities in Roman Macedonia,*** Review of the Institute of History and Archaeology, RIHA, December 2019, Vol.6 No.1. pp. 16-28. ISSN 2671-3144 eISSN: 2671-3152

6. Ljuben Tevdovski, (2018), ***The one world perspective - Chronological overview of the development of Alexander's Oikumene,*** Review of the Institute of History and Archaeology, RIHA, December 2018, Vol.5 No.1. pp. 92-119. ISSN 2671-3144 eISSN: 2671-3152

7. Ljuben Tevdovski, (2018), ***From Philopappus to Aristides and Back – Rethinking the Transformations of the Ideas and Ideology of Romanness during the II century,*** Review of the Institute of History and Archaeology, RIHA, December 2018, Vol.5 No.1. pp. 15-25. ISSN 2671-3144 eISSN: 2671-3152

8. Ljuben Tevdovski, (2017), ***The two supposed waves of 'classical' Acculturation and their impact over the European Culture and Identities***, Review of the Institute of History and Archaeology, RIHA, April 2017, Vol. 4 (1). pp. 50-69. ISSN 2671-3144 eISSN: 2671-3152

9. Ljuben Tevdovski, (2016), ***Traveling Brokers of Legitimacy - the Shared Proto-history of Classical Archaeology and Modern Diplomacy in Early Modern Europe***, Review of the Institute of History and Archaeology, RIHA, December 2016, Vol. 3 No.1. pp. 132-149. ISSN 2671-3144 eISSN: 2671-3152

10. Stojko Stojkov, Ljuben Tevdovski, (2016), ***Few Dilemmas Related to the Alleged Bulgarian Plans for Incursion in 'Sclavinia Berzitia',*** Review of the Institute of History and Archaeology, RIHA, December 2016. Vol.3 No.1. pp. 90-109. ISSN 2671-3144 eISSN: 2671-3152

11. Ljuben Tevdovski (2016) ***Between Classical Archaeology and Neo-orthodoxy – the Transformations, Identities and Challenges of the Political Elites in Contemporary Greece***, Political Thought, Y. 14, No. 52, December 2016, pp. 9-34. ISSN 1409-9853

12. Ljuben Tevdovski (2016) ***History of Classical Archaeology and its impact on the identity, culture and politics of the European nations,*** Macedonian Journal of Political Science, Vol. VII, June 16, 2016, pp. 105-117. ISSN 1857-9167, e-ISSN 1785-6812

13. Ljuben Tevdovski (2015), ***French revolution, archaeology and their imprints in the contemporary French and European identity*** – Horizons ISJ, Bitola, Republic of Macedonia.

14. Ljuben Tevdovski (2015), ***The Congress of Vienna: Archaeology, Nationalism and the Values of the Modern World*** – Political Thought, Skopje, Republic of Macedonia.

15. Ljuben Tevdovski (2015), ***Learning Archaeology and History for the Future - The socio-political impact of the new scientific and educational views on classical archaeology***, FES – proceedings from the international conference, Shtip, Republic of Macedonia.

16. Ljuben Tevdovski (2015), ***The Re-emerging Traditions of the Cultural Diplomacy of the West***, Iustinianus Primus Law Review, Skopje, Republic of Macedonia.

17. Ljuben Tevdovski (2009), ***Cultural Diplomacy – An Essential and Creative Component in the Toolkit of Contemporary Diplomacy***, Macedonian Information Centre, Skopje, Macedonia.

18. Ljuben Tevdovski (2008), ***Cultural pluralism: The key component of contemporary international relations***, Political Thought, Skopje, Republic of Macedonia.

19. Ljuben Tevdovski (2008), ***Culture as Vehicle of Global Dialog***, Macedonian Foreign Policy Journal Crossroads, Skopje, Republic of Macedonia.

**Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност**

Од неговото ангажирање на Факултетот за образовни науки до денес, Љубен Тевдовски бил важен и постојан иницијатор и организатор на повеќе научни форуми, конференции и симпозиуми. Првата конференција на Факултетот за образовни науки: Меѓународната конференција за заштита и промоција на културното наследство по повод Меѓународниот денот на споменици и локалитети, во својство на претседател на Научниот одбор, Тевдовски ја организирал во периодот 18-19 април 2017 година.

Речиси цела деценија од тогаш, Тевдовски бил главен организатор, директор, претседател на организациски, програмски и научни одбори и член на управни и научни одбори на низа меѓународни и национални научни и стручни конференции во областа на археологијата и културното наследство и пошироко.

Така, само во 2024 г., д-р Тевдовски организирал и координирал четири конференции за културно наследство, во соработка со колеги професори и факултети при Универзитетот „Гоце Делчев", како и други бројни национални и меѓународни партнери и организации.

Во 2025 година, пак, тој, меѓу другото, бил лидер, програмски директор и член на Меѓународниот научен одбор на првиот Меѓународен симпозиум за теоретска медитеранска археологија - Лихнида, на кој присуствувале преку 60 научници од повеќе земји во светот. На симпозиумот се потпишани повеќе договори за соработка, вклучувајќи го договорот за соработка помеѓу Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип и Кал Поли Хумболдт универзитетот од Калифорнија.

Д-р Тевдовски е член на многубројни научни и стручни здруженија, каде што застанувал на одговорни позиции и активно учествувал во работата на разни научни и стручни тела во нив. Тевдовски бил повеќегодишен член на: Европската асоцијација на археолози - Прага, Меѓународната асоцијација за класична археологија - Рим, Друштвото за антички медитерански религии – Атланта, САД, како и Македонското археолошко друштво, Институтот за културно наследство и археологија, Охридската академија на хуманизмот, Фондацијата Алијанса на цивилизациите и многу други.

Тој бил член на повеќе факултетски органи и комисии, како Комисијата за изработка на елаборати за студиските програми Историја и археологија и Работна група за истражување и подготовка на елаборати за акредитација на студиски програми на англиски јазик од прв циклус студии.

Со Одлука на Министерството за образование и наука во 2024 година д-р Тевдовски е избран за член на Националната комисија за учебници.

Во периодот од последниот избор во наставно-научно звање до денес (пред распишување на Конкурсот за избор во наставно-научно звање во 2025), Љубен Тевдовски подготвил и учебник по предметот Хеленистички монархии, објавен како е-учебник од Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, а се користи од студентите, како за предметот Хеленистички монархии, така и за Класични цивилизации, Античка Македонија II и други.

Љубен Тевдовски (2025), ***Хеленистички монархии - Философијата на Александровата екумена***, е-учебник, Универзитет „Гоце Делчев“. http://e-lib.ugd.edu.mk/1248

Претходно, Тевдовски подготвил и скрипта и практикум за предметот Класични цивилизации, кои се користат од студентите од студиските програми: Историја и археологија и во комбинираната студиска програма Историја и археологија.

Љубен Тевдовски (2020), ***Класични цивилизации***, е-скрипта, Универзитет „Гоце Делчев“.

Љубен Тевдовски (2020), ***Практикум по Класични цивилизации***, е-практикум, Универзитет „Гоце Делчев“.

Во годишниот план за издавачка дејност на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип за 2025 година е предвидено издавање на нов практикум по предметот Музеологија и нов практикум по предметот Хеленистички монархии, чиј прв автор е д-р Тевдовски. Истите се во финална фаза на изработка.

Љубен Тевдовски, Илија Руменов, Донче Тасев (in press), ***Правна заштита на културното наследство - Музеолошки, меѓународно јавно правни и меѓународно приватно правни аспекти***, е-практикум, Универзитет „Гоце Делчев“.

Љубен Тевдовски, Вера Хаџи-Пуља, Гаетан Оливие Хулот (in press), ***Низ идеите, дилемите и интерпретациите на хеленистичките философи***, е-практикум, Универзитет „Гоце Делчев“.

**Поширок професионален профил**

Археолошкото портфолио на Љубен Тевдовски се надополнува со неговите останати професионални интереси, искуство и капацитети со широк фокус во културата, културниот менаџмент и меѓународните односи.

Неговото портфолио опфаќа и дведецениско искуство во културниот, образовниот и невладиниот сектор и меѓународните односи, како и значајни академски, научни и општествени ангажмани и одговорности.

Тевдовски бил директор на Музејот на Град Скопје и помошник-директор на Фондот на холокаустот на Евреите од Македонија, каде што бил и активно вклучен во организирањето на музејската поставка на Меморијалниот центар во Скопје.

Во Министерството за надворешни работи на Република Македонија бил ангажиран во секторите за едукација и јавна дипломатија и предавал јавна и културна дипломатија на Дипломатската академија на Министерството. Тој се вбројува и помеѓу основачките членови на Уредувачкиот одбор на *Крстопати* – Македонскиот журнал за надворешна политика, во издание на Министерството за надворешни работи и Македонскиот информативен центар, каде што повеќе години бил член на уредувачкиот одбор и советник.

Љубен Тевдовски ги исполнувал и должностите раководител на Секторот за национални приоритети на македонското Министерство за надворешни работи и  советник за јавна дипломатија на претседателот на Република Македонија. Д-р Тевдовски бил амбасадор на Република Македонија во Канада и повеќегодишен член на Советот за Надворешна политика на претседателот на Република Македонија.

Тевдовски соработувал со различни меѓувладини, меѓународни и национални институции, културни, образовни и граѓански организации. Помеѓу позначајните институции, организации и влади со кои соработувал или на чии проекти бил ангажиран се: Совет на Европа, UNESCO, ЦЕИ, Пактот за стабилност, UNCEF, Европската комисија, Владата на САД, Влада на Шведска, Министерство за еднакви можности, Норвешката Влада и Балканскиот фонд, Австриската Влада, Федералното Министерство за надворешни работи, Данска Влада, Швајцарската федерална влада, Влада на Италија, Hanns Seidel Stiftung, Konrad Adenauer Stiftung, Swiss HorYzon, Влада на СР Германија, Европски младински центри -Стразбур и Будимпешта, (ТАО) Канцеларијата за техничка помош на Европската комисија за програми на заедниците (етимолошки превод на Community Programmes), Европска младинска фондација, Европска културна фондација, Шветската Агенција за меѓународен развој (SIDA), Француско-германски фонд за соработка, Чарлс Стјуард Мот (Charles Stewart Mott) Фондација, Европски центар за малцински прашања, Француската алијанса и многу други.

Повеќе од пет години Љубен Тевдовски бил национален координатор за Македонија на Интеркултурелес центрум во Виена, Националната агенција за Европски програми на Австрија, бил соработник на германската реномирана организација за Меѓународни културни размени (International Cultural Youth Exchange), соработник на повеќе УНЕСКО клубови во земјите на Европската Унија, организатор на европскиот проект Поврзување преку културата финансиран од Програмата Култура на Европската Унија, Културните проекти „Дионис се враќа во Македонија“ во Охрид и „Ашиковање“ во Сараево, финансирани од Европската програма за млади и многу други меѓународни културни настани.

Љубен Тевдовски иницирал и бил издавач на две едиции на македонска поезија, организирал литературни читања, стрип работилници, театарски претстави, учествувал во значајни археолошки проекти, како и во организирањето и менаџирањето на значајни културни манифестации, како Битола *Отворен град*, Франкофонскиот фестивал „Солстис“, Етно-фјужн фестивалот, Бит фест и Индепенденс фест.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Согласно со член 173 став 8 од Законот за високо образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, по деталното разгледување на доставената документација Рецензентската комисија со големо задоволство констатира дека вонреден проф. д-р Љубен Тевдовски значително го надминува вкупниот предвиден квантум на поени за избор во звањето редовен професор, остварувајќи вкупно 194.7 поени (НО-40 + НИ-120.7 + СА-34).

Врз основа на анализата и оценката на вкупната наставно-образовна, научноистражувачка и стручно-апликативна и организациско-развојна дејност на кандидатот д-р Љубен Тевдовски може да се заклучи дека во сите наведени дејности тој постигнал мошне значајни резултати. Во наставно-образовната дејност тој, како вонреден професор, потврдил дека може да се соочи со предизвикот на ангажирање на повеќе предметни програми. Во научноистражувачката и стручно-апликативната дејност и организациско-развојната дејност кандидатот д-р Љубен Тевдовски се афирмирал како особено солиден и афирмиран истражувач кој ја совладал методологијата на научното истражување, како од теориски, така и од практичен аспект. Анализата на објавените трудови и трудовите презентирани на научно-стручни собири во земјава и во странство покажува дека кандидатот ја насочил својата истражувачка дејност кон сопствено надградување за реализација на наставата, која треба да му биде доверена, но истовремено дал и свој придонес за афирмација на археологијата кај нас и во пошироки размери.

Врз основа на изнесеното, Рецензентската комисија позитивно ја оценува целокупната работа на кандидатот д-р Љубен Тевдовски и е на мислење дека тој ги исполнува условите за избор во наставно-научно звање.

Затоа, ни претставува особена чест и задоволство на Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип да му предложиме д-р Љубен Тевдовски да го избере во звањето редовен професор за наставно-научните области: класична археологија и теорија и историја на археологија, а одлуката да ја достави до Универзитетскиот сенат за потврдување.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**
Д-р Сташа Бабиќ, редовен професор, претседател, с.р.
Академик Мигуел Џон Вершлаус, редовен професор, член, с.р.
Д-р Драги Митревски, редовен професор, член, с.р.

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| Р. бр. | Наставно-образовна дејност | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | Вкупно |
| | Избор во звање вонреден професор | | 40 | | | 40 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **40** |
| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
| | | Во земјава | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | Вкупно |
| | Дел од монографија или научна книга | | | 2 | 10 | 20 |
| | Научен труд објавен во меѓународно научно списание<br>прв автор: ред. бр. 7, 8, 9, 10 ,11, 12<br>втор автор: ред. бр. 1, | 5 | 5x9x1 = 45 | 2 | 1x9x1,3 + 1x6x1 = 17,7 | 62,7 |
| | Учество на научен собир со реферат (усно),<br>во земјава: ред. бр. 1,2,5,6,9,15,<br>во странство: ред. бр. 3,4,8,14,16,17 | 6 | 6x1,5 | 6 | 6x2 | 21 |
| | Раководител на научен проект | 1 | 4 | | | 4 |
| | Учесник на научен проект (максимум во три проекти) | 1 | 2 | 1 | 3 | 5 |
| | Уредник на научно списание (останати) | 1 | 3 | | | 3 |
| | Член на уредувачки одбор на научно списание (ЦА, останати) | 1 | 1 | 1 | 2 | 3 |
| | Претседател на организациски или научен одбор на научен собир | 1 | 2 | | | 2 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **120,7** |
| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | Во земјава | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | Вкупно |
| | Учебник | 1 | 10 | | | 10 |
| | Труд во стручно (научно-популарно) списание: ред. бр. 5 | 1 | 2 | | | 2 |
| | Пленарно предавање на стручен собир<br>Во земјата: ред. бр. 7,10,11,12<br>Во странство (ред. Бр. 13) | 4 | 4x2 | 1 | 1x4 | 12 |
| | Учество на стручен собир со реферат(усно): ред. Бр. 18 | 1 | 1 | | | 1 |
| | Член на владини тела | 1 | 5 | | | 5 |
| | Член на факултетски орган, комисија | 2 | 2x2 | | | 4 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **34** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **194,7** |

**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ НАСЛОВЕН ДОЦЕНТ ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ОРТОПЕДСКИ БОЛЕСТИ НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр.2002-43/17 од 28.1.2026 година донесена на 351. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, одржана на 28.1.2026 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во насловно звање насловен доцент за наставно-научна област ортопедски болести на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип во следниов состав:

- **проф. д-р Јасмин Циривири**, вонреден професор за наставно-научната област ортопедски болести, Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип – претседател;
- **проф. д-р Виктор Камнар,** насловен вонреден професор за наставно-научната област ортопедски болести, Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип – член;
- **доц. д-р Александар Трајановски**, доцент за наставно-научната област ортопедски болести, Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Вечер” и „Коха“ на 26.12.2025 година, а во предвидениот рок се пријави кандидатот:

д-р Зоран Несторовски, доктор по медицински науки, специјалист ортопед.

Врз основа на приложената документација од кандидатот, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип да го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Кандидатот **д-р Зоран Несторовски** е роден 26.5.1968 година во Тетово. Основно и средно образование завршува во Тетово, континуирано со одличен успех. Со високо образование се стекнува на Медицински факултет во Скопје, каде што дипломира во 1993 година. По дипломирањето се вработува како лекар во ПЗУ „БаМи Кор Медика“ - Тетово до 1997 година. По обука на Воената академија на АРМ со чин поручник е поставен за началник на Санитетска служба во касарна Тетово, каде што работи до 2001 година. Со добивањето на специјализација по ортопедски болести се вработува во Воена болница – Скопје. Специјализација на ортопедска хирургија на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ завршува во 2005 година. За раководител на Одделението за ортопедија и трауматологија при ЈЗУ ГОБ „8 Септември“ во Скопје е назначен во 2017 година, па се до денес. Докторските студии на Медицинскиот факултет во Скопје ги завршува на 29.3.2023 година, со одбрана на докторската дисертација со наслов „Евалуација на клинички резултат при реконструкција на преден вкрстен лигамент со графт од m.semitendindosus – m.gracilis и графт од m. semitendinosus“.

Во текот на своето работно искуство посетува бројни обуки надвор од земјава, учествува на многубројни конгреси и симпозиуми од областа на ортопедија и трауматологија, а особено од областа на хирургија на колено.

***Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање насловен доцент***

Кандидатот д-р Зоран Несторовски ги исполнува законските услови за избор во звање насловен доцент на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

***Општи услови за избор:***

- Просек од додипломски студии 8.3 (Медицински факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј”, Скопје, С. Македонија);
- Научен степен доктор на медицински науки, стекнат на Медицински факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј”, Скопје, С. Македонија, со одбрана на докторска дисертација со наслов „Евалуација на клинички резултати при реконструкција на преден вкрстен лигамент со графт од m.semitendinosus -m.gracilis и графт од m.semitendinosus“;
- Специјализација по ортопедски болести (завршена на Катедрата за ортопедски болести на Медицински факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј”, Скопје, С. Македонија);
- Список на научни трудови во референтна научна публикација;
- Потврда за познавање на англиски јазик.

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Статус на списанието |
|---|---|---|---|---|
| 1. | **Dr.Z.Nestorovski**,Dr.Z. Vangelovska, Dr.A.M. Maneva | Clinical evaluation of knee instability after anterior cruciate ligament reconstraction with autograft;quadrupled m.semitendinosus versus m.semitendinosus and m.gracilis | International Journal of Recent Research in Arts and Sciences | 2018 |
| 2. | **Dr.Z.Nestorovski**,Dr.Z. Vangelovska, Dr.J Ciriviri, Dr.D.Talevski, Dr.A.M.Maneva | Evaluating knee function post-ACL reconstruction: conventional versus all-inside technique using Lysholm score | Archives of public health | 2009 |
| 3. | **Dr.Z.Nestorovski**,Dr.Z. Vangelovska,Dr.D.Talevski ,Dr.N.Petkov,Dr.A.M.. Maneva , Dr.A .Georgiev | The impact of Anterior cruciate ligament reconstruction on Muscle diameter: A pre and post operative comparition. | Research in Physical Education„Sport and Health | 2012 |
| 4. | **Dr.Z.Nestorovski**,Dr. Z.Vangelovska,Dr.A.M. Ilieva | Pain assessment after anterior cruciate ligament reconstruction with autograft:quadrupled m.semitendinosus versus m.semitendinosus and gracilis. | Arch Pub Health | 2009 |

***Посебни услови:***

- Препораки од двајца професори од соодветната област;
- Објавено поглавје од книга „Prednja ukrstena veza kolena“, Нови Сад, 2024 г. All inside rekonstrukcija prednje ukstene veze kolena (стр. 249 – 258);
- Активно партиципира во работилници и има престои во странство, со што го унапредува своето стручно познавање.

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Д-р Зоран Несторовски како специјалист по ортопедија активно учествува во практична едукација на специјализантите од областа на ортопедија.

***Во прилог е прикажана кратка научна евалуација на трудовите во последните пет години***

1. Zoran Nestorovski, Dr.Zorica Vangelovska, Dr.Ana-Marija Maneva, Clinical evaluation of knee instability afteranterior cruciate ligament reconstractionwith autograft;quadrupled m.semitendinosus versus m.semitendinosus and m.gracilis. Journal of Recent Research in Arts and Sciences,Vol.19,ISSN:1857-8128(2024)

Цел на овој труд е да се направи компарација на степенот на нестабилноста на коленовиот зглоб преку специфични тестови во тек на предоперативниот период и три и осум месеци по оперативниот третман. Компарацијата е направена помеѓу два метода: автографт на тетивата за реконструкција на ПВЛ на m.semitendinosus-m.gracilis наспроти автографт на тетива на m.semitendinosus. Клиничката евалуација покажа дека на три месеци од оперативниот третман нестабилноста е почесто детектирана кај пациенти оперативно третирани со графт од мускулите semitendinosus и gracilis.

2. Dr. Zoran Nestorovski, Dr. Zorica Vangelovska, Dr. Jasmin Ciriviri, Dr. Darko Talevski, Dr. Ana-Marija Maneva, Evaluating knee function post-ACL reconstruction: conventional versus all-inside technique using Lysholm score, Archives of public health,Vol.16.No 2(2024)

Внатрешните нарушувања на коленовиот зглоб се многубројни и оставаат големи последици на пациентот во однос на функцијата и квалитетот на живот. Ова истражување ги покажува резултатите на пациентите лекувани во болницата „8-ми Септември" на Одделот за ортопедија и трауматологија**.** Во трудот е прикажана компаративна анализа на субјективните симптоми кои се јавуваат кај пациентите оперативно третирани од два различни метода во тек на предоперативниот период, три и осум месеци по оперативниот третман.

3. Dr. Z. Nestorovski, Dr. Vangelovska, Z, Dr.Talevski D, Dr. Petkov N, Dr. Maneva A, Dr. A. Georgiev, The impact of Anterior cruciate ligament reconstruction on Muscle diameter: A pre and post operative comparition. Research in Physical Education, Sport and Health Vol.13 No.2 pp 115-122 (2024)

Во трудот се прикажани резултатите од анализа на 80 испитаници. Првата група (40 испитаници) се оперативно третирани со графт во облик на дупликатура од мускулите semitendinosus и gracilis, додека пак втората група (40 испитаници) се оперативно третирани со графт од semitendinosus и тоа во облик на квадрипликатура. Направените анализи на обемот на натколената мускулатура не покажа сигнификантна разлика помеѓу двата хируршки метода, но сепак ни покажа значително зголемување на обемот и кај двете групи.

4. Dr. Z.Nestorovski, Dr. Z.Vangelovska, Dr. Ana-Marija Ilieva, Pain assessment after anterior cruciate ligament reconstruction with autograft:quadrupled m.semitendinosus versus m.semitendinosus and gracilis. Arch Pub Health,Vol.15 No1(2023)

Со неодамнешниот напредок во полето на спортската медицина се вели дека техниката all-inside има помалку постоперативна болка во споредба со конвенционалната транспортна процедура. Целта на ова истражување е да се утврдат разликите во нивоата на акутната болка помеѓу пациенти подложени на оперативен третман - реконструкција на ACL со автографт на тетивата m.semitendinosus-m.gracilis наспроти автографт на тетива на m.semitendinosus.

**Кандидатот д-р Зоран Несторовски до денес ги има објавено следниве трудови:**

1. Ј. Циривири, **З. Несторовски**, Д. Домазетовски, М. Спирковски, С. Младеновски, Избор на метода за рана фиксација на фрактурите на фемур кај политрауматизирани пациенти со повреда на белите дробови, Acta Orthopaedica et Traumatologica Macedonica 2006; 4:26-30.
2. Ј. Циривири, Д. Талевски, **З. Несторовски**, Т. Вранишковски, Третман на инфицирани ендопротези на колено со примена на антибитски спејсер. Acta Orthopaedica et Traumatologica Macedonica 2014; 7:18-22.
3. Ј. Циривири, Д. Талевски, **З. Несторовски,** Т. Вранишковски, С. Перчинкова Мишевска. A two phase treatment of an infected hip endoprothesis. Прилози МАНУ, XXXVI2, 2015.
4. **З. Несторовски**, Н. Петков, Д. Талевски, Л. Коцев, Ј. Циривири. Различен пристап во реконструкција на преден вкрстен лигамент „all inside" техника. Acta Orthopaedica et Traumatologica Macedonica 2016; 8:46-51.
5. Ј. Циривири, **З. Несторовски**, С. Пашовски, М. Спиркосвки, Д. Домазетосвки. Анализа ревизије ендопротезе кука на нашем материјалу у периоду 2005-2009 год. Симпозиум ревизионе хирургије кука.Бања Лука, Р.Српска, Босна и Херцеговина, 7-9 мај 2010 год.
6. **З. Несторовски**, Ј. Циривири, Н. Петков, Л. Коцев. Reconstruction of the anterior cruciate ligament with hamstring tendons. II Balkan congress of arthroscopy,sport traumatology, and knee surgery, Ohrid, R. Macedonia, 29 september-1 ocotber 2011.
7. Ј. Циривири, **З. Несторовски,** Н. Петков, Л. Коцев. Total knee arthroplasty in surgical treatment of gonarthrosis.II Balkan congress of arthroscopy, sport traumatology, and knee surgery, Ohrid, R. Macedonia, 29 september – 1 ocotber 2011.
8. Ј. Циривири, **З. Несторовски,** Н. Петков, Л. Коцев, Д. Талевски. Total knee arthroplasty in our hospital in period 2008-2012. Treci kongres srpske ortopedsko-traumatoloske asocijacije, Zlatibor, R.Srbija, 10-13 oktobar 2012.
9. Ј. Циривири, **З. Несторовски**, Д. Домазетовски, Т. Вранишковски, Н. Петков, Д. Талевски, Л. Коцев. Shoulder hemiarthroplasty as primary management of comminuted humeral head fracture in the elderly patients. Treci kongres srpske ortopedsko-traumatoloske asocijacije, Zlatibor, R.Srbija, 10-13 oktobar 2012.
10. **З. Несторовски**, Ј. Циривири, Н. Петков, Л. Коцев, Д. Талевски, Reconstruction of the anterior cruciate ligament with hamstring tendon. Treci kongres srpske ortopedsko-traumatoloske asocijacije, Zlatibor, R.Srbija, 10-13 oktobar 2012.
11. Ј. Циривири, Д. Талевски, **З. Несторовски**, Т. Вранишковски, Л. Коцев, Two Stage Revision Surgery for Infected Hip and Knee Endoprothesis Using Antibiotics spacer. V kongres srpske ortopedsko-traumatoloske asocijacije, Beograd, R.Srbija, 13-15 oktobar 2016.

**Кандидатот е учесник и предавач на многубројни конгреси и симпозиуми во земјава и во странство од кои поважни се:**

- SOTA - III kongres, Zlatibor, октомври 2012 г.;
- 4 th Balkan congress of arthroscopy, sports traumatology et knee surgery, Novi Sad, Srbija, септември 2013 година;
- First Congress of Orthopedists and Traumatologists , Bosnia et Hercegovina, Jahorina, септември 2014 година;
- 6 th Balkan congress of arthroscopy, sports traumatology et knee surgery, Banja Luka, октомври 2015 година;
- Трет конгрес на Македонско друштво на ортопеди и трауматолози со меѓународно учество, Охрид, 2012 година;
- 8 th Balkan congress of arthroscopy, sports traumatology et knee surgery, Струга, 2017 година;
- AMOT congress, Montenegro, 2019 година;
- 3. Конгрес UOTBiH, Јахорина, БиХ, 2022 г.;
- SEEFORT – Дубровник, 2023 г.

***Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност***

**Д-р Зоран Несторовски учествувал на голем број домашни и меѓународни обуки од областа на ортопедијата:**

- ВОЕНА АКАДЕМИЈА – GATA, Анкара, Турција, април 2008, Престој - специјална обука за артроскопска хирургија на колено;
- LIVE artrhroscopy festival, Portoroz, Slovenia, септември 2009 г.;
- LIVE artrhroscopy festival, Portoroz, Slovenia, септември 2011 г.;
- Revision knee instructional course, Hamburg, Germany, септември 2010 г.;
- Specialised Topics in revision Knee Learning Centre, Hamburg, Germany, октомври 2011 г.;
- ArthroParis - Paris, France, ноември 2014 г.;
- EFFORT - European Federation of National Associations of Orthopedics and Traumatology,Nice, France, 9. конгрес на EFFORT, мај 2008 г.;
- EFFORT - European Federation of National Associations of Orthopedics and Traumatology, London, United Kingdom, јуни 2014 г.;
- AAOS – Американска академија за ортопедска хирургија, San Diego, USA, февруари 2011 г.;
- AAOS – Американска академија за ортопедска хирургија, Chicago, USA, март 2013 г.;
- EFFORT - European Federation of National Associations of Orthopedics and Traumatology, Prague, Czech Republic, мај 2015 г.;
- S2S visit – Revision Knee Surgery, primary knee surgery, mono knee surgery, Рим, Италија, ноември 2017 г.;
- „Arthrex Knee Workshop“ – Arthrolab, Минхен, Германија, 2016 г.;
- „Arthrex Knee Workshop“ – Arthrolab, Минхен, Германија, 2018 г.;
- Специјална ортопедска болница Valdoltra – Словенија, престој и обука од областа на хирургија на колено, 2008 г., 2012 г., 2016 г., 2018 г.

**Кандидатот д-р Зоран Несторовски е инструктор/консултант во следниве области од ортопедија:**

- Ендопротетска замена на колено за регионот на Југоисточна Европа, од 2016 г.;

- Уникондиларна ендопротеза на колено за регионот на Југоисточна Европа, од 2016 година;
- Инструктор за артроскопска хирургија на колено, Љубљана, 2023 г., 2024 г., 2025 г.
- Раководител на Одделение за ортопедија и трауматологија при ЈЗУ ГОБ „8ми Септември“ во Скопје, назначен во 2017 година, па се до денес.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Согласно со Законот за високо образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, Рецензентската комисија ја разгледа комплетната документација која беше доставена.

По прегледот на приложената документација, Рецензентската комисија констатира дека кандидатот д-р Зоран Несторовски во целост ги исполнува условите предвидени со позитивните законски прописи за избор во звање насловен доцент за наставно-научната област ортопедски болести. Од целокупната активност на д-р Зоран Несторовски може да се заклучи дека кандидатот остварува значителен напредок во научноистражувачката дејност. Ова го потврдуваат остварените публикации во меѓународни списанија, бројните презентации на научни и стручни собири во земјава и во странство.

Врз основа на изнесеното, Рецензентската комисија има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки **да го избере д-р Зоран Несторовски во насловно звање насловен доцент за наставно-научната област ортопедски болести.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**
Проф. д-р Јасмин Цириври, претседател, с.р.
Проф. д-р Виктор Камнар, член, с.р.
Доц. д-р Александар Трајановски, член, с.р.

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| **Р. бр.** | **Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности** | **Поени** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | **Вкупно** |
| 4. | Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор, втор автор, останати автори) ( 9/6/3) **Труд под реден број 1 - 4 прв автор** | 4 | 9 | | | 36 |
| 7. | Пленарно предавање на научен собир, музички настап на официјален концерт, учество на ликовна изложба | | | 7 | 6 | 42 |
| 9. | Учество на научен собир со реферат (постер/усно), концерт во земјава и во странство | 2x1 | 2 | 7x1,5 | 10,5 | 12,5 |
| 10. | Одбранета докторска теза | | 8 | | | 8 |
| 11. | Одбранета специјализација | | 6 | | | 6 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **104,5** |
| **Р. бр.** | **Стручно-апликативна дејност и организациско-развојна дејност** | **Поени** | | | | |
| | | **Во земјава** | | **Во странство** | | |
| | | **број** | **поени** | **број** | **поени** | **Вкупно** |
| | Поглавје од книга | | | 1 | 7 | 7 |
| 26. | Раководител на катедра/оддел/центар | | 3 | | | 3 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **10** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **114,5** |

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**
**НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА СО НАСЛОВ „КОМПАРАТИВНА АНАЛИЗА НА ПРЕДВИДЕНОТО И ПОСТИГНАТОТО ПОМЕСТУВАЊЕ НА ЗАБИ СО ПРИМЕНА НА ФИКСНИ АПАРАТИ И АЛАЈНЕРИ“, ПРИЈАВЕНА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“- ШТИП**

Со Одлука број 0206-148/7 од 30.1.2026 година, донесена на 110. седница на Наставно-научниот совет на докторски студии на Кампус 3 – Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, формирана е Комисија за оценка и одбрана на докторската дисертација со наслов **„Компаративна анализа на предвиденото и постигнатото поместување на заби со примена на фиксни апарати и алајнери“ / “Comparative analysis of predicted and achieved teeth movement using fixed appliances and aligners“**, пријавена и изработена од д-р Фадиљ Азизи, магистер по стоматолошки науки, специјалист по ортодонција, студент на трет циклус студии на студиската програма *Базични и клинички истражувања во дентална медицина,* во следниов состав:

- **проф. д-р Катерина Златановска – претседател,**
- **проф. д-р Наташа Тошеска-Спасова – екстерен ментор, член,**
- **проф. д-р Миљаим Сејдини – член**
- **проф. д-р Милка Здравковска – член,**
- **проф. д-р Цена Димова – ментор, член.**

Комисијата во наведениот состав го разгледа целокупно доставениот материјал и го поднесува следниов

**ИЗВЕШТАЈ**

1. **Анализа на трудот**

Докторскиот труд со наслов **„Компаративна анализа на предвиденото и постигнатото поместување на заби со примена на фиксни апарати и алајнери“, “Comparative analysis of predicted and achieved teeth movement using fixed appliances and aligners“** кој е пријавен и изработен од д-р Фадиљ Азизи, магистер по стоматолошки науки, специјалист по ортодонција, напишан е на 322 страници, А4 формат, 21 слики, 119 табели, 57 графикони и 169 библиографски единици. Содржината на трудот опфаќа 9 поглавја по следниот редослед: *Вовед, Преглед на литература, Цели на истражувањето, Материјал и метод, Резултати, Дискусија, Заклучоци, Додаток и Користена литература.*

Во првиот дел *Вовед*, кандидатот д-р Фадиљ Азизи потенцира дека ортодонцијата е прва призната специјалност на стоматологијата која вклучува дијагноза и третман на скелетните и забните малоклузии. Причините поради кои пациентите може да побараат ортодонтски третман вклучуваат подобрување на нивната моментална оклузија или оралната функција. Според Proffit (2012), кој е автор на водечкиот учебник за ортодонтско образование „главната причина зошто луѓето бараат ортодонтски третман е да ги минимизираат психосоцијалните проблеми поврзани со нивниот дентален и фацијален изглед“.

Ортодонтските помагала според поставеноста и делување се делат на мобилни и фиксни, активни и пасивни, моно и бимаксиларни, интра и екстраорални. Мобилните апарати не се поставуваат врз забите, туку пациентот сам ги внесува и вади од устата, што влијае на нивниот ефект и времетраење на терапијата. Фиксните апарати се поставуваат на забите, опстојуваат подолго време и пациентот не може сам да ги извади од устата. Активните апарати имаат вграден активен елемент што ги поместува забите и структурите како на пример: завртка, пружина или жичен лак. Пасивните уреди немаат вградени активни елементи, туку се управувани од моќта на активираните мускули, па затоа ги нарекуваме функционални или миофункционални апарати.

За прецизно дијагностицирање на малоклузија, ортодонцијата го усвоила пристапот базиран на проблем кој првично бил развиен во медицината. Имено, потребно е да се евалуира секој фактор кој потенцијално придонесува за етиологијата и кој може да придонесе за абнормалност или третман со ефект. Информациите се собираат преку медицинска и стоматолошка историја, клиничкиот преглед и записите кои вклучуваат модели, фотографии и радиографско снимање. Листата на проблеми се генерира од анализата на базата на податоци која содржи мрежа на меѓусебно поврзани фактори. Дијагнозата се поставува по континуирана повратна информација помеѓу препознавањето на проблемот и базата на податоци. На крајот, дијагнозата треба да обезбеди одреден увид во етиологијата на малоклузијата (Uribe et al., 2015).

Вториот дел *Преглед на литературата* ги опфаќа литературните податоци за оваа проблематика кои беа добиени со пребарувањето на базите на податоци кои имаат оригинални трудови, ревијални прегледи и епидемиолошки студии изведени во европските држави и светот, објавени на англиски јазик во базите на Scopus, Google Scholar и Pubmed во последните 50 години. Пребарувањето е изведено според клучните зборови: ортодонтски третман, алајнери, фиксен ортодонтски третман, порамнувачи, современа ортодонција. Употребени се податоци кои се однесуваат само на темата која е цел на истражувањето, како и одредени делови кои имаат за цел за дополнување на анализата.

Откога Edvard Angle го претставил својот уред со рабови во 1925 година, ортодонтските иноватори работеле на подобрување не само на неговиот оригинален дизајн, туку и на методот на прицврстување. Нашите „траки“ еволуирале од лепење во поврзување, од лабијално во лингвално и од метално во провидно. Но, како што и Angle би сакал терминологијата да се применува правилно, во секој дневната практика се уште повеќето автори го нарекуваат прстен (Wahl, 2008). Најпознато и најчесто користено фиксно ортодонтско помагало е апаратот Edgewise. Измислен е од Edvard Angle во 1928 година во Америка, по само четириесет години работа и подобрување на неговите претходни фиксни уреди - лак за проширување, клинови, туби и ленти.

Бидејќи Angle починал две години по патентирањето на апаратите, тој не успеал да ја развие неговата техниката, но затоа неговите следбеници Twed и Merifild го направиле токму тоа. Положбата на забите во забниот лак и нивното вестибуло-орално и мезио-дистално навалување било регулирано со свиткување на жичениот лак кој се вметнува во жлебовите (слот) на

брикетите (Brito et al., 2009). Kesling прв предложил употреба на секвенцијални термо формирани порамнувачи за ортодонтско движење на забите и Align Technology (Santa Clara, California, USA) во 1997 година ја развиле оваа идеја во изводлив модалитет на третман со воведување на CAD/CAM технологии, со што терапијата со *порамнувачи* или *алајнери* доживеала зголемена дифузија. Ортодонтската професија се движи со постојано растечко темпо во светот на интегрираното тридимензионално (3D) сликање. Компјутеризирана томографија со конусен зрак (CBCT) му овозможува на лекарот димензионално точна претставување на забите, структурите на вилиците и черепот, но и резолуцијата на забните коронки која се уште недостасуваше. Успехот на терапија со алајнери се потпира на некои предности како што се: естетиката, поголемата удобност на пациентот и подобрена орална хигиена, како и сочуваното пародонтално здравје во споредба на истото со фиксните апарати. Растечката побарувачка довела до подобрување на технологијата и техниката, која повеќе не е ограничена на едноставни случаи, туку е проширена исто така и на решавањето на комплексни малоклузии (Tepedino et al., 2018). Алајнерите не се само популарен естетски избор на пациентите, туку тие исто така ја олеснуваат подобрата оралната хигиена во споредба со конвенционалните фиксни ортодонтски апарати. Двата пристапа се уште не се еквивалентни од аспект на биомеханичка гледна точка (D'Alessandro et al., 2020). Терапијата со алајнери, која се состои од приспособени и отстранливи апарати е широко користена во клиничката пракса како поестетска и поудобна алтернатива на апаратите со повеќе атачмени (Macrì et al., 2023). Со текот на годините, има прогресија кон поестетски ортодонтски апарати, бидејќи технологијата дополнително напредувала, но и повеќето возрасни лица бараат ортодонтски третман.

Во третиот дел *Цели на истражувањето* најпрво се потенцира дека ортодонтската наука се движи со постојано растечко темпо во светот на интегрираното тридимензионално сликање. Компјутеризирана томографија со конусен зрак (CBCT) им овозможува на специјалистите ортодонти да имаат димензионално најточна претстава за забите, структурите на вилицата и черепот, но сепак резолуцијата на забните коронки се чини дека сѐ уште недостасува. Со респект на актуелноста на тематиката од клинички аспект, но и поткрепена со научни литературни сознанија беа поставени следните цели:

1. Да се утврди потребата за ортодонтски третман во испитуваните групи според естетската компонента (AC на IOTN индекс);
2. Да се утврди почетната состојба на малоклузијата - збиеност пред ортодонтскиот третман;
3. Да се проследи видот на поместување на забите при ортодонтскиот третман со фиксен апарат;
4. Да се проследи видот на поместување на забите при ортодонтски третман со алајнер (порамнувач);
5. Да се процени виртуелниот краен ефект на современиот ортодонтски третман со алајнер (порамнувач);
6. Да се изврши компарација на поместување на коронката и коренот на забот според степенот, видот и местоположбата помеѓу двете испитувани групи;
7. Да се регистрираат евентуални можни настанати непријатни состојби.

Врз основа на досегашните сознанија, дефинираниот предмет и цели на истражувањето беа поставени следните хипотези:

*Работна хипотеза 1.* Успехот на ортодонтски третман е во директна зависност од примената на најсоодветниот ортодонтски третман.

*Работна хипотеза 2.* Потребата и подобноста на пациентот влијаат врз изборот на видот на ортодонтскиот третман.

*Работна хипотеза 3.* Симулациската анализа го обезбедува конечниот изглед на состојбата од започнувањето на терапијата, како и при контролните прегледи на ортодонтскиот третман, со што пациентот е запознаен со крајниот ефект и резултат од предложената ортодонтска терапија.

Во четвртиот дел, за реализација на детермираните цели и хипотези д-р Фадиљ Азизи ги презентира *Материјал и методи* кои беа применети, односно беше спроведено клиничко испитување во специјалистичка ординација по ортодонција ПЗУ „АЉБИ ОРТОДЕНТ“ во Тетово, при што беа вклучени 360 заба кај 30 испитаници со малоклузија примарна збиеност. Испитаниците беа од двата пола на возраст од 14 до 16 години. За истражувањето беа подготвени прашалници и тоа за секој испитаник посебно и во кои се нотираа сите потребни параметри од методот на работа. Исто така, беа добиени индивидуални согласности од родителот/старателот на секој испитаник, при што секој испитаник беше запознаен со целите и вклученоста во ова истражување.

*Истражувачки примерок:* Во изработката на истражувањето предвидено во докторскиот труд беа вклучени вкупно 360 заба од 30 испитаници со малоклузија – примарна збиеност, од двата пола поделени во две групи од по 15 испитаници и тоа: *Прва група* – 15 пациенти или вкупно 180 заба, од двата пола кај кои ќе се аплицира фиксен апарат Dentaurum Rrooth 0,22. *Втора група* – 15 пациенти или вкупно 180 заба, од двата пола кај кои ќе се аплицира Алајнер Biolon 0,75. Кај секој испитаник беше поставена индикација за потребен ортодонтски третман според AC компонента од IOTN индексот. Пред почетокот на терапијата сите испитаници беа подложени на комплетен дентален преглед и беа информирани за текот на целокупниот ортодонски третман, како и со крајниот ефект од предложениот ортодонтски тераписки третман. *Критериуми за вклучување* беа следните: испитаници на возраст од 14 до 16 години; испитаници со присутна малоклузија - примарна збиеност; испитаници со индикација за потреба на ортодонтски третман, потоа пациентите да се способни и подготвени да соработуваат и да се согласни да ги извршат сите нотирани контролни прегледи закажани во определени термини; пациентот, односно родителот/старателот своеволно и своерачно да потпише согласност за учество во студијата.

*Критериуми за исклучување* беа следните: пациенти со секундарна збиеност; пациенти со терциерна збиеност; пациенти со скелетна направилност II и III класа по Angle и пациенти со синдроми.

Кај сите испитаници во истражувањето беа направени следниве постапки и *методи на работа*: *Земање на детална лична анамнеза; Изведување на клинички преглед; Анализа на дигитална CBCT снимка на заби; Донесување на одлука за извршување на ортодонтски третман* врз основа на естетска компонента од Индексот за потреба за ортодонтски третман (Index Treatment Need-IOTN), опишан од Bruck и Show (1989) кој е модифициран од Richmond

(1990) како метод за објективно оценување за потребата од ортодонтски третман. Овој индекс се користи и за да се процени потребата и подобноста на пациентот за ортодонтски третман во јавното здравство (Sharma et al., 2012).

*Изработка на дигитални и конечни модели на виртуелен план на третман. Дигиталните модели по третман и конечните модели* на виртуелен план за третман ќе бидат изведени од софтверот како STL-датотеки и последователно увезени во софтверот Geomagic Qualify® за да се споредат конечните позиции на забите. Разликите ќе бидат пресметани и тестирани за статистичка значајност за секој заб во мезијално-дисталните, вестибуларно-лингвалните и оклузално-гингивалните насоки, како и ангулација, наклон и ротација. *Лабораториски протокол – нарачка:* Во првиот чекор од лабораторискиот протокол ќе се направи нарачка. Во овој налог можеме да се одбере и модифицираат различни параметри.

*Дигиталниот протокол - план на терапија и дизајнирање:* Следно, податоците од скенираниот мастер модел кој е излиен со гипс (од отпечатокот земен од пациентот) се конвертира во форма на STL-фајл.

*Апликација на фиксен ортодонтски апарат* од типот Dentaurum Rroth 0,22. кај првата група, *Апликација на алајнер* (порамнувач) од типот Biolon 0,75. кај втората група, *Контролни прегледи* во првиот месец и потоа во 3 (третиот) и 6 (шестиот) месеци, како и *Статистичка обработка и анализа на податоци*.

Во петтиот дел се прикажани *Резултати* систематизирани во две потпоглавја и тоа во секое од нив постои систематизација според параметрите изразено преку табеларни и графички прикази.

Врз база на спроведената анализа се утврди дека за најголем дел од тераписки предизвиканите ортодонтски движења постои статистички значајна разлика за забите третирани со фиксни апарати и алајнери ($F=3,08$ и $p<0,05(p=0,03)$), освен за ортодонтското поместување во мезијо-дистална насока ($F=0,81$ и $p>0,05(p=0,76)$ и кај ортодонтско поместување на забите во оклузо-гингивалната насока ($F=1,72$ и $p>0,05(p=0,16)$ и во добиената ангулација во релација со почетокот од испитувањето ($F=12,93$ и $p<0,001(p=0,000)$, еден месец по третманот ($F=1,63$ и $p<0,05(p=0,01)$), три месеци по третманот и шест месеци (за $p>0,05(p=1,000)$) по третманот третирани со алајнери. $F=4,36$ и $p<0,01(p=0,005)$ постои значајна разлика помеѓу вредноста на ротација на забите во релацијата почетокот од испитувањето (To), еден месец по третманот (1 месец), три месеци по третманот (3 месеци), шест месеци по третманот (6 месеци).

Во шестото поглавје насловено како *Дискусија,* кандидатот д-р Фадиљ Азизи на суптилен и детален начин продолжува со споредбата на добиените резултати, ги коментира и објаснува, и критички се осврнува со споредба на резултатите од авторите кои се објавени за оваа проблематика, паралелно со сознанијата според достапната стручно-научна литература. Имено, ортодонтското поместување на забите се постигнува со примена на сили на забите преку специфични апарати кои ортодонтите ги избираат, поставуваат и активираат во зависност од типот на малоклузија. Забите и нивните околни потпорни ткива реагираат на овие сили со една сложена биолошка реакција, што доведува до движење на забите низ потпорните структури и алвеоларната коска. Со намалување на непознатите фактори вклучени во спроведувањето на

третманот, варијабилноста на клиничките резултати може да се минимизира. Спротивно на тоа, силите и моментите на сила генерирани во текот на различните фази на ортодонтскиот третман се регулирани со контролирани варијабли.

Повеќето фиксни уреди се дизајнирани да даваат постојани сили. Континуираната сила се дефинира како сила која се одржува во одредени интервали, осигурувајќи дека нејзиниот интензитет не паѓа под прагот неопходен за стимулирање на клеточната активност (вклучувајќи апозиција и ресорпција на алвеоларната коска) за време на ортодонтскиот третман. Овие сили се нежни, што овозможуваат постојано и униформно движење на забите во подолги периоди.

Со оваа студија успешно се пресметува квантумскиот ефект кои се постигнува при ортодонтското движење на забот во различните насоки за целосната фронтална дентиција на горната и долната вилица при користење на алајнери и при фиксен оротодонтски третман.

Ефиканост и ефективност на фиксните ортодонтски апатари наспроти алајнерите - она што може да се забележи во современата литература е разликата во контекст на тоа кој тип на ортодонтски третман, оној со помош на фиксни ортодонтски протези или оној со помош на алајнери, е подобар (поефикасен и поефективен). На почетокот мора да се напомене дека некои студии покажаа дека алајнерите не се во можност да ја третираат малоклузијата толку ефикасно како фиксните ортодонтски апарати (Djeu et al., 2005; Kuncio et al., 2007; Pavoni et al., 2011; Grünheid et al., 2017; Ke et al., 2019), додека во други не се откриени значајна разлика помеѓу двете испитувани групи (Zhankg et Lee, 2015; Hennesy et al., 2016;Gu et al., 2017, Lanteri et al., 2018).

Пред дваесетина години не беше можен никаков заклучок во врска со ефикасноста на алајнерите во третманот на малоклузиите. Сепак, развојот на техниката во комбинација со зголемувањето на бројот на спроведени студии ја истакнале хетерогеноста на достапните докази во врска со различните видови на дентални движење, со силни докази во врска со усогласувањето и нивелирањето на денталните лакови, но и на слаби докази во врска со други параметри, како што се контролата на вртежниот момент и интрузијата, каде што резултатите понекогаш се контрадикторни.

Една од првите студии за евалуација на резултатите од третманот со алајнери е онаа од спроведена во 2009 година од Kravitz и соработниците, во која вршеле споредба на ефикасноста на движењето на забите со Invisalign®. Тие добиле просечна ефикасност на третманот од 41%. Анализираните дентални движења во ова истражување биле: движења кон вестибуларно и лингвално, ротација, ингресија и регресија, мезиодистален инклинација и вртежен момент. Тие заклучиле дека најпрецизното движење кое може да се постигне со овој уред било лингвално поместување (со 47,1% просечна прецизност), а најмалку прецизно било регресијата (29,6%) и мезиодисталната инклинација (26,9%), што може да се објасни, како што истакнуваат авторите, со фактот дека Invisalign® не може да изврши вертикално влечење на забот. Овие резултати се во корелација со оние на Buschang и соработниците (2015), кои покажале дека вертикалните поместувања се најтешките движења за постигнување при третманот со Invisalign® (т.е. ингресија и регресија). Неодамнешните литературни податоци сугерираат дека алајнерите поседуваат

одредени тешкотии со специфични ортодонтски движења како што се ротациони движења, вертикални движења, добивање соодветни оклузални контакти, контрола на вртежниот момент и трансверзална експанзија и откриле дека точноста на движењето на забите (во споредба со предвиденото) со алајнерите сѐ уште се движи околу 50%. Затоа голем дел автори сметаат дека фиксните апарати се многу подобри во однос на точноста и предвидливоста на третманот (Upadhyay et Arqub, 2022).

Во еден литературен преглед објавен во 2017 година, Zheng и соработниците ги анализирале разликите помеѓу тераписките ефекти од алјнерите и фиксните ортодонтски апарати, наоѓајќи само една релевантна студија. Авторите заклучиле дека до периодот на публикување на оваа студија нема доволно докази за да се потврди ефикасноста на алајнерите во споредба со фиксните ортодонтски апарати.

Со навлегувањето на алајнерите во секојдневната стоматолошка пракса се зголемува бројот на научните истражувања и студии. Според наодите на Ke и соработниците (2019) и алајнерите и фиксната ортодонтска терапија успешно може да ги третираат различните малоклузии. Алајнерите имаат одредени предности, како што се овозможување сегментирано движење на забите и намалување на должината на третманот. Сепак, тие не се толку успешни и сестрани како фиксните протези во постигнување правилни оклузални контакти меѓу забите, регулирање на вртежниот момент на забите и обезбедување на долготрајност на постигнатите резултатите.

Терапијата со алајнерите, кои се отстранливи апарати, интензивно се користи во клиничката пракса како поатрактивна и поудобна замена за апаратите со повеќе атачмени (Macri et al., 2024). Со тековниот технолошки напредок, дојде до промена кон повеќе естетски фокусирани ортодонтски помагала, пред се поради тоа што значителен број возрасни сега бараат ортодонтски третман.

Главните предности на алајнерите вклучуваат подобрен изглед и удобност, заедно со практичноста за отстранување на алајнерите за време на оброци, ефективно четкање на забите и миење конец. Низа термопластични материјали или нивни комбинации се користат во термоформирањето на алајнерите, како што се поливинил хлорид, полиуретан, полиетилен терефталат и полиетилен терефталат гликол (Castroflorio, et al., 2023).

Алајнерите се здобија со популарност не само поради нивната естетска привлечност, туку и поради нивната способност да ја подобрат оралната хигиена во споредба со традиционалните фиксни ортодонтски апарати. Сепак, од биомеханичка перспектива, двата модалитети на третман сѐ уште не се еквивалентни (D'Alessandro et al., 2020). Терапијата со помош на алајнери, која вклучува приспособливи и отстранливи апарати, се повеќе се прифаќа во клинички услови како естетски попријатна и поудобна алтернатива на системите со повеќе прицврстувања (Macri et al., 2023). Со текот на времето, дојде до промена кон повеќе естетски попријатни ортодонтски апарати, поттикнати од технолошкиот напредок и зголемениот број на возрасни кои бараат ортодонтска нега.

Во седмото поглавје *Заклучоци* се потврдува дека врз основа на изведеното истражување може да се забележи дека адекватната ортодонтска терапија е базирана на изборот на техниката на терапијата, планирањето

на третманот и секако при проценката на ефектите од третманот. Покрај влијанието на ортодонтските аномалии и на различните тераписки активности кои се користат, мора да се нагласи потребата од индивидуален пристап при изборот на тераписките процедури. Врз основа на обработените резултати од истражувањето кои се однесуваат на видот на ортодонтското поместување на забите при ортодонтскиот третман со фиксен апарат и при ортодонтски третман со алајнер може да се заклучи дека: не постои статистички значајна разлика помеѓу вредноста на ортодонтското придвижување во мезијално-дистална насока на забите третирани со фиксен апарат и алајнер и тоа во релацијата почетокот од испитувањето, еден месец по третманот, три месеци по третманот и шест месеци по третманот; постои статистички значајна разлика помеѓу вредноста на ортодонтското придвижување во вестибуло-орална насока на забите третирани со фиксен апарат и алајнер и тоа во релацијата почетокот од испитувањето, еден месец по третманот, три месеци по третманот и шест месеци по третманот третирани со фиксни апарати и алајнери; постои статистички значајна разлика помеѓу вредноста на ортодонтските движења во оклузо-гингивална насока на забите третирани со фиксни апарати и алајнери; потоа не постои статистички значајна разлика помеѓу вредноста на ортодонтско придвижување на забите во оклузо-гингивалната насока во релацијата почетокот од испитувањето, еден месец по третманот три месеци по третманот и шест месеци по третманот третирани со фиксни апарати и алајнери.

Постои статистички значајна разлика помеѓу вредноста на ангулација на забите третирани со фиксен апарат и алајнер; не постои статистички значајна разлика помеѓу вредноста на ангулација на забите во релацијата почетокот од испитувањето, еден месец по третманот, три месеци по третманот и шест месеци по третманот, третирани со фиксни апарати и алајнери.

Постои статистички значајна разлика помеѓу вредноста на добиената инклинација на забите третирани со фиксен апарат и алајнер; постои статистички значајна разлика помеѓу вредноста на добиената инклинација на забите во релацијата почетокот од испитувањето, еден месец по третманот, три месеци по третманот и шест месеци по третманот третирани со фиксни апарати и алајнери.

Постои статистички значајна разлика помеѓу вредноста на добиената ротација на забите третирани со фиксни апарати и алајнери и тоа дека постои статистички значајна разлика помеѓу вредноста на ротација на забите на почетокот од испитувањето, еден месец по третманот, три месеци по третманот и шест месеци по третманот, третирани со фиксни апарати и алајнери.

Врз база на претходно наведеното може да се забележи дека за најголем дел од тераписки предизвиканите ортодонтски движења постои статистички значајна разлика за забите третирани со фиксни апарати и алајнери, освен за ортодонтското придвижување во мезио-дистална насока.

Резултатите од ова истражување исто така може да се однесуваат и кон подобрување на знаењето за ортодонтските и естетските ефекти од употребуваните ортодонтски процедури.

Во осмото поглавје *Додатоци* е оформена листа на кратенки, а во деветтото поглавје *Користена литература* се презентирани библиографските единици, вкупно 169, повеќето од последните 15 години.

2. **Научен и апликативен придонес**

Во согласност со поставените цели и хипотези, а врз основа на спроведениот протокол за работа, како и по извршените статичките методи на анализа и компарација, презентирани во докторскиот труд, нивната поткрепа со оригинални слики, илустрации и врз база на статистички обработените и прикажани резултати од истражувањето во оваа докторска дисертација дава за право да биде оценет со највисока оценка, особено што темата и методологијата е современа и актуелна и е иновативна технологија во ортодонцијата и денталната медицина.

Предвидените цели и хипотези во целост се според приложените цели во пријавата, како и применетата методологија за реализација на испитувањата. Начинот на прикажување и толкување на резултатите од истражувањето е оригинален и дециден, а толкувањето на резултатите објективно, коешто му дава научна и апликативна важност на докторскиот труд од д-р Фадиљ Азизи.

Направено е компарирање во поглавјето *Дискусија* и изведени се Заклучоци и препораки што се во согласност со истражувачките цели.

Докторската дисертација ја нагласува важноста на ортодонтскиот третман со фиксни ортодонтски апарати и современи средства, како што се порамнувачите кои претставуваат тренд и иновативност во ортодонтската наука.

Оригинален научен придонес дава и фактот што во литературата има малку резултати од ваков вид на споредбени и компаративни испитувања. Докторската дисертација преку заклучоците ја нагласува важноста на специфичниот индивидуален пристап и се очекува истите да имаат значаен научен придонес во ортодонцијата. За оваа проблематика се уште во светската стручна јавност многу се зборува, пишува и темата е актуелна во научните кругови.

Токму поради тоа научниот придонес на истражувањата во докторската дисертација е со намера да бидеме во чекор со времето, а очекуваме дека истите ќе предизвикаат интерес и потреба за нови истражувања на оваа проблематика.

3. **Исполнетост на законските услови за одбрана на докторатот**

Кандидатот д-р Фадиљ Азизи, магистер по стоматолошки науки, специјалист ортодонт, пред одбраната на докторската дисертација ги објавил следните научни трудови (рецензирани научноистражувачки трудови кои се резултат на истражувањата во рамките на изработката на докторската дисертација, објавени во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации):

1. Azizi Fadilj, Dimova Cena (2025) Analysis of three-dimensional tooth movement with fixed appliance and aligner treatment. Knowledge - International Journal, Scientific Papers, 69 (4). pp. 747-752. ISSN 2545-4439
2. Azizi Fadilj, Dimova Cena (2025) Assessment of tooth movement efficiency during classical orthodontic and clear align therapy. Knowledge - International Journal, Scientific Papers, 69 (4). pp. 739-745. ISSN 2545-4439
3. Azizi Fadilj, Shehapi Afrim, Dimova Cena, Zlatanovska Katerina, Naskova Sanja (2023) Teeth movement during orthodontic therapy. Journal of Dentistry Apolonia, 25 (50-51). pp. 88-96. ISSN 1409-8768 | 1857-6087(Online)

4. Azizi Fadilj, Dimova Cena, Zlatanovska Katerina, Shehapi Afrim. (2022). Temporomadibular Dysfunctions and Maloclusions. Apolonia Albanian Dental Journal, 24 (48-49). pp. 85-89. ISSN 1409-8768 | 1857-6087 (Online)

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Комисијата за оценка детално ја разгледа докторската дисертација со наслов „Компаративна анализа на предвиденото и постигнатото поместување на заби со примена на фиксни апарати и алајнери" / "Comparative analysis of predicted and achieved teeth movement using fixed appliances and aligners", пријавена и изработена од кандидатот д-р Фадиљ Азизи и донесе заклучок дека истата претставува оригинален, самостоен, прецизно дефиниран, јасно оформен научен труд со систематски разработена проблематика и оригинални резултати од областа на ортодонција, дентална медицина.

Докторската дисертација врз основа на содржината, обемот и постигнатото ниво на квалитет на научна работа ги задоволува и исполнува условите потребни за изработка на докторска дисертација.

Врз основа на тоа, Комисијата има чест да му предложи на Наставно-научен совет на докторски студии на Кампус 3 да ја прифати позитивната рецензија на докторската дисертација со наслов **„Компаративна анализа на предвиденото и постигнатото поместување на заби со примена на фиксни апарати и алајнери" / "Comparative analysis of predicted and achieved teeth movement using fixed appliances and aligners",** пријавена и изработена од кандидатот д-р Фадиљ Азизи и да одобри јавна одбрана на истата.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

Проф. д-р Катерина Златановска, претседател, Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, с.р.

Проф. д-р Наташа Тошеска-Спасова, екстерен ментор, член, Стоматолошки факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Скопје,

Проф. д-р Миљаим Сејдини, член, Медицински факултет, Универзитет во Приштина (редовен професор во пензија), с.р.

Проф. д-р Милка Здравковска, член, Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, с.р.

Проф. д-р Цена Димова, ментор, член, Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, с.р.

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**
**НА ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА СО НАСЛОВ „ВЛИЈАНИЕ НА ПОСТОПЕРАТИВНА АТРИЈАЛНА ФИБРИЛАЦИЈА ВРЗ КРАТКОРОЧНИ И ДОЛГОРОЧНИ КЛИНИЧКИ СОСТОЈБИ“, ПРИЈАВЕНА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” – ШТИП**

Со Одлука број 0206-148/3 од 26.1.2026 година, донесена на 110. седница на Наставно-научниот совет на докторски студии на Кампус 3 - Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, формирана е Комисија за оценка и одбрана на докторската дисертација со наслов **„Влијание на постоперативна атријална фибрилација врз краткорочни и долгорочни клинички состојби“ / „Impact of postoperative atrial fibrillation on short and long term clinical conditions“**, пријавена и изработена од д-р Ана Марија Тасева Василева, доктор по општа медицина, студентка на трети циклус студии на студиската програма Базични и клинички истражувања во медицината, како редовен студент со број на индекс 31172, во следниов состав:

- проф. д-р Милка Клинчева, претседател;
- проф. д-р Валентина Велковска-Накова, член;
- проф. д-р Билјана Ефтимова, член;
- проф. д-р Сашко Кедев, член (екстерен ментор);
- проф. д-р Голубинка Бошевска, член (ментор).

Комисијата го разгледа доставениот материјал и го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

Докторската дисертација која е пријавена и изработена од кандидатката д-р Ана Марија Тасева Василева претставува оригинален труд, кој согласно со програмата на третиот циклус студии на студиската програма Базични и клинички истражувања во медицината е напишан на 155 страници, А4 формат, со вкупно 38 табели, 42 графикони и 117 литературни цитати.

Содржината во трудот опфаќа 11 поглавја, организирани по следниот редослед: Вовед, Мотив и цели, Хипотези, Материјали и методи, Статистичка обработка, Резултати, Дискусија, Предности и ограничувања на студијата, Заклучок, Клиничко значење на резултатите, Литература.

Докторандот д-р Ана Марија Тасева Василева ја изработила докторската дисертација на висок професионален, стручен и терминолошки издржан начин, овозможувајќи јасна поврзаност на сите делови и прецизно образложување на реализираната истражувачка работа. Основниот концепт на истражувањето кандидатката го развива врз основа на своето клиничко искуство како специјализант по кардиологија, стекнато преку континуирана работа со пациенти и активно учество во дијагностичките и терапевтските процеси во Клиничката болница „Жан Митрев“ во Скопје.

Дисертацијата започнува со *Апстракт* на македонски и англиски јазик, кој ги сумира целите, методологијата, главните резултати и заклучоците. Овој дел овозможува брз увид во значењето и научниот придонес на истражувањето за домашната и меѓународната научна заедница.

**Воведниот дел** од докторската дисертација претставува темелно, јасно и систематски структурирано научно излагање на проблематиката поврзана

со постоперативната атријална фибрилација (ПОАФ). Воведот е поделен во 7 поднаслови. Темата е високо актуелна и клинички релевантна, со значајно влијание во секојдневната кардиолошка и кардиохируршка пракса.

Во рамките на *Воведот,* кандидатката на јасен и аргументиран начин ја прикажува дефиницијата и клиничкото значење на постоперативната атријална фибрилација, нејзината епидемиологија и преваленција, ризик-факторите за нејзина појава, како и сложените патофизиолошки механизми кои учествуваат во нејзиниот развој. Посебна вредност претставува интеграцијата на современи и релевантни научни извори, вклучувајќи водичи, големи клинички студии, систематски прегледи и мета-анализи, што укажува на високо ниво на научна информираност и критичка зрелост.

Текстот е напишан со прецизен, јасен и академски стил, со логичен тек и добра поврзаност помеѓу поединечните поднаслови. Содржината убедливо ја нагласува клиничката и прогностичка важност на постоперативната атријална фибрилација, како и нејзиното влијание врз краткорочните и долгорочните клинички исходи, со што се создава цврста теоретска основа за понатамошното истражување.

Воведниот дел во целина ја оправдува избраната тема и јасно ја поставува научната рамка на докторската дисертација, претставувајќи солидна основа за дефинирање на мотивот, целите и методологијата на истражувањето.

Делот *Мотив и цели* е јасно и логично формулиран и убедливо ја оправдува потребата од спроведување на истражувањето. Кандидатката соодветно го идентификува постоечкиот јаз во знаењето, особено во однос на недостигот од национални и регионални податоци за постоперативната атријална фибрилација, со што се нагласува научната и клиничката релевантност на студијата. Примарните и секундарните цели се прецизно дефинирани, добро структурирани и директно поврзани со современите контроверзии околу клиничкото значење и времетраењето на постоперативната атријална фибрилација.

Формулираните хипотези се јасни, логички изведени и методолошки соодветни, целосно усогласени со поставените цели и дизајнот на истражувањето. Тие овозможуваат систематска и објективна проценка на краткорочните и долгорочните клинички исходи, како и на прогностичката улога на времетраењето на постоперативната атријална фибрилација и примената на $CHADS_2$-VASc скорот.

Делот *Материјали и методи* е детално, прецизно и транспарентно разработен. Јасно е дефиниран дизајнот на студијата како ретроспективна, опсервациска, моноцентрична кохортна студија со лонгитудинално следење, со соодветно опишана студиска популација, период на вклучување и следење, како и јасни критериуми за вклучување и исклучување. Начинот на дефинирање и класификација на постоперативната атријална фибрилација, како и поделбата на пациентите според времетраењето на аритмијата, е во согласност со релевантните меѓународни критериуми.

Систематски се опфатени предоперативните, интраоперативните и постоперативните варијабли, како и раните и долгорочните клинички исходи, со јасно дефинирани методи за нивно собирање и анализа. Етичките аспекти на истражувањето се соодветно почитувани и јасно документирани. Во целина, овој дел претставува цврста методолошка основа која овозможува

валидна, репродуцибилна и клинички релевантна анализа на поставените цели и хипотези.

*Статистичката обработка* е адекватно избрана и правилно применета, во согласност со типот и дистрибуцијата на податоците. Користени се соодветни дескриптивни и аналитички статистички методи, како и регресиони и анализи на преживување, со јасно дефинирано ниво на статистичка значајност. Овој пристап обезбедува сигурна основа за проценка на асоцијациите, предикторите и клиничките исходи опфатени со истражувањето.

Делот *Резултати* е структурирано презентиран според временските периоди по операцијата: раниот постоперативен период, период до 6 недели и период над 6 недели. За секое испитување и параметар (рани и доцни компликации, ехокардиографски параметри, преживување, CHADS-VASc score) се приложени табели и графикони кои ја олеснуваат визуелната интерпретација на податоците и ја зголемуваат прегледноста.

Во овој дел постои:

1. Деталност и прецизност на податоците – Резултатите се прикажани со конкретни бројки и процентни застапености, како и со статистички индикатори (просек ± SD, медијана, IQR, OR, HR, 95% CI, p-вредности), што ја потврдува научната строгост на анализата.
2. Соодветен избор на статистички методи – За разлика од општи описи, докторантката користи Mann-Whitney U тест, Pearson Chi-square, Fisher exact test и Cox регресија, што овозможува валидна проценка на значајноста на разликите и влијанието на ПОАФ.
3. Клиничка релевантност – Резултатите јасно покажуваат дека пациентите со ПОАФ>48 часа имаат поголема зачестеност на рани компликации (ЦВИ, постоперативно крвавење, срцева слабост), пролонгирана хоспитализација и поголем ран и доцен морталитет, што е од големо значење за клиничката пракса.
4. Корисност на $CHADS_2$-VASc скорот – Примената и интерпретацијата на овој индикатор ја прикажува способноста на докторантката да го поврзе ризикот од мозочен удар со ПОАФ и постоперативниот период, иако во ова истражување скорот не се покажа како сигнификантен предиктор.
5. Прегледност на податоците за терапија – Различните видови терапија (ОАК, антиаритмици, Б-блокатори, верапамил) се прикажани систематски, што ја олеснува интерпретацијата на клиничките одлуки во различните групи пациенти.

Делот *Резултати* е строго научно изведен, детално документиран и статистички валиден. Податоците јасно укажуваат на поврзаноста на ПОАФ>48 часа со поголема стапка на компликации и поголем ризик за смртен исход, како и влијание врз должината на хоспитализацијата и клиничката слика.

*Дискусијата* се фокусира на постоперативната атријална фибрилација (ПОАФ) кај пациенти по кардиохируршки интервенции, со посебен акцент на времетраењето на епизодите (≤48 часа vs. >48 часа) и нивното клиничко значење.

1. Епидемиологија и ризик-фактори:

- ПОАФ е најчеста постоперативна аритмија, со забележан висок процент

кај пациенти по кардиохируршки операции.

- Кандидатката ја потенцира улогата на возраста, хипертензија, левокоморна хипертрофија и претходни епизоди на аритмија како предиктори за развој на ПОАФ.
- Овие наоди се во согласност со претходни големи студии, но се истакнува дека пролонгираната ПОАФ (>48 часа) носи повисок ризик од компликации.

2. Механизми на ПОАФ:

- Дискусијата објаснува дека ПОАФ е мултифакториелна, со интеракција помеѓу воспалителен процес, оксидативен стрес, електрофизиолошки промени во миокардот и нарушена автономна регулација.
- Се истакнува важноста на структурните промени на левата комора и преткоморите, особено кај пациенти со хипертрофична или дилатирана комора.

3. Клинички исходи:

- Појавата на ПОАФ >48 часа е поврзана со подолг период на хоспитален престој, зголемен ризик од повторна хоспитализација и тромбоемболични настани.
- Краткотрајната ПОАФ (≤48 часа) ретко има долгорочни последици, но се нагласува потребата од внимателно следење.

4. Терапевтски импликации:

- Дискусијата го покрива третманот со бета-блокатори, антиаритмици и орални антикоагуланти, нагласувајќи дека одлуката за антикоагулантна терапија треба да се базира на времетраењето на ПОАФ, $CHADS_2$-VASc скорот и ризикот од крвавење.
- Истакната е улогата на индивидуализирани стратегии за превенција и рана интервенција, особено кај високоризични пациенти.

5. Споредување со литературата:

- Кандидатката ги споредува своите резултати со меѓународни студии, објаснувајќи зошто некои наоди се совпаѓаат или разликуваат, со фокус на различните популации, хируршки техники и протоколи за постоперативна контрола.

6. Клиничка релевантност:

- Дискусијата заклучува дека времетраењето на ПОАФ е важен предиктор за исходите, што има директна импликација за следење, третман и превенција на компликации по кардиохируршки операции.
- Се нагласува дека навремена дијагноза и операција може да го намали ризикот од тромбоемболизам и повторна хоспитализација.

Времетраењето на постоперативната атријална фибрилација е критичен фактор за прогнозата на пациентите. Пролонгираните епизоди се поврзани со поголем ризик од компликации, што ја прави раната идентификација и индивидуализираниот третман клучни за оптимални клинички резултати.

Дисертацијата завршува со 117 цитати од литературата, што го зголемува кредибилитетот на научниот труд.

**Оригинален научен придонес:**

1. Клиничка стратификација на ПОАФ според времетраењето

- Дисертацијата ја истражува улогата на времетраењето на постоперативната атријална фибрилација (≤48 часа vs. >48 часа) како независен

предиктор за рани и долгорочни исходи.

- Ова овозможува идентификација на подгрупи на пациенти со различен ризик-профил, што претставува практичен и директно применлив клинички пристап за персонализирана постоперативна грижа.

2. Поврзаност на пролонгираната ПОАФ со повисок морбидитет и морталитет

- Докажано е дека ПОАФ >48 часа е поврзана со значително поголем ризик од ин-хоспитални компликации (мозочен удар, срцева слабост, клинички значајно крвавење), подолг престој во болница, повисока рана смртност и полошо долгорочно преживување.
- Овие наоди дополнително ја потврдуваат значајната прогностичка вредност на времетраењето на ПОАФ.

3. Преципитирачки и перзистентни фактори на ПОАФ

- Демографските карактеристики (возраст, пол), предоперативни коморбидитети (дијабетес, ХОББ, хипертензија, БМИ, ренална функција) и стандардни ехокардиографски параметри (LVEF, големина на левата преткомора, валвуларни лезии) не ја објаснуваат должината на ПОАФ.
- Ова ја истакнува улогата на интраоперативните и постоперативните механизми (воспаление, хемодинамика, структурно ремоделирање) како клучни за пролонгирана аритмија.

4. Применливост во клиничка пракса

- Резултатите предлагаат временски праг (48 часа) како потенцијален индикатор за интензивен мониторинг и персонализирани интервенции, вклучително одлуки за продолжена орална антикоагулација.
- На овој начин, дисертацијата овозможува подобра селекција на пациенти кои ќе имаат најголема корист од продолжена терапија, минимизирајќи ризик од крвавење кај пациенти со краткотрајна ПОАФ.

5. Дополнителен методолошки придонес

- Структурираната анализа на голема, кохортна популација со систематско следење на ПОАФ овозможува дополнителни докази за хетерогеноста на ПОАФ и ја зголемува практичната вредност на податоците за клиничка примена.

**Исполнетост на законските услови за одбрана на докторат**

**Taseva Vasileva, A. M.,** Klinceva, M., Bosevska, G., & Mitrev, Z. (2024). Multivessel coronary artery disease as a predictor of prolonged postoperative atrial fibrillation after cardiac surgery. Knowledge – International Journal, 73(4), 631–635.

**Taseva Vasileva, A. M.,** Klincheva, M., Boshevska, G., & Mitrev, Z. (2025). Postoperative atrial fibrillation after cardiac surgery: A review of risk factors, clinical outcomes, and management strategies. Open Access Macedonian Journal of Medical Sciences, 13(4), Article 12084. https://doi.org/10.3889/oamjms.2025.12084

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Комисијата за оценка и одбрана детално ја разгледа докторската дисертација со наслов „Влијание на постоперативна атријална фибрилација врз краткорочни и долгорочни клинички состојби" / "Impact of postoperative atrial fibrillation on short and long term clinical conditions", пријавена и изработена од кандидатката д-р Ана Марија Тасева Василева и донесе заклучок дека истата

претставува оригинален, самостоен, прецизно дефиниран и јасно оформен научен труд со систематски разработена проблематика и оригинални резултати. Докторската дисертација врз основа на содржината, обемот и постигнатото ниво на квалитет ги исполнува условите потребни за понатамошна нејзина презентација и одбрана.

Врз основа на тоа, Комисијата има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на докторски студии на Кампус 3 да ја прифати позитивната рецензија на докторската дисертација со наслов „Влијание на постоперативна атријална фибрилација врз краткорочни и долгорочни клинички состојби“ / “Impact of postoperative atrial fibrillation on short and long term clinical conditions“, пријавена и
изработена од докторандот д-р Ана Марија Тасева Василева и да одобри јавна одбрана на истата.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

Проф. д-р Милка Клинчева, претседател, Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, с.р.

Проф. д-р Голубинка Бошевска, член, ментор, Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, с.р.

Проф. д-р Сашко Кедев, член, екстерен ментор, Медицински факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј” – Скопје, с.р.

Проф. д-р Валентина Велковска-Накова, член, Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, с.р.

Проф. д-р Билјана Ефтимова, член, Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, с.р.

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**
**НА ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА СО НАСЛОВ „РАЗВОЈ И ВАЛИДАЦИЈА НА МЕТОД БАЗИРАН НА ТЕЧНА ХРОМАТОГРАФИЈА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА МЕЛОКСИКАМ И НЕГОВИ СРОДНИ СУПСТАНЦИИ ПРИ ИСПИТУВАЊЕ НА СТАБИЛНОСТ ВО РАСТВОР ЗА ИНЈЕКТИРАЊЕ“, ПРИЈАВЕНА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП**

Со Одлука број 0206-192/9 од 20.2.2026 година, донесена на 111. седница на Наставно-научниот совет на докторски студии на Кампус 3, Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, формирана е Комисија за оценка и одбрана на докторската дисертација со наслов ***„Развој и валидација на метод базиран на течна хроматографија за определување на мелоксикам и негови сродни супстанции при испитување на стабилност во раствор за инјектирање***“, на англиски јазик ***“Development and validation of a liquid chromatography-based method for determination of meloxicam and its related substances in injection solution stability testing***”, пријавена и изработена од м-р спец. Дино Карпичаров, студент на трет циклус студии на студиската програма Фармацевтски науки, како редовен студент со број на индекс 31169, во следниов состав:

- проф. д-р Марија Дарковска-Серафимовска, претседател;
- проф. д-р Биљана Ѓорѓеска, член (ментор);
- проф. д-р Јасмина Тониќ- Рибарска, член (екстерен ментор);
- проф. д-р Зорица Арсова-Сарафиновска, член;
- проф. д-р Емилија Јаневиќ-Ивановска, член.

Комисијата го разгледа доставениот материјал и го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

Докторската дисертација изработена од кандидатот м-р спец. Дино Карпичаров претставува обемен, систематски структуриран и научно заснован истражувачки труд, со јасна ориентација кон применета аналитичка методологија и релевантни аспекти на контрола на квалитет и следење на стабилноста на фармацевтските производи.

Дисертацијата е изработена на вкупно 195 страници (А4 формат) и содржи 56 слики, 44 табели, 13 равенки и 160 библиографски референци, што укажува на темелна обработка на истражуваната проблематика и широка консултација на релевантна научна и стручна литература. Структурата на трудот е јасна, логична и целосно усогласена со Правилникот за изработка на докторска дисертација на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, при што се опфатени сите задолжителни целини: вовед, преглед на литература, цели на истражувањето, материјали и методи, резултати, дискусија и заклучок. Исто така, приложен е краток извадок (на македонски и англиски јазик) со соодветни клучни зборови, уреден список на користена литература, како и листа на кратенки, со што дисертацијата во целост ги исполнува формалните и содржински барања.

Докторската дисертација е изработена целосно во согласност со образложениeто наведено во пријавата на темата. Поставените цели, избраната методологија и добиените резултати доследно ја следат првично дефинираната научна концепција, при што истражувачката работа е реализирана во планираниот обем и насока. Посебна вредност на трудот претставува интегрирањето на современи аналитички концепти, како што се аналитичкиот квалитет во дизајн (Analytical Quality by Design, AQbD), софтверски потпомогната оптимизација и систематска проценка на мерната неодреденост, што ја надградува класичната рамка на развој и валидација на аналитички методи.

Содржината на докторската дисертација може суштински да се подели на два меѓусебно поврзани и логички заокружени дела: теоретски и експериментален дел. Теоретскиот дел ги опфаќа воведот и прегледот на литература, во кои се поставува научната основа на истражувањето. Експерименталниот дел ги опфаќа целите на истражувачката работа, материјалите и методите, резултатите со дискусија, како и заклучокот, преку кои е прикажана реализацијата на истражувањето и научната интерпретација на добиените наоди.

*Воведот* на докторската дисертација е јасно структуриран, логички конзистентен и научно издржан. Кандидатот на прецизен и аргументиран начин го воведува значењето на аналитичките методи како фундаментален елемент во обезбедувањето на квалитетот, безбедноста и ефикасноста на лековите, со соодветно нагласување на улогата на течната хроматографија со високи перформанси (High-Performance Liquid Chromatography, HPLC) како доминантна аналитичка техника во фармацевтската анализа.

Во воведот убедливо се истакнува потребата од сигурно и повторливо определување на содржината на активната супстанција, како и од паралелно следење на стабилноста преку контрола на сродните супстанции и/или деградациски производи, особено кај парентералните дозирани форми. Изборот на мелоксикам раствор за инјектирање како предмет на истражување е логично и аргументирано оправдан, при што јасно се поврзуваат фармаколошките, физичко-хемиските и регулаторните аспекти со аналитичките предизвици што ги поставува ваквата формулација.

Посебно позитивно се оценува начинот на кој кандидатот ги прикажува ограничувањата на традиционалниот пристап „еден фактор во дадено време“ (One-Factor-at-a-Time, OFAT) и постепено воведува современи концепти како AQbD, дизајн на експерименти (Design of Experiments, DoE) и софтверски поддржана оптимизација. Воведниот дел успешно воспоставува јасна врска меѓу теоретската основа и целите на истражувањето, создавајќи стабилна и логична рамка за понатамошниот тек на дисертацијата.

*Прегледот на литература* во докторската дисертација е изработен систематски, методолошки уредно и со јасно дефинирана логичка структура. Кандидатот демонстрира темелно познавање на релевантна научна литература, како и на актуелната регулаторна рамка што ја уредува контролата на квалитет на лековите, вклучително и нивната стабилност и профил на онечистувања. Литературниот преглед не е ограничен на описно изнесување на податоци, туку е насочен кон создавање цврста теоретска и концептуална основа за експерименталниот дел на истражувањето.

Во почетните потпоглавја соодветно се обработуваат карактеристиките на готовиот фармацевтски производ (мелоксикам раствор за инјектирање) и својствата на активната супстанција (мелоксикам). Физичко-хемиските и биофармацевтските карактеристики се анализирани во контекст на нивното влијание врз стабилноста, растворливоста и аналитичкото однесување, при што јасно се истакнува значењето на зависноста од pH, pKa-вредностите и ниската растворливост како фактори што директно го условуваат изборот на аналитички услови. Вклучувањето на структурните и аспектите на зависноста структура-активност (Structure–Activity Relationship, SAR), како и хемиската класификација на мелоксикам како дериват на оксикам, е целосно оправдано и придонесува кон подобро разбирање на потенцијалните деградациски патишта и појавата на сродни супстанции и/или деградациски производи.

Посебна вредност претставува начинот на кој кандидатот ги поврзува карактеристиките на активната супстанција и формулацијата со аспектите на стабилност и контрола на квалитет. Ризиците од деградација се логично поврзани со потребата од примена на аналитички методи за следење на стабилност (Stability-Indicating Methods, SIMs), при што јасно се нагласуваат барањата за селективност, раздвојување и квантитативна сигурност. Делот посветен на ексципиенсите е обработен функционално и аналитички ориентирано, со правилно истакнување на нивната улога во обезбедување растворливост и стабилност, како и со разгледување на нивниот потенцијал за аналитичка интерференција. Притоа, соодветно е нагласена улогата на анализата на плацебо како елемент за потврдување на селективноста на методите.

Обработката на онечистувањата е јасна, кохерентна и целосно усогласена со релевантните водичи на Меѓународниот совет за хармонизација на техничките барања за лекови за хумана употреба (International Council for Harmonisation of Technical Requirements for Pharmaceuticals for Human Use, ICH). Направено е прецизно разграничување меѓу онечистувањата на активната супстанција и онечистувањата во готовиот фармацевтски производ, како и помеѓу специфицирани и неспецифицирани деградациски производи. Посебното издвојување и деталната обработка на онечистувањата A, B, C и D придонесува за јасно дефинирање на аналитичките цели и ја зајакнува поврзаноста меѓу теоретскиот и експерименталниот дел на трудот.

Во понатамошните делови, литературата поврзана со развојот и оптимизацијата на аналитички методи е соодветно интегрирана со концептите на AQbD. Кандидатот коректно ги воведува и објаснува клучните поими како што се: целен аналитички профил (Analytical Target Profile, ATP), целен профил на квалитет на производот (Quality Target Product Profile, QTPP), критични атрибути на квалитет (Critical Quality Attributes, CQAs), критични параметри на методот (Critical Method Parameters, CMPs), критични аналитички атрибути (Critical Analytical Attributes, CAAs) и работна област на дизајн на методот (Method Operable Design Region, MODR), при што јасно се истакнува нивната практична применливост. Особено позитивно се оценува вклучувањето на софтверски потпомогнат работен тек, базиран на DryLab® и MODDE®, што е во целосна согласност со современите регулаторни очекувања за систематски развој, управување со варијабилноста и демонстрирање робустност на аналитичките методи.

Дополнително, деловите за форсирана деградација, баланс на маса и мерна неодреденост се обработени јасно и со нагласена аналитичка логика. Вметнувањето на концептите за проценка на мерната неодреденост преку пристапите озгора-надолу и оздола-нагоре во рамките на прегледот на литература претставува значајна предност, бидејќи го поставува истражувањето во поширок контекст на доверливост, следливост и регулаторна прифатливост на аналитичките резултати.

*Целите на истражувачката работа* се јасно, прецизно и логично дефинирани и произлегуваат директно од поставената проблематика и од прегледот на релевантната литература. Главната цел на докторската дисертација е развој, оптимизација и валидација на HPLC методи за определување на содржината, односно определување на мелоксикам во присуство на неговите сродни супстанции. Притоа, оваа цел е јасно формулирана, научно оправдана и целосно остварлива.

Дополнителните цели, кои, исто така, се поврзани со примената на традиционален и пристап базиран на AQbD, интеграцијата на софтверските алатки DryLab® и MODDE®, како и со систематската проценка на мерната неодреденост, ја надградуваат основната цел и и даваат современа, методолошки напредна димензија. Ваквата поставеност на целите обезбедува јасна насока на истражувањето и овозможува добиените резултати да имаат научна, но и високо практична и регулаторна релевантност.

Делот *Материјали и методи* е детално и прецизно структуриран, при што кандидатот обезбедува јасен и транспарентен опис на применетите експериментални постапки. Изборот на хемикалии, реагенси, аналитичка опрема и софтверски алатки е соодветен на целите на истражувањето и во согласност со современата аналитичка практика.

Посебно позитивно се оценува комбинирањето на традиционалниот пристап со пристапот базиран на AQbD. Примената на DryLab® за предиктивно моделирање на ретенцијата и на MODDE® за DoE, оптимизација и проценка на робустноста овозможува систематски и рационален развој на аналитичките методи, со значително намалување на бројот на експерименти и поефикасно управување со критичните параметри.

Методолошкиот пристап за развој на изократски и градиентен HPLC метод, како и протоколите за изведба на студиите на форсирана деградација, се опишани јасно и доволно детално за да овозможат репродуктивност на резултатите. Вклучувањето на процедури за проценка на мерната неодреденост, базирани на пристапите озгора-надолу и оздола-нагоре, претставува дополнителна методолошка вредност и ја зајакнува доверливоста на добиените аналитички резултати.

*Резултатите* презентирани во докторската дисертација се обемни, систематски обработени и јасно поврзани со претходно дефинираните цели на истражувањето. Тие се прикажани на прегледен и аргументиран начин преку табеларни и графички прикази, репрезентативни хроматограми, како и преку соодветна статистичка обработка. Во рамките на евалуацијата на линеарноста, резултатите се анализирани со регресиона анализа (метод на најмали квадрати), при што зависноста помеѓу аналитичкиот одговор и концентрацијата е опишана преку равенка на регресиона права и соодветни статистички показатели, обезбедувајќи јасна и квантитативна поткрепа на линеарниот однос во испитуваниот опсег.

Кандидатот успеал да развие и експериментално да потврди два аналитички метода базирани на HPLC: изократски метод за определување на содржината на мелоксикам во раствор за инјектирање и градиентен метод за следење на стабилноста преку квантификација на сродните супстанции и/или деградациските производи на мелоксикам во истата дозирана форма. Развиените методи покажуваат соодветна селективност, чувствителност и аналитички перформанси, при што е овозможено јасно и репродуктивно раздвојување на активната супстанција од сродните супстанции и/или деградациските производи.

Посебно значајно е тоа што stability-indicating карактерот на методот е потврден преку систематски спроведени студии на форсирана деградација под кисели, базни, оксидативни и термални услови. Резултатите од овие испитувања се презентирани и квантитативно и визуелно, преку табеларни податоци за содржина и баланс на маса, како и преку репрезентативни хроматограми по секој деградациски услов, на две бранови должини. На тој начин се овозможува јасен увид во појавата или порастот на содржината на деградациски производи и се потврдува раздвојувањето во присуство на компонентите на матриксот.

Резултатите од валидацијата покажуваат дека методите ги исполнуваат релевантните критериуми за прифатливост во однос на специфичност / селективност, линеарност и опсег, точност и прецизност, граница на детекција и граница на квантификација и робустност. Во таа насока, како дополнителна вредност се издвојува деталната проценка на робусноста преку испитување на контролирани варијации на критични услови, при што резултатите се прикажани табеларно и поткрепени со соодветни статистички показатели за варијабилност.

Дополнително, значајна компонента на експерименталниот дел претставува деталната проценка на соодветноста на систем, реализирана преку шест последователни инјектирања и следење на стандардни хроматографски параметри поврзани со ретенцијата, симетријата на пикот, ефикасноста на колоната и степенот на раздвојување. Овој пристап ја демонстрира стабилноста и репродуктивноста на аналитичкиот систем и ја зајакнува довербата во добиените резултати при рутинска примена.

Конечно, резултатите се надградени со систематска проценка на мерната неодреденост, при што, во согласност со рамката на Европскиот директорат за квалитет на лекови и здравствена заштита (European Directorate for the Quality of Medicines and Healthcare, EDQM), се применети пристапите озгора-надолу и оздола-нагоре. Притоа, изворите на неодреденост се идентификувани и структурирани преку дијаграм на причина и последица, со разграничување на релевантните категории (поврзани со прецизност, точност и подготовка на раствори), што претставува јасен и методолошки коректен пристап за транспарентна интерпретација на придонесите кон вкупната неодреденост.

*Дискусијата* е напишана аналитички зрело и со јасна логична структура. Кандидатот не се ограничува само на опис на добиените резултати, туку истите ги интерпретира во контекст на современите научни сознанија и регулаторни барања. Постои јасна поврзаност меѓу резултатите од експерименталниот дел и теоретската рамка поставена во прегледот на литература, што укажува на добро разбирање на аналитичките принципи и нивната практична примена.

Посебно позитивно се оценува начинот на кој се дискутира примената на AQbD. Преку интеграција на софтверските алатки DryLab® и MODDE®, кандидатот успева да го прикаже развојот на аналитичкиот метод како систематски и предиктивен процес, а не како резултат на случајни или исклучиво емпириски оптимизации. Дефинирањето и експерименталната потврда на работната област на дизајн на методот претставуваат јасен показател за робустноста и стабилноста на аналитичките услови.

Дискусијата за проценка на мерната неодреденост дополнително ја надградува научната вредност на трудот. Примената на пристапите озгора-надолу и оздола-нагоре овозможува резултатите да се интерпретираат како интервали со дефинирано ниво на доверба, што е од особено значење во регулаторен и индустриски контекст. На овој начин, кандидатот демонстрира напредно разбирање на концептот на аналитичка сигурност и неговата улога во донесувањето на квалитетни и оправдани одлуки.

*Заклучокот* во дисертацијата претставува јасно и научно издржано заокружување на истражувањето, при што централниот акцент е поставен на интегрираниот пристап заснован на AQbD, софтверски потпомогнато моделирање и квантитативна проценка на мерната неодреденост, како ефикасна рамка за развој на робусни и регулаторно усогласени SIMs. Воедно, заклучните согледувања ја потенцираат преносливоста на воспоставената методолошка рамка и нејзината применливост како основа за развој и адаптација на аналитички методи и во други фармацевтски формулации, со задржување на научната и регулаторната конзистентност.

Посебна додадена вредност е визијата за понатамошна дигитализација на аналитичкиот развој преку интеграција на напредни алатки базирани на вештачка интелигенција и машинско учење, при што воведувањето на овие пристапи е оправдано како логично продолжување на AQbD концептот и мултиваријантното моделирање. Дополнително, се нагласува можноста за унапредување на проценката на аналитичката сигурност преку премин кон динамичка проценка на мерната неодреденост, која би се ажурирала врз основа на податоци од рутинската примена и долгорочниот мониторинг на перформансите на методот, како современ пристап за управување со аналитичкиот ризик во текот на животниот циклус на методот.

**Научен и апликативен придонес**

Оригиналниот научен придонес на дисертацијата се состои во воспоставување и практична демонстрација на интегриран работен тек базиран на AQbD, кој комбинира DryLab® и MODDE®. Притоа, DryLab® е применет за предиктивно моделирање и рационална оптимизација на градиентниот режим, додека MODDE®, врз основа на DoE, е искористен за статистичка верификација на робустноста, идентификација на CMPs и дефинирање на експериментално потврдена MODR. Со ова, методот се развива како стабилен аналитички систем во рамки на дефиниран оперативен простор, наместо како единствен сет на услови, што претставува клучна предност во однос на OFAT пристапот.

Дополнително, развиениот SIM е уверливо поткрепен со студии на форсирана деградација и баланс на маса близу 100%, со што се потврдува

способноста за сигурна детекција и квантификација на деградациските производи во присуство на компонентите од матриксот. Проценката на мерната неодреденост, применета во согласност со релевантната рамка, претставува дополнителна надградба на доверливоста и регулаторната интерпретабилност на добиените резултати.

Апликативниот придонес на дисертацијата се согледува во развојот на применлив и репродуктивен модел за развој и валидација на SIMs, наменет за рутинска контрола на квалитет и регулаторно документирање. Всушност, преку овој модел се овозможува намалување на бројот на експерименти и трошоци при развој на метод, скратување на времето потребно за оптимизација, дефинирање на научно оправдана MODR погоден за регулаторни поднесоци, олеснета, полесно оправдување на методот при инспекциски надзори и стручни проценки, како и поддршка на пристапот за управување со животниот циклус на методот и контролирано спроведување на промени во аналитичките постапки.

Примената на ваков систематски поддржан пристап има директна вредност во фармацевтската индустрија, особено во контекст на развој, валидација, трансфер и рутинска примена на аналитички методи за контрола на квалитет. Како резултат на тоа, дисертацијата не само што придонесува кон унапредување на научната методологија, туку дефинира и практично применлив модел кој може да се репродуцира и за други активни супстанции и дозирани форми.

**Исполнетост на законските услови за одбрана на докторската дисертација**

Научната релевантност и валоризација на резултатите се потврдени и преку објавени рецензирани научни трудови во национални и меѓународни списанија, како и преку учество на научни собири, што укажува на нивната препознаеност и прифатеност од пошироката научна заедница.

Ова е во согласност со исполнетоста на законските услови за пристапување кон одбрана на докторската дисертација, имајќи предвид дека кандидатот има објавени трудови кои тематски и методолошки се директно поврзани со предметот на истражување и претставуваат научна валоризација на дел од резултатите од докторскиот труд:

1. **Karpicarov, D.**, Mitrevska, I., Manchevska, B., Apostolova, P., Tonic Ribarska, J., Gjorgjeska, B. (2026). Software-Assisted Analytical Quality by Design for Stability-Indicating Method Development: Integration of DoE and Predictive Retention Modeling Using MODDE® and DryLab®. *Macedonian Pharmaceutical Bulletin*, 72(2):3–15. doi: 10.33320/maced.pharm.bull.2026.72.02.001. https://bulletin.mfd.org.mk/volumes/Volume%2072_2/72_2_002.pdf. Трудот е уредно депониран во матичниот репозиториум: https://eprints.ugd.edu.mk/37279/
2. **Karpicarov, D.**, Mitrevska, I., Apostolova, P., Arev, M., Arsova-Sarafinovska, Z., Darkovska Serafimovska, M., Dražić, B., Tonic Ribarska, J., Gjorgjeska, B. (2025). Estimation of Measurement Uncertainty Using Top-Down and Bottom-Up Approaches for Accurate Content Determination of Meloxicam in Injectable Dosage Forms. *Arhiv za farmaciju*, 75(6):493–507. doi: 10.5937/arhfarm75-63142. https://aseestant.ceon.rs/index.php/arhfarm/article/view/63142/29623. Трудот е уредно депониран во матичниот репозиториум: https://eprints.ugd.edu.mk/37126/

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Комисијата за оценка и одбрана детално ја разгледа докторската дисертација со наслов „*Развој и валидација на метод базиран на течна хроматографија за определување на мелоксикам и негови сродни супстанции при испитување на стабилност во раствор за инјектирање*", односно на англиски јазик "*Development and validation of a liquid chromatography-based method for determination of meloxicam and its related substances in injection solution stability testing*", пријавена и изработена од кандидатот м-р спец. Дино Карпичаров. Врз основа на севкупната анализа може да се заклучи дека дисертацијата претставува оригинален, самостоен, прецизно дефиниран и јасно оформен научен труд со систематски разработена проблематика и оригинални резултати.

Со оглед на научната оправданост на темата, квалитетот на применетата методологија, јасноста и релевантноста на добиените резултати, како и нивната практична и регулаторна применливост, докторската дисертација во целост ги исполнува условите за јавна одбрана. Според тоа, Комисијата има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на докторски студии на Кампус 3 да ја прифати позитивната рецензија на докторската дисертација на кандидатот м-р спец. Дино Карпичаров и да му дозволи пристапување кон јавна одбрана на истата.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

Проф. д-р Марија Дарковска-Серафимовска, претседател, Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, с.р.

Проф. д-р Биљана Ѓорѓеска, член и ментор, Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, с.р.

Проф. д-р Јасмина Тониќ-Рибарска, член и екстерен ментор, Фармацевтски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Скопје,

Проф. д-р Зорица Арсова-Сарафиновска, член, Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, с.р.

Проф. д-р Емилија Јаневиќ-Ивановска, член, Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, с.р.

**Р Е Ц Е Н З И Ј А**
**НА ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА СО НАСЛОВ „АДХЕРЕНЦИЈА КОН ТЕРАПИЈАТА СО ЛЕКОВИ КАЈ ПАЦИЕНТИТЕ СО ХРОНИЧНИ БОЛЕСТИ – ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА, ИНТЕРВЕНЦИИ И БАРИЕРИ“, ПРИЈАВЕНА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП**

Со Одлука број 0206-192/5 од 20.2.2026 год., донесена на 111. седница на Наставно-научниот совет на докторски студии на Кампус 3, Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, формирана е Комисија за оценка и одбрана на докторската дисертација со наслов ***„Адхеренција кон терапијата со лекови кај пациентите со хронични болести – имплементација, интервенции и бариери“***, односно на англиски јазик **“*Medication adherence in patients with chronical diseases – implementation, interventions, and barriers*”**, пријавена и изработена од м-р фарм. Линдита Алиага, студентка на трет циклус студии на студиската програма Фармацевтски науки, со број на индекс 31189, во следниов состав:

- проф. д-р Катарина Смилков, претседател;
- проф. д-р Даринка Ѓоргиева Ацкова, член (ментор);
- проф. д-р Зорица Наумовска, член (екстерен ментор);
- проф. д-р Марија Дарковска-Серафимовска, член;
- проф. д-р Елена Дракалска-Серсемова, член.

Комисијата го разгледа доставениот материјал и го поднесува следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

Докторската дисертација изработена од кандидатката м-р фарм. Линдита Алиага претставува детален, систематски структуриран и научно базиран истражувачки труд, со јасна ориентација кон добивање информации во реално време за познавањата, разбирањето и имплементацијата на адхеренцијата кон терапијата со лекови меѓу пациентите со хронични болести во Косово, како и за идентификација на најсоодветните интервенции за подобрување на истата, од перспектива на здравствените работници и перспектива на пациентите.

Дисертацијата е изработена на вкупно 114 страници (А4 формат) и содржи 8 слики, 15 табели, 4 прилози и 107 библиографски референци, што укажува на темелна обработка на предметот на истражување и опсежен преглед на релевантна, научна литература до најнов датум. Структурата на трудот е концизна, логична и целосно усогласена со Правилникот за изработка на научни трудови на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, при што се опфатени сите задолжителни поглавја: вовед, преглед на литература, цели на истражувањето, материјали и методи, резултати, дискусија и заклучок. Исто така, приложен е апстракт (на македонски и англиски јазик) со соодветни клучни зборови и уреден список на користена литература, со што дисертацијата во целост ги исполнува формалните и содржински барања.

Согласно со поставените цели, кандидатката има дизајнирано студија и спроведено истражување согласно со методологијата на работа, почитувајќи ги етичките начела и користејќи соодветни статистички методи за обработка на

резултатите. Добиените резултати се прикажани во дескриптивна, табеларна и/или графичка форма, а интерпретацијата и толкувањето на истите се научно поткрепени.

Во првото поглавје, насловено како *Вовед*, кандидатката, ја дефинира адхеренцијата кон терапијата со лекови како клучна компонента за ефективното управување со болестите, особено кај хроничните состојби што бараат долгорочна фармакотерапија. Наведува дека меѓународните искуства покажуваат дека слабото придржување кон терапијата со лекови придонесува за прогресија на болеста, дополнителни компликации, неизбежни хоспитализации и значителен финансиски товар врз здравствените системи. Во Косово, како локација на која е спроведено истражувањето, адхеренцијата кон терапијата со лекови останува недоволно проучено поле, под влијание на социо-економските ограничувања, ограничената здравствена писменост на пациентите, фрагментираните здравствени услуги и несоодветните и ненасочените национални здравствени политики. И покрај критичната улога на професионалците од областа на здравството, меѓу кои лекари, фармацевти и медицински сестри, недостасуваат стандардизирани алатки, дигитална инфраструктура и координирани стратегии за следење, поддршка и унапредување на адхеренцијата кон терапијата со лекови. Кандидатката истакнува дека токму затоа, разбирањето на перспективите на давателите на здравствени услуги, пациентите и институционалните претставници е од суштинско значење за развојот на специфични и одржливи решенија.

Второто поглавје, *Преглед на литературата*, дава детален приказ на моменталната состојба во Косово споредено со состојбите во другите земји од Западен Балкан, но и пошироко во Европа и во светот. Кандидатката наведува дека Косово, како земја со транзициски здравствен систем, се соочува и со ограничувања на ресурсите и со организациски реформи, што обезбедува специфичен контекст за истражување на адхеренцијата кон терапијата со лекови. Кандидатката наведува дека и покрај напорите за подобрување на пристапот до примарната здравствена заштита и промовирањето на рационалната употреба на лекови, предизвиците како што се недоследните синџири на снабдување со фармацевтски производи, ограниченото советување на пациентите, слабиот континуитет на грижата и ниската здравствена писменост, продолжуваат. Понатаму, наведено е дека во Косово недостасуваат робусни национални податоци за придржување кон терапијата со лековите, со малку механизми за следење, проценка или спроведување на интервенции во голем обем. Ова ограничување ја попречува способноста на креаторите на политиките во здравството и здравствените професионалци да дизајнираат ефикасни стратегии засновани на докази кои се справуваат со основните причини за непридржување кон терапијата со лекови. Направен е и детален преглед на методите за мерење/определување на адхеренцијата кон терапијата со лекови и можностите за преземање на интервенции за подобрување на истата. Во многу региони во развој, вклучувајќи го и Западниот Балкан, преваленцијата на хроничните заболувања продолжува да расте, предизвикана од промените во животниот стил, стареењето на населението и ограничениот пристап до превентивна здравствена заштита. Ова сценарио ја нагласува итната потреба од континуирано следење, имплементација на ефикасни стратегии за лекување и подобрена едукација на пациентите за управување со болестите и

придржувањето кон терапијата со лекови, што всушност, како што наведува кандидатката, е основната мотивација за спроведување на истражувањето во рамките на нејзината докторска дисертација.

Во продолжение се дефинирани целите на истражувањето, односно основната цел - да се процени адхеренцијата кон терапијата со лекови меѓу пациентите со хронични болести во Косово преку испитување на ставовите, практиките и предизвиците кај пациентите со хронични заболувања, здравствените работници (*анг.* Healthcare professionals, HPs) и креаторите на клучни мислења (*анг.* Key Opinion Creators, KOCs). Како дополнителна цел на основната, истражувањетро е насочено и кон идентификување на системските бариери и празнините во здравствената политика и професионалната практика, како предложување на практични и интервенции засновани на докази за подобрување на адхеренцијата кон терапијата со лекови на клиничко, популационо и институционално ниво во Косово.

Во поглавјето *Материјали и методи*, кандидатката го елаборира дизајнот на студијата. Применет е комбиниран, пресечен дизајн на студија составена од три дела, со цел да се обезбеди сеопфатно разбирање на адхеренцијата кон терапијата со лекови. Развиени се три структурирани и културолошки адаптирани прашалници – за пациенти со хронични заболувања, за здравствени професионалци (фармацевти и лекари, HPs) и за институционални претставници - креатори на клучни мислења (KOCs). Методите и материјалите кои се користени во студијата се детално опишани, опфаќајќи ги сите фази од истражувањето. Податоците се собирани помеѓу април и декември 2024 година. Квантитативните податоци се анализирани со дескриптивна и инференцијална статистика, додека квалитативните податоци се обработени преку тематска анализа според рамката на Браун и Кларк составена од шест чекори. Добиено е етичко одобрување за спроведување на студијата од Етичките комитети на вклучените институции и во Косово и во Северна Македонија. Сето ова ја прави студијата со цврсти методолошки основи, репродуцибилна и применлива и кај други групи на испитаници.

Во поглавјето *Резултати*, м-р Линдита Алиага систематски и јасно ги прикажува добиените резултати од истражувањето согласно со однапред определените цели. Овде кандидатката, добиените резултати од структурираните анкетни прашалници и тоа од вкупно 101 здравствени работници, 100 пациенти со хронични заболувања и 15 KOCs кои учествуваат во истражувањето, ги презентира прегледно групирани во три посебни дела:

- Дел I: Резултати од анализата на анкетниот прашалник за креатори на клучни мислења (KOCs),
- Дел II: Резултати од анализата на анкетниот прашалник за здравствени работници (HPs), и
- Дел III: Резултати од анализата на анкетниот прашалник за пациенти со хронични заболувања.

Во Дел I, квалитативните сознанија од KOCs, кандидатката ги обработува во шест централни теми: (1) Мултидисциплинарно вклучување во управувањето со адхеренцијата кон терапијата со лекови. Обработувајќи ги одговорите на испитаниците на Q3 од анкетниот прашалник, кандидатката ја нагласува повеќеслојната природа на адхеренцијата кон терапијата со лекови, што бара придонес од различни здравствени работници, вклучувајќи лекари,

фармацевти, медицински сестри и здравствени работници од сродни области. Како индикативен пример, ја презентира изјавата на Учесникот 12: „Зборуваме за соработка, но во реалноста, секоја посебна здравствена професија си работи одделно". (2) Недостаток на национални политики и стандардизација; Во оваа тема кандидатката ги опфаќа одговорите на прашањето под број 4. Одговорите укажуваат дека, иако повеќето КОСs се свесни за непостоењето на специфични национални протоколи, мнозинството сепак се потпираат на индивидуални иницијативи и општи или меѓународни препораки за справување со непридржувањето кон терапијата со лекови кај пациентите во Косово. Кандидатката коментира дека овој недостаток на структурирана здравствена политика одразува слични празнини забележани и во други земји со ниски и средни приходи, каде што придржувањето кон терапијата со лекови често е деприоретизирано и покрај нејзиното критично влијание врз јавното здравје. (3) Слаби системи за следење и известување, вклучувајќи недостиг на функционален дигитален здравствен информациски систем; (4) Технологијата како можност и бариера, во зависност од дигиталната писменост и достапноста; Оваа тема кандидатката ја обработува преку анализа на одговорите на Q10, каде посочува дека технологијата и иновациите играат клучна улога во подобрувањето на адхеренцијата кон терапијата со лекови, бидејќи тие нудат поддршка во реално време за пациентите, го олеснуваат следењето на информациите и овозможуваат ажурирање и анализа на податоците за придржување кон терапијата. Сепак, според дадените одговори, улогата на технологијата се појавува и како олеснувач и како бариера. Испитаниците го признаваат потенцијалот на мобилните апликациите за помош, апликациите за потсетување и известување, како и дигиталните здравствени платформи за поддршка на пациентите, особено кај помладата популација. (5) Системски и социо-културни бариери, вклучувајќи ниска здравствена писменост кај пациентите и ограничена доверба во фармацевтите; (6) Приоритетни интервенции и долгорочни цели; Во оваа тема кандидатката ги синтетизира одговорите на прашањата 8, 9 и 13. Во однос на најсоодветните потенцијални интервенции за подобрување на адхеренцијата на пациентите кон пропишаните терапии, според мислењето на КОСs, ги акцентира директните консултации и советувања, редовните прегледи и контролни следења, упатувањето кон постојните програми за усогласеност со терапијата, броењето таблети, користењето апликации или дигитални потсетници и вклучувањето на семејството. Исто така нагласува дека изборот на интервенција треба да биде приспособен на специфичните потреби на пациентот и достапните ресурси, земајќи ги предвид факторите како што се возраста, коморбидитетите, мотивацијата за придржување кон терапијата, како и персонализираното советување, поедноставени режими на дозирање, рутински контроли, дигитални потсетници и посилна институционална координација. Генерално, се истакнува дека, иако здравствените професионалци се мотивирани, системските ограничувања го отежнуваат конзистентното спроведување на стратегиите за поддршка на адхеренцијата.

Во Дел II од резултатите, презентирана е анализата на анкетниот прашалник наменет за групата HPs. Меѓу испитаниците во групата HPs, мнозинството се фармацевти кои работат во јавни аптеки, што ја рефлектира структурата на здравствениот систем во Косово. Повеќето здравствени

професионалци (82,18%) изјавиле дека даваат сеопфатни инструкции на новодијагностицираните хронични пациенти, иако помал број (71,29%) одржуваат конзистентно советување во текот на контролните посети. Како најзастапени хронични заболувања идентификувани се хипертензијата и дијабетес мелитус (65%). Исто така, посочени се општата група на кардиоваскуларни заболувања, како и други хронични заболувања како што се респираторни заболувања (вклучувајќи астма), обезност, канцер, ментални нарушувања, остеоартритис, ревматски заболувања и гастроинтестинални заболувања (20%). Помал број (15%) заземаат болести на тироидната жлезда, хиперлипидемија и стоматолошки и орални заболувања. Во однос на видовите и фреквенцијата на интервенции што ги користат здравствените работници за поддршка на адхеренцијата кон терапијата со лекови кај пациентите со хронични заболувања во Косово, податоците укажуваат на значителни варијации. Најчесто користената стратегија е индивидуална консултација, при што 38% од испитаниците ја користат многу пати, а само 1,1% никогаш не ја користат, што ја прави најдоследно применет пристап. Прегледот на лековите, исто така, покажува честа употреба, при што 31,5% ги користат понекогаш и 22,8% многу пати, а само мал процент (3,3%) никогаш не ги применуваат. Брошурите или летоците се користат умерено, при што 25% ги користат понекогаш и 16,3% барем еднаш, иако 10,9% никогаш не ги користат, што укажува дека некои здравствени работници сè уште се потпираат на пишани материјали, но во помала мера отколку директната интеракција со пациентите. Телефонските повици или потсетниците се користат помалку интензивно, при што повеќето одговори се распределени во делот повремена употреба: 13% ги користат двапати, 16,3% понекогаш и 12% никогаш, што укажува на мешано ниво на ангажман со овој метод. Од особена загриженост е што значителен процент (35,9%) од испитаниците навеле дека „не преземаат ништо“ за да го подобрат придржувањето кон терапијата со лекови кај своите пациенти, што може да рефлектира ограничено време, ресурси или свесност за ефикасните стратегии за зголемување на адхеренцијата. Категоријата „Други“, исто така, покажува разновидни примени, што укажува дека може да има дополнителни методи специфични за контекстот или иновативни методи во употреба, иако не се универзално усвоени. Како многу важно прашање од анкетниот прашалник за HPs за конечниот исход од ова истражување, кандидатката го наведува прашањето бр. 15 „Дали моментално постојат насоки, упатства или протоколи за адхеренција кон терапијата со лекови во Косово и кои од нив ги следите за справување со непридржувањето кон терапијата со лекови?“. Повеќето испитаници, 64% одговориле со „не“, нагласувајќи дека не се информирани за постоењето на специфични упатства, водичи или протоколи во врска со адхеренција кон терапијата во Косово. Еден мал дел, 4% од испитаниците изјавиле дека нема специфични домашни протоколи и дека главно се користат меѓународните упатства, како што се оние од Европската агенција за лекови (EMA), регистарот на лекови, медицински клинички протоколи или брошури со информации. Мал број испитаници, 16% одговориле со „да“, наведувајќи го постоењето на некои протоколи и упатства, но без секогаш да ги именуваат. Еден дел од испитаниците, 16% од нив, воопшто не одговориле на ова прашање. Анализата на овие одговори укажува дека справувањето со непридржувањето кон терапијата со лекови во Косово во голема мера се базира на индивидуални

дејствија и општи или меѓународни упатства, додека наменските национални протоколи остануваат нејасни или непознати за повеќето здравствени работници.

Дел III ги опфаќа резултатите од анализата на анкетниот прашалник за пациенти со хронични заболувања. Резултатите од анкетата покажуваат дека дијабетесот (19%) и хипертензијата (15%) се најчесто пријавувани хронични состојби кај испитаниците. Други значајни состојби вклучуваат хипотироидизам (13%) и Хашимотова болест (11%), што одразува значајни здравствени проблеми поврзани со тироидната жлезда во примерокот. Мускулно-скелетни нарушувања, вклучувајќи артритис (8%) и ревматоиден артритис (6%), исто така биле релативно чести. Поретки состојби, од кои секоја зафаќа приближно 2–4% од примерокот, вклучуваат остеопороза, дислипидемија, бубрежна инсуфициенција, дијабетична нефропатија, псоријаза, депресија, бубрежна инсуфициенција, Бехчетова болест, епилепсија, канцер на дојка и остеоартритис. Времетраењето на хроничната болест кај испитаниците исто така значително варира, почнувајќи од 1 до 17 години, со просечно времетраење од 5,4 години (SD = 2,85). Мнозинството испитаници користат перорални форми на лекови, при што повеќето учесници (47%) земаат три различни орални лекови дневно. Помал дел од испитаниците изјавиле дека земаат еден лек (18%), два лека (12%) или четири лекови (18%), што ја истакнува преваленцијата на полифармација во примерокот. Мал број од испитаниците (5%) изјавиле дека користат инјекциони форми, што укажува дека инјекционите форми се користат поретко во споредба со оралните. Генерално, наодите сугерираат дека учесниците ги управуваат своите хронични состојби со употреба на повеќе различни лекови дневно, нагласувајќи ја важноста на внимателното управување и следење на лековите за да се промовира придржувањето и да се минимизира ризикот од потенцијални интеракции со лекови. Мнозинството испитаници (71%) изјавиле дека не земаат други лекови освен оние што се пропишани за нивната примарна хронична болест. Помал дел од учесниците изјавиле дека користат лекови без рецепт (23%), како што се OTC лекови или додатоци во исхраната, додека 6% навеле дека користат дополнителни други лекови на рецепт. Резултатите од одговорите на прашањето бр. 7 покажуваат дека испитаниците го посетуваат својот лекар за консултации поврзани со нивната хронична состојба помеѓу 1 и 6 пати годишно, со просек од 2,8 посети годишно (SD = 1,20). Варијансата од 1,43 одразува умерена варијабилност во фреквенцијата на посети кај испитаниците. Овие наоди сугерираат дека, иако повеќето испитаници се вклучуваат во редовни здравствени контроли, фреквенцијата на посети варира, потенцијално поради разлики во сериозноста на болеста, придржувањето на пациентот кон терапијата или пристапот до здравствените услуги. Прашањето под бр. 8 (Кој ви ги дава информациите за вашите лекови?) е со повеќекратен избор (опции: доктор/фармацевт/мед. сестра/друго), на кое огромното мнозинство од испитаниците, 91 пациент, одговориле дека добиле информации за своите лекови од својот лекар, 82 пациенти добиле информации за своите лекови од својот фармацевт, додека помал дел, само 9 пациенти, добиле информации од страна на медицинска сестра. Релативно ограничениот придонес од медицинските сестри укажува на можност за зајакнување на едукацијата на пациентите преку поддршка од медицинските сестри, што

би можело дополнително да го подобри придржувањето кон терапијата со лекови и разбирањето од страна на пациентите. Во врска со прашањето бр. 12, испитаниците ги идентификувале индивидуалните консултации лице в лице (43%) и информативните брошури или летоци (42%) како најсоодветни интервенции предводени од фармацевти за подобрување на придржувањето кон терапијата со лекови. Помалку учесници ги сметале потсетниците преку телефонски повици (12%) или мобилните апликации (3%) како ефикасни алатки. Овие наоди укажуваат дека личната интеракција и јасните писмени упатства се претпочитаните методи за поддршка на придржувањето кон терапијата кај пациентите со хронични заболувања. Генерално, пациентите покажуваат различни степени на знаење и придржување кон терапијата со лекови, при што социо-економските предизвици, вклучувајќи ниски приходи, недостаток на здравствено осигурување и ограничен пристап до услуги, негативно влијаат врз адхеренцијата кон терапијата со лекови.

Во следното поглавје, *Дискусија*, кандидатката на разбирлив, детален и научно-базиран пристап ги толкува добиените резултати и ја објаснува нивната поврзаност. Истовремено, ја споредува и толкува релевантноста на резултатите во контекст на нивното влијание врз квалитетот на животот кај пациентите и подобрувањето на контролата на болеста. Овде кандидатката ја истакнува итната потреба од координиран, повеќеслоен одговор на непридржувањето кон терапијата со лекови меѓу пациентите со хронични болести во Косово и затоа многу важен дел од студијата се препораките кои истата ги дава и насочува кон сите вклучени учесници. Презентирани се посебни препораки и предлози за можни иницијативи за подобрување на адхеренцијата кон терапијата со лекови и тоа насочени кон националните институции вклучени во здравствениот систем, здравствените работници (лекари и фармацевти), како и кон академските институции и професионалните тела.

Во поглавјето *Заклучок* кандидатката нагласува дека адхеренцијата кон терапијата со лекови меѓу пациентите со хронични болести во Косово е под влијание на комплексна интеракција на индивидуални, клинички, структурни и социо-културолошки детерминанти. Потенцира дека иако здравствените професионалци покажуваат силна посветеност на едукацијата на пациентите, нивните напори не се адекватно поддржани од националните политики, дигитални системи или во институционални рамки. Подобрувањето на адхеренцијата бара мултидисциплинарен пристап којштo интегрира дигитални здравствени иновации, интерпрофесионална соработка, пациент-центрирана едукација, поедноставени терапевтски режими и развој на национални упатства приспособени на здравствената средина во Косово.

**Научен и апликативен придонес**

Непридржувањето кон терапијата со лекови од страна на пациентите е сериозен јавно-здравствен проблем во светски рамки. Постојат бројни меѓусебно поврзани објаснувања за истото. Кандидатката м-р Линдита Алиага преку својата студија прави обемно и сеопфатно истражување кое е прво од ваков тип на територијата на Косово, што уште повеќе ја зголемува неговата научна и апликативна важност.

Преку систематска и детална обработка на добиените резултати, кандидатката успева да покаже дека придржувањето кон терапијата со

лекови се зголемува со употреба на помагала/апликации за подобрување на адхеренцијата, соодветна иницијатива, мотивација и поддршка, дури и ако едукацијата на пациентите е примарен фактор за подобрување на придржувањето кон терапијата со лекови. Во рамките на параметрите на нивната пракса, во контекст ги поставува и давателите на здравствени услуги, особено лекарите и фармацевтите, кои утврдуваат реално остварливи методи за подобрување на придржувањето кон терапијата со лекови, што на крајот ќе ги подобри терапевтските резултати. Секако, неминовно ја вклучува и последната алка која недостасува во овој процес - политиките и стратегиите на национално ниво кои преку имплементација на препораки, водичи и добри практики ќе ја овозможат крајната цел – подобро справување и менаџирање со хроничните болести.

Оваа докторска дисертација претставува прво систематизирано истражување од ваков тип спроведено на територијата на Косово, фокусирано на конструкција на структурирани прашалници за три различни групи на испитаници. Прашалниците се конструирани на англиски јазик, што го зголемува и значењето на студијата во меѓународен контекст. Научниот придонес на дисертацијата се огледува и во формулираните препораки кои произлегуваат од направеното истражување, чиешто имплементирање не само што ќе ги подобри терапевтските исходи за пациентите со хронични состојби, туку и ќе ја зајакне ефикасноста на националниот здравствен систем. Најважниот придонес на оваа студија е што дава насоки како да се изгради чекор-по-чекор програма за развој на интервенции за подобрување на адхеренцијата кон терапијата со користење на соодветна теоретска рамка, со фазен пристап кон тестирање на процесот (таргетирање на проблемот), интегрирање на проценката на резултатите на местото, како и потребата од индивидуализиран пристап (центриран кон пациентот).

**Исполнетост на законските услови за одбрана на докторската дисертација**

Научната релевантност и валоризацијата на резултатите на оваа докторска дисертација се потврдени и преку објавените рецензирани научни трудови во меѓународни списанија, учеството на кандидатката на научни собири и во земјава и во странство, што укажува на нивната препознаеност и прифатеност и од пошироката научна заедница. Во согласност со исполнетоста на законските услови за пристапување кон одбрана на докторската дисертација, кандидатката има објавени трудови кои тематски и методолошки се директно поврзани со предметот на истражување од докторскиот труд:

1. **Aliaga L.**, Aliaga A., Smilkov K., Naumovska Z., Serafimovska Darkovska M., and Gjorgieva Ackova D. (2025). Improving medication adherence: A review of assessment methods and interventions. International Journal of Innovative Research and Scientific Studies, 8(3), 2896-2905. https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/35971 (Scopus Indexed, Q3)
2. **Aliaga L.**, Aliaga A., Smilkov K., Naumovska Z., Serafimovska Darkovska M., and Gjorgieva Ackova D. (2025). Medication Adherence in Kosovo - Healthcare Key Opinion Creators’ Perspective. Hygiene, 5(4), 52. https://doi.org/10.3390/hygiene5040052 https://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/36770 (Scopus Indexed, Q2)

### ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Комисијата за оценка и одбрана детално ја прегледа докторската дисертација со наслов „*Адхеренција кон терапијата со лекови кај пациентите со хронични болести – имплементација, интервенции и бариери*“, односно на англиски јазик “*Medication adherence in patients with chronical diseases – implementation, interventions, and barriers*”, пријавена и изработена од кандидатката м-р фарм. Линдита Алиага. Врз основа на севкупната анализа, може да се заклучи дека дисертацијата претставува оригинален, самостоен, прецизно дефиниран и јасно оформен научен труд со систематски разработена проблематика и оригинални научни резултати.

Со оглед на научната оправданост на темата, квалитетот на применетата методологија, релевантноста на добиените резултати, како и нивната практична применливост, докторската дисертација во целост ги исполнува условите за јавна одбрана.

Според тоа, Комисијата има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на докторски студии на Кампус 3 да ја прифати позитивната рецензија на докторската дисертација на кандидатката м-р фарм. Линдита Алиага и да дозволи пристапување кон јавна одбрана на истата.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

Проф. д-р Катарина Смилков, претседател, Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, с.р.

Проф. д-р Даринка Ѓоргиева Ацкова, член и ментор, Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, с.р.

Проф. д-р Зорица Наумовска, член и екстерен ментор, Фармацевтски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, с.р.

Проф. д-р Марија Дарковска-Серафимовска, член, Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, с.р.

Проф. д-р Елена Дракалска-Серсемова, член, Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, с.р.

**ПРЕГЛЕД**
**на прифатени теми за изработка на докторски трудови од Наставно-научниот совет на докторски студии на Кампус 3**

| | Број и датум на Одлука за прифаќање на темата | Назив на темата | | Име и презиме на ментори | Име и презиме на студент |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| ФМН | 0206-192/6 од 20.2.2026 г. | Дијагностичка и прогностичка улога на глобалната левокоморна деформација кај пациенти со хроничен коронарен синдром | Diagnostic and prognostic role of global left ventricular deformation in patients with chronic coronary syndrome | Проф. д-р Валентина Велкоска- Накова, интерен ментор; проф. д-р Љубица Георгиевска-Исмаил, екстерен ментор | Христина Чамовска-Шешоска |
| | 0206-192/8 од 20.2.2026 г. | Серумски нивоа на витамин Д и нивна корелација со метаболните параметри кај возрасни обезни пациенти | Serum Vitamin D levels and their correlation with metabolic parameters in adult obese patients | Проф. д-р Биљана Ѓорѓеска, интерен ментор; проф. д-р Светлана Цековска, екстерен ментор | Теодора Маринова |
| | 0206-192/4 од 20.2.2026 г. | Улога на физикалната терапија и кинезитерапија кај пациентите со изгореници од пожарот во Кочани | The role of the physical therapy and kinesitherapy at patients with burns from Kocani's fire | Проф. д-р Ленче Николовска, интерен ментор; проф. д-р Ивона Станковиќ, екстерен ментор | Никола Костадинов |